## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 ноември 2000 година

Седницата се одржа во салата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јордан Бошков, Слободан Косев и Ванчо Горгиев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници во Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на претресот по начело по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

За збор се јави господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дозволете на почетокот на сите православни христијани да им го честитам денешниот голем христијански празник Митровден (Аплауз).

Сакам на почетокот да изразам еден мал револт и резигнација, бидејќи имам чувство дека некако се брза во Парламентот ден побрзо, односно минута побрзо да се заврши со оваа тема и да поминеме на некои други законски проекти.

Ако се има предвид фактот дека расправаме, за една огромна сума на пари, како треба да се распределат за оваа година и што треба да се стави како резерва за идната фискална година, тогаш мораме сите да прифатиме дека не треба да брзаме, туку треба со сила на аргументи да кажеме што е што и на некој начин да се чуе гласот на опозицијата, доколку имаме право на тоа, да се земаат предвид сите релевантни фактори и показатели, што ги изнесуваме овде и во една поразумна и порелаксирана атмосфера, ослободена од меѓу партискиот набој да излеземе од оваа ситуација, која премиерот ја нарече: "слатки солзи", мислам дека тоа беше "синдром на слатки солзи".

Дозволете ми на почетокот да дадам еден мал теоретски вовед, бидејќи гледам дека министерот за финансии пристигна, на оние кои не се економисти да им станат некои работи појасни, од теоретски аспект, да видиме зошто попречните мислења, дали е добро, или лошо да се има буџетски суфицит, или буџетски дефицит и тоа на некој начин, да го подведеме под сите досегашни економски теории, кои што ја третираат оваа многу важна и битна материја.

Секоја економска теорија и во развиените и во средно развиените и во неразвиените земји укажуваат на фактот дека структурата на секој Буџет е условена од примената на извесни правила, кои се конципираат, кои укажуваат, како се конципираат, и на крајот на краиштата, како се трошат парите во прибраните Буџети на државите. За да одговори на својата намена, секој Буџет мора да биде конципиран, односно составен и на крајот извршен, согласно одредбите, односно одредени правила, односно одредени технички правила и согласно овие теоретски укажувања кои правила важат при конципирање, составување и при трошење на буџетските средства, секоја држава во своето буџетско законодавство, тие постулати и начела на конципирање на буџетите, ги нормира со најразлични закони, законски акти, а со тоа, тие теоретски претпоставки ги преточува во практиката. Така е се надевам, и со нашата држава, а тоа што значи. Тоа значи дека секоја актуелна влада, пред почетокот на фискалната година, ги седнува своите експертски тимови и согласно глобалните, јавни потреби и согласно севкупната економска политика, што е зацртана во рамките на владината политика, поднесуваат буџетска иницијатива, која подоцна се преточува во конкретни бројки, кои бројки ја одразуваат севкупната предвидена, прогнозирана јавна потрошувачка. Кога седнуваат овие експертски тимови, задача на сите оние, кои што го составуваат буџетот, е со најголема можна прецизност да ги утврдат потребите од расходите, со кој ќе се финансираат вкупните потреби на државата, како и да ги лоцираат можните извори на средства, кои ќе го овозможат непреченото финансирање

на јавната потрошувачка, а со тоа и самото функционирање на таа држава. Обично при тие проценки, постојат досега во теоријата две познати методи, како тоа се прави.

Прво, директната или непосредна метода на оценување, што е многу битна за нас, бидејќи мислам од искуството, од овие десет години правење на Буџет во Република Македонија и кај нас се применува.

Има уште една метода, која не е предмет на денешнава расправа, бидејќи не влијае врз она што ни се случи со суфицитот во оваа фискална година. Оваа година, на непосредно проценуваше, кога ги третира бројките на расходната страна, обично ги земаа потребите на државата, а како репер и послужуваат последните бројки, од последната фискална година.

Во земји како што е нашата, како што Буџетот се донесува на почетокот на фискалната година, доста е прагматично и практично да се употребува оваа метода и со голема прецизност и точност да се предвидат сите потребни средства, што ќе овозможат непречено финансирање на јавните потреби, т.е. функционирање на самата држава.

Тука имаме еден мал проблем, за кој мислам дека и во нашата држава е проблем, а тоа е, дека имаме перманентна појава, тие што предлагаат, колку средства да им се обезбедат за непречено функционирање, во текот на наредната фискална година, обично ги преувеличуваат своите потреби за своите ресори, по една позната формула, да се бара секогаш повеќе, за да се добие колку што треба.

Меѓутоа, оние експертски тимови, кои што работат на оваа материја и кои се искусни во тоа, обично ги предвидуваат севкупните потреби со голема прецизност и на крајот по оваа метода ги исфрлаат потребните бројки за непречено функционирање на државата.

Во делот на приходите, според оваа метода, имаме исто така слободна оценка на финансиските, економските, социјалните состојби во државата и согласно тие состојби и врз база на реализираните приходи од последната буџетска година, кои треба да се корегираат, водејќи сметка за разни фактори, како што се на пример индекс за пораст или на пад на производството, трговскиот биланс, процентот на вработеноста или невработеноста, или воопшто, ако се има предвид дека ќе се менува фискалниот систем, како што кај нас настана битна промена во регулативата околу наметнување на нови фискални давачки од 1 април оваа година, т.е. воведувањето на ДДВ.

Како што спомнав на почетокот овој метод во земјите каде што буџетската фискалната година почнува на 1 јануари, а Буџетот се донесува непосредно пред почетокот на годината, т.е. во декември е метода која со голема прецизност и сигурност гарантира дека нема да дојде на крајот на таа фискална година до драстични отстапувања, дали тоа ќе биде во правецот на формирање на дефицит, или во правец на формирање на суфицит.

Втората метода или таканаречена метода на автоматско проценување не би ја елаборирал, бидејќи не е ни многу значајна за нас, и не одиме по таа метода.

Почитувани колеги, зошто ова го говорам од теоретски аспект. Го говорам да се сфати дека во секоја нормална држава, секоја монетарна власт, има задача да направи избалансиран Буџет и на Парламентот да му поднесе таков избалансиран Буџет, кој не би имал на крајот на таа фискална година драстични отстапувања ниту нагоре ниту надоле. Говорам за да се сфати дека овие методи на предвидувања, се алфа и омега на секоја фискална власт во државата, чија крајна цел е да дојде до посакуваното ниво на избалансираност на Буџетот во државата, што значи од една страна строго да се води сметка за нивото на јавната потрошувачка, која ако излезе од контрола во идни рамки навистина би делувало погубно врз севкупните економски состојби во државата, а од друга страна да води сметка за најоптималното даночно оптоварување на даночните обврзници т.е. да води сметка за стандардот на сопствените граѓани. Овие методи се битни и суштински затоа што за разлика од традиционалните концепти во економската теорија познати, каде што Буџетот имаше атрибут само на финансиско административна мерка во државата, и на политички инструмент модерниот современ Буџет покрај овие атрибути содржи уште една а тоа дека тоа е и економски акт на државата. Улогата на новиот Буџет во новите држави, во современите држави е тој да битно влијае и врз севкупните економски текови во тековната година или планирано и на подолг период. Значи со собирање на даноците јавната потрошувачка од друга страна, државата битно влијае врз производството, потрошувачката, инвестициите, цените, стандардот на населението и.т.н. и.т.н. Затоа господине министер, ако добро го пратевте овој теоретски дел, на крај памет не треба да ви

падне да излезете сега на крајот на годината со концепт на новиот Буџет за 2001 година и да ни понудите таква некоја оптичка мамка каде што крајот на фискалната 2001 година би ја завршиле со дефицит или суфицит, сеедно од цели 27%, бидејќи ако и тоа го направите во континуитет ги потврдувате само вашите лоши проценки и предвидувања и сте лоши проценители и прогнозери на фискалните состојби во државата.

Зошто ова го говорам. Го говорам од проста причина, бидејќи до крај треба да се поминуваме на некој буџетски принципи, кои треба да се почитуваат ако сакаме да имаме позитивни ефекти врз севкупните економски состојби и во финансиската и во социјалната сфера.

Кои се тие принципи кои треба како алфа и омега да ни бидат при составувањето на Буџетот и при трошењето на буџетските средства.

Од повеќето принципи би спомнал само два кои очигледно во текот на оваа фискална година не се испочитувани. Тоа е принципот на реално предвидување и принципот на буџетската рамнотежа. Досега економската теорија се надевам дека и отсега ако не вториот принцип на буџетска рамнотежа, меѓутоа, првиот принцип, принципот на реално предвидување го смета за една од златните постулати на таканаречените здрави финансии. Се што отскокнува од овој принцип на реално планирање, се работи за држава која е влезена во фаза на нездрави или болни финансиски текови.

Тука пред се мислам на драстично отстапување од планираните како овој пат 27% нагоре или 27% суфицит. Во економската теорија има автори, докинс и поскинсијанците кои на различен начин го третираат поволното влијание на суфицитот и на дефицитот. Меѓутоа, кога говорат дали е поволен суфицит за развој на севкупната економска состојба во државата или кога зборуваат за суфицит дали е поволен или не е поволен за севкупните економски токови, пред се мислат на едни нормални отстапувања од 3 до 5% од планираното во претходната година. Бидејќи секоја нормална монетарна власт почитувани пратеници, на почетокот има своја доктрина и на почетокот власта монетарна на Парламентот му предлага да освои Буџет со одредени цифри, дали тој ќе биде дефицит или суфицит, зависи од многу други економски параметри, кои се констатирани, пред носењето на тој фискален документ во државата, а во никој случај неможе да стане збор за напамет предлагање на Буџет, кој ќе има инкорпорирано цифри кои говорат и алудираат на дефицит, а на крајот на годината да завршиме со суфицит од 27%.

Во историјата на финансиите имало и вакви примери, значи не сме прва земја која направила ваков еден чуден потег на почеток на фискалната година да го поднесе врвниот акт за финансирање на потребите на државата т.е. Буџетот пред Парламентот, со предвидувања дека ќе имаме недостаток на средства од 4 милијарди денари и дека за толку 4.033 милиони денари ќе се задолжиме во странство, да би на крајот на фискалната година имаме една обратна ситуација и наместо тој недостаток од 4 милијарди денари, да имаме суфицит од тоа што како нашата Влада сега се фали пред целокупната македонска јавност дека остварила суфицит од 27%.

Овие вакви промашувања се правени досега од две причини. Некои влади на своите парламенти им поднесувале вакви буџети, прво од политички причини, сакајќи Владата пред Парламентот кој е надлежен да ја контролира работата на Владата и на крајот да ја менува или да ја бира, значи од политички причини пред Парламентот сака севкупната буџетска состојба и севкупната финансиска состојба да ја прикаже во еден многу поубав колорит, од фактичката која постои во државата. И другите се од тактички причини, на пример поднесувани се исто во одредени парламенти од страна на нивните влади вакви буџети како нашиот оваа година што го разгледуваме од тактички причини на странските кредитори, да им се сугерира импресивноста на кредитната способност на државата, бидејќи еве ние направивме се во текот на таа фискална година да сториме и да прибереме толку и толку повеќе средства така да пред странските кредитори својата кредитна способност за враќање на обврските да ја прикажат во едно подруго светло отколку што е фактичката, што е конкретен случај и кај нас сега.

Меѓутоа, господа пратеници и господине министер, овие две причини поради кои се поднесуваат вакви лажни буџети пред парламентите на државите, како што е поднесено ова и пред Македонскиот Парламент, се иманентни само на некои да не се изразам грубо, на некои незрели држави. Инаку неможе да стане збор во нормални демократски држави да се изразам со вокабуларот на пример, да се удираат вакви четки пред Парламентот. Значи едно да ви поднесеме на крајот на

годината, друго да ви дадеме на усвојување. Ако ова не била вашата цел да го излажете Парламентот на почетокот на фискалната година, имајќи го однапред фактот дека уште во првиот квартал, т.е. со почетокот на вториот квартал од 1 април имаме битна промена во фискалната сфера каде што воведуваме еден данок кој сам по себе како механизам е даночен полицаец и се грижи по автоматизам да ги собира приходите, што не беше својствено за претходникот негов данокот на промет, тогаш вие сигурно при конципирање на Буџетот за 2000 година сте имале проблем или со финансиската или со стопанската статистика во државата, кои на некој начин овозможуваат по аналитички пат да се дојде до извесни точности при предвидувањата, ако се користи она прво спомната моја метода што ја говорев овде.

Ако се земе предвид дека при конципирање на Буџетот за 2000 година, не е испочитуван до крај и принципот на рамнотежа, тогаш сме сведоци дека нашата економија сега се соочува со огромни проблеми.

Ако рамнотежата претставува, ако рамнотежата е претпоставка за стабилни пари, заштита на куповната моќ на населението, тогаш неизбалансираниот Буџет, тука зборувам и за дефицитот и за суфицитот мора да имаат негативен одраз врз севкупните текови во репродукцијата, како што и сме сведоци, а подоцна и низ некои цифри ќе го потврдам тоа дека ди ние си ги имаме тие проблеми денеска во Македонија.

Како економист ако ме прашувате јас не сум подржувач на тие ортодоксни финансии, кои на рамнотежата во Буџетот гледаат како на алфа и омега. Пред се сум застапник на оние тези дека дозволени се и благи дефицити и благи суфицити значи за некои циклични буџети да се формираат, меѓутоа, сето тоа во смисла и во функција на постигнување на севкупна економска рамнотежа во стопанството. Меѓу тоа, како пратеник од опозицијата морам да спомнам дека ако се прави едното или другото мора да се има фискална доктрина, и мора фискалната власт во државата да знае на почеток што сака и што бара. Значи однапред треба да му каже на Парламентот дека оваа фискална година ќе одиме со суфицит мал, голем и.т.н. од тие, тие и тие причини. Или ако го конципира дефицитот како предлог до Парламентот истото тоа треба да го каже. Неможе значи ад хок овде да одлучуваме во една ситуација кога ни било нудено едно како економска мерка и на крајот да резултира со сосем друг финансиски резултат. Затоа пожелно е ова да се зема како препорака и составување и конципирање на Буџетот за 2001 година, Владата врз основа на сите валидни параметри за тековните економски движења да ни каже овде дали е за урамнотежен Буџет и дали ќе ја протежира таа доктрина, дали е за благ дефицит или како тој благ дефицит ќе се покрие на крајот на фискалната година. Дали е за благ суфицит и како тој суфицит ќе се употреби на крајот на фискалната година или е пак за некој супер суфицит како што е овој остварен од цели 27% во оваа фискална година да ние овде како пратеници седнеме и студиозно ги разгледаме тие предлози на Владата и одлучиме во име на народот како ќе се трошат и од каде ќе се трошат и од каде ќе се собираат тие народни пари. Затоа што госпoда пред малку спомнав нема ниту една, ама баш ниту една нормална фискална власт во сите држави на светот, без разлика дали се работи за неразвиени, средно развиени или високо развиени земји, каде што фискалната власт однапред нема определена доктрина дали ќе се определи, на пример за теоријата на циклични буџети, дали на компензаторски буџети, дали на избалансирани буџети и.т.н. и.т.н. да не спомнувам има уште многу тука некој доктрини.

Пред малку спомнав и сакам да повторам тука малу да полемизирам со излагањето на господинот министер, од вчера што беше овде од оваа говорница искажано.

Господинот министер спомна во своето излагање во вид на реплика, или незнам како беше во полемика вчера овде.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Дека од десет години Словенија четири години имаше суфицит, во Естонија три пати, во Хрватска и Литванија два пати, Полска, Чешка, Бугарија, Словачка и.т.н. и.т.н. Вели би сакал да ви прочитам еден краток цитат од угледниот неделник "Ди економист" каде се наведува дека дотолку многу државите одат кон суфицит што веќе се намалува издавањето на бројот на државни обврзници. Тука ја кажав онаа историска мисла на Џимс Кардвил кој вели дека порано сакав, доколку постои реинкарнација, да се реинкарнирам во претседател или папа, но сега сакам да се реинкарнирам во пазарна обврзница. Алудирајќи на тоа дека преку суфицитите се намалува обемот на издадени обврзници кои ги покриваат дефицитите во одредени земји.

Меѓу тоа г-дине министер, вие ако живеете во Америка ќе имавте право не да

го цитирате само со една реченица Џимс Кардвил, требаше цел реферат да читате за него кој и каков е. Се враќате на она што претходно го говорев дека секоја држава зависно од степенот на економски развој, зависно од својата материјална база, зависно од својот развиен финансиски пазар има своја доктрина. Ако се вратите на периодот на Кимс и посткензијанците ќе видите дека тие протежираа перманентни суфицити во буџетот, за решавањето на проблемот на полната вработеност. Сега САД се на друго ниво од сопствениот развој. Друго е нивото на нивната материјална база, на многу повисоко ниво се, друго е новото на развиените финансиски токови во таа држава. Овие држави од рангот на Америка, можат да си го дозволат и тој луксуз да протежираат перманентни суфицити во својата држава. Меѓутоа, кога ќе си го дозволат тој луксуз тие на почетокот на фискалната година го кажуваат тоа. Господа конгресмени, вели министерот за финансии таму, оваа година ќе имаме толку и толку суфицит за да на крајот направиме пласмани во воената индустрија да покриеме такви и такви дубијози што се направени во текот на нивната фискална година. Значи, однапред фискалната власт му кажува на Парламентот со која доктрина, еве сега да го потврдиме министерот *со* доктрината на Џимс Кардвил кој е советник на г-динот Клинтон во оваа област во САД.

На крај да го признаете тоа што јас ви го велам дека сепак Америка не е земја која ја подржува доктрината на перманентни суфицити, вие сами потврдивте дека истиот тој автор вели дека на овој начин до 2013 година ќе се покријат дефицитите. Јас ќе ви цитирам уште 100 автори ако сакате кои сеуште имаат битно влијание врз економијата на САД, кои цврсто се држат на посткензијанскиот период каде дефицитот го сметаа дека е благопријатен за решавање на проблемите на вработеноста. Има автори кои велат без разлика колкав е дефицитот, добрите влади треба да се занимаваат со проблемот на вработувањето и намалувањето на процентот на невработени.

Меѓутоа, да не се расправаме за овие теми сега, бидејќи сме далеку од она ниво на кое се наоѓа американската економија и да правиме некоја паралела и да споредуваме дека тоа било добро и за нас и ние од денеска па натаму да имаме доктрина во фискалната сфера на перманентни суфицити во нашата економија.

За нашето стопанство какво што е никакво во моментот, за нашиот кредибилитет пред светските финансиски институции, за стабилноста на нашите пари, за стабилноста во социјалната сфера и обезбедување на социјален мир во моментот постои, г-дине министер, тоа треба да го сфатите, само еден единствен развиен метод на финансирање на јавната потрошувачка, а тоа е применета на традиционалниот принцип на буџетска рамнотежа. Ние не можеме, бидејќи немаме природни економски механизми, кои во од би ги пеглале сите девијантни појави во економијата што ќе ни се појавуваат, како што се маханизмите во САД или во една Германија, освен однапред да си предвидиме што сакаме оваа година да потрошиме и што сакаме да земеме од џебот на народот, за да државата со некој минимум функционира. Тоа е препорака за ниво на развиеност од нашата земја и на сите врвни економисти кои се актуелни во оваа област и оваа сфера во светот.

Што ни се случи оваа година? Од лошите проценки, од лошите предвидувања, од непочитување на одредени принципи или од помислата Владата да си обезбеди сигурност со воведувањето на данокот на додадена вредност, ни се случува пораст од 27% на планираните приходи, што во теоријата е познат како некоја теорија за супер суфицит и деновиве читајќи некои лекции што сум ги учел порано на факултет, да се потсетам, сретнав дека ваков супер суфицит е постигнат во Првата петолетка во Советскиот сојуз и тоа повторно со доктрина, намерно, бидејќи имале намера да финансираат од народните пари што ги собираат во Буџетот, во воената индустрија, затоа што била истрошена за време на Втората светска војна. Значи, непосредно по Втората светска војна е направен ваков супер суфицит кој е намерно направен, а не непланирано направен, повторувам, е сретнат во една единствена земја.

Што беше причината кај нас ова да се случи, би сакал да прокоментирам, никому не е јасно. Кои се последиците, нам ни е јасно, со тоа што еден голем дел т.е. опозицијата и народот ги чувствуваат последиците и ги признаваат, а од друга страна власта не ги признава последиците од една вака лошо конципирана буџетска политика за оваа фискална година.

Прво, ве прашувам г-дине министер дали, кога седнавте на крајот на 1999 година да го конципирате Буџетот, теоретски гледано при буџетската иницијатива имавте концепт да се оствари суфицит. Јас бев истиот пратеник и кога ми го поднесовте видов дека во концепцијата имате

недостаток на средства од цели 4 милијарди денари и велите дека тоа ќе го направите со премостување не на државни обврзници, туку задолжување во странство со странски кредити.

Дали на почетокот кога седнавте, ако знаевте дека ефектите од воведување на ДДВ ќе бидат позитивни, во секој случај сите го знаеме и ако се земат стенограмите нема ниту еден пратеник ниту од позицијата кој опонираше дека ДДВ е полош данок како фискална мерка од данокот на промет како негов претходник. Ако го знаевте тоа, дали знаевте зошто ви е тој суфицит. Или брзо на крај на година многу транспарентно до целокупната јавност пуштате порака каде ќе се употребат овие средства и се фалите колку сте собрале.

Дали ви беше некоја стратегија на почетокот или доктрина и дали тоа во некоја теоретска рамка од овие што претходно ги говорев можат да се вклопат. Има циклични буџети, стабилизаторски, буџети, компензаторски буџети и.т.н., или ви беше руската доктрина по Втората светска војна на суфицит.

Јас мислам дека не ви беше ни едното ни второто, ни третото ни четвртото едноставно г-дине министер мора да си признаете дека се работи за непланирано, а слетствено на тоа и неосновано буричкање по џебовите на граѓаните на РМ дали директно или преку оданочување на фирми и преку покачување на цената на нивните производи за вградениот данок, исто буричкање во џебот на граѓаните.

Олеснителна околност за вас од оваа преголема цифра непланирано реализирана е она што ве прашав на Комисијата за финансирање и буџет.

Вие требаше да станете и пред Парламентот да кажете и пред целокупната јавност колку оваа бројка е обременета со неадекватни износи кои не се пари на буџетот. Тоа е системот на присилна наплата во време на еден тиранин што го имавте во Управата за јавни приходи порано, тоа треба да го објасните кој со кој процент учествува и како метод што извесен период по неговото заминување остана во Македонија, со начинот или ќе платиш претходно бил во право или не бил во право или ќе одиш во затвор.

Второ, да кажете кое е салдото во севкупната цифра на ДДВ кој е уплатен во Буџетот, а буџетските обврзници или немаат храброст, се преплашени од вас како од "баба рога" да ги побараат назад сопствените пари кои ги следуваат по закон или некои кои се по солидни фирми, поликвидни фирми ги чуваат за вториот круг компензации, што значи дека не влегуваат како реален износ во оваа фискална година за трошење.

Исто така од денот на воведување на трезорскиот систем на РМ треба да кажете дека и фондовите се финансираат преку Буџетот т.е. и оние фондовски средства што порано одеа директно во фондовите, сега одат во Буџетот, а свесни сме само дека еден фонд на една фирма, вчера мислам дека Гошев го спомна тоа, должи цели 20 милиони ДМ што многу транспарентно изминатите месец дена се пишуваше во јавноста и упорно затоа што директорот е политични неподобен не му се плаќаат тие средства. Значи и такви износи кои се спорни влегуваат во овие бројки од 200 милиони долари. Значи и такви спорни цифри влегуваат во севкупниот износ што сега го крчмите во Македонија.

Бидејќи пред малку спомнав, сега ќе потенцирам и ќе се обидам со неколку цифри да ги поткрепам овие мои тези. Вака изненаден суфицит не само што ни прави среќа, туку ни прави големи несреќи и големи дисторзии во целокупното стопанство. Како рефлексија на сите овие непланирани собрани приходи и испумпување на стопанството и џебот на граѓанинот, а преку тоа намалување на целокупната побарувачка во РМ, истоштување на купувачот, ние сме затекнати во ситуација каде цели 32,4 милијарди или цела милијарда ДМ е внатрешниот долг на фирмите спрема фирми. Тоа беше потенцирано од неколку души, но не е на одмет да се спомне, бидејќи никаде не слушнав да се каже дека не е загрижувачки што е милијарда, бидејќи основицата, јас сум свесен дека била голема и 1999 и 1998 и 1997 година. Меѓутоа, бељата е голема што во трендот на раст натаму продолжиме со позитивен тренд на зголемување на севкупната задолженост на РМ. Како поткрепа на ова го кажувам со испумпување на овие средства за цели 25% е зголемена неликвидноста на стопанството од периодот 9.1999 година до 9.2000 година. Значи, за цели 25%. Во истиот тој период за цели 17,7% се зголемени приливите на буџетските сметки, што значи г-дине министер само на оваа теза да дискутираме можеме со денови и на крај да се потврди она правило каде вие по дефиниција каде сте пес чувар на државната благајна се претворате во директор на политичка потрошувачка. Овие 17,7% зголемување на сметките на

буџетските корисници, тоа значи зголемување на стандардот на буџетските корисници, дали се работи за плати, што го признавате и во образложението на Буџетот, дека има пробивање на плати кај буџетските корисници или се работи за купување на некоја опрема што е во интерес на сите граѓани. Меѓутоа, во секој случај се работи за пробивање на јавната потрошувачка.

Исто така во истиот период блокирани се жиро сметките на вкупно 23.209 фирми каде лебот го вадат вкупно 130 илјади работници или повеќе од половината вработени лица во РМ што значи 23 илјади фирми со вкупно 130 илјади вработени не можат најнормално да го одвиваат процесот на репродукција, а визави тоа најнормално да си ја заработуваат онаа плата за која од 7,00 часот одат на работа, а се враќаат поручек во 16,00 часот. 38,7% од фирмите нередовно земаат плата и за тоа имате некои предвидени средства да се санираат овие состојби и таа плата доцни повеќе од три месеци кај 37,8% од фирмите.

Внимавајте на овој податок господа пратеници. Вкупната не покриена загуба на фирмите на крајот на 2000 година се предвидува дека ќе биде 60 милијарди денари, бидејќи сега е вкупната непокриена загуба 57 милијарди денари што значи цели 2 милијарди марки што споредено со тековната добивка е за 11 пати поголема. Значи, 11 пати е поголема загубата од добивката. Ние овде сега врз основа на овие цифри ние можеме да мафтаме со разно разни папири дека имаме 200 милиони ДМ, меѓутоа, вие сте сега директор на политичка потрошувачка, вие не сте успеале да станете чувар на државната благајна имајќи предвид дека тоа се пари на народот и дека исклучиво овој Парламент е овластен да ви дозволи тие пари и да ги соберете и да ги потрошите.

Исто така господа пратеници импозантна е цифрата на скоро 80 илјади семејства под социјална заштита. Ние се фалиме дека собравме пари да ги заштитиме овие 80 илјади семејства. Овие податоци се од вашата статистика, ние не правиме никаква статистика. (Оваа реченица ја кажа одговарајќи на прашањето, кој ги направи, од страна на еден пратеник од место). Од прагот на основните егзистенцијални потреби се скоро 70% од домаќинствата во РМ и овде е загрижувачко, не е загрижувачко како цифра, туку трендот што за цели 9% од минатата година е пораснат овој број на семејства кои се под прагот на животната егзистенција.

Вчера со еден мој пријател од пратеничката група разговаравме на оваа тема дека треба еднаш да се разбереме, ова не се избори, ова не е политика, ова е чиста економија и цифри и ако се сфатат некои работи да се применат барем во 2001 година да ги немаме овие проблеми сите ќе бидеме посреќни. Тој ми кажуваше дека како деца кога учеле дека земјата е округла и се врти околу сонцето, му кажувале на некој стар човек, тој ќе не убиеше велејќи дека земјата е плоча. Ако ние продолжиме на тој начин да толкуваме дали земјата е округла или плоча навистина немаме излезни решенија. Немајќи никакви доктрина да соберете адекватно пари колку што и треба на оваа држава, а остатокот да го оставите на народот во џебовите за да се зголеми куповната моќ на народот или кај фирмите, бидејќи во принцип политичарите се лоши дистрибутери на пари од стопанствениците и менаџерите потоа ќе се навратам и на тоа, вие сте виновни за сите овие состојби што ги набројувам. Ако е виновна опозицијата кажете виновна е, меѓутоа, опозицијата е виновна ако прекутела. Бидејќи се јавно кажуваме, ние ја переме таа вина од нас, да не ја носиме на нашата совест. Бидејќи, немајќи ја таа фискална доктрина на почетокот на годината што сакате да постигнете на крајот на годината, ние како економија сме доведени на ова дереџе, а вие г-дине министер мислам дека имате само една теорија каде што по она познато од Реслер одданочувањето го сфаќа како уметност гуската да се искубе што повеќе и да се искубе со што помалку гракање. Значи, вие удривте по народот, те со ДДВ, те со покачување на цените на дериватите, еднократно, те со еднократно покачување на цената на електричната енергија, со покачување на цената на поштенските услуги и секое домаќинство од четири члена, како што една добра математика изведе мојот колега Никола Поповски, во првиот ден на говорот за близу 400 до 500 ДМ го оданочивте џебот на народот само за 2000 година. Еве од каде се парите. Тоа е просечно инаку да не зборуваме за оние семејства кои имаат коли, кои трошат бензин, кои пушат цигари, кои пијат малку повеќе алкохол и.т.н.

Меѓутоа, мислам дека поминати се времињата на вулгарните економии кога владите сопствениот народ го сметале како гуска од која и натаму ќе скубат од перјата, а народот ќе ќути. Ако тоа досега не ви е познато, треба да се навратите на овие два

циклусни избори од како сте дојдени на власт, ќе видите што ви се случи и 1999 на претседателските избори и 2000 на локалните избори. Само тој момент е правиот доказ и показ што мисли народот за својата народна или не народна власт што е на чело.

Во една ваква ситуација каде македонската економија навистина скоро ја доведуваме во една безизлезна ситуација. Имаме директни последици на несреќни, разнебитени граѓани кои во одредени моменти, а ова ќе го потврдам и со факти, веќе ја губат основната смисла на егзистирање, бидејќи читам некоја статистика од полиција колкав е бројот на самоубиства во РМ е двојно покачен од минатата година.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Тоа не е случајно. Смејте се вие таму колега, да не ви го спомнувам името, ќе се лутите, меѓутоа ќе ви ги дадам да ги прочитате тие податоци. Од истите тие информации познато е дека расте бројот на маргинализираните категории во општеството. Ние се судруваме со гол факт дека Македонија се полека и полека станува, меѓутоа сигурно станува општество на невработени лица, вработени кои не земаат плата, на лица гладни, питачи, гатачи по улиците, на лица наркомани, проститутки и.т.н. Господине Петровски, не се случува сега се. Ве спомнав, да ми реплицирате. Не се случува сега. Трагедијата што сиве овие појави имаат нагорен тренд на движење. И ако со тоа се фалите дека се што е поголемо е и поубаво, еве има некои работи кои се поголеми, а не се поубави. Затоа треба да се замислиме на севкупните состојби и многу овде да не мавтаме со овие хартии и пред пратениците и пред народот и на ум да не ни паѓа помислата дека со вакви финансиски резултати на државата можеби утре нам не ќе ни требало и преговори со Меѓународниот монетарен фонд и со Светската банка. Немојте да ве лаже умот, уште еднаш тоа да го изјавувате, затоа што ако слушнат можат и да се налутат, демек ако не ви требаме, не ви доаѓаме, а се поставува битно прашање ако ги прекинеме тие преговори како ќе се санира падот што е направен во меѓународната трговија т.е. во трговскиот и платниот биланс со цели 580 милиони долари. Исто што е трагично, не е од вчера, меѓутоа исто и тој проблем има нагорен тренд. Да не зборувам сега натаму дека имаме огромни проблеми со растот, поточно со падот на инвестициите, дека имаме драстично на домашната акумулација, претходно спомнав колку пати е поголема загубата од тековната добивка на фирмите во Македонија, дека полека, но сигурно се доведуваат во прашање натамошните процеси на преструктуирање, ревитализација, модернизација финансиска консолидација на постојните производствени капацитети, имаме огромен пораст на дефицитот во надворешниот трговски и платен биланс и што е најголема несреќа, а мислам дека рефлексија на сите овие негативности во севкупните економски движења од ден на ден се повеќе расте бројот на невработените, исто по ваши показатели. Вчера имаше една мала реплика, дали биле наши, или ваши показатели. Мислам дека и оние показатели како база што ги земате вие ги има издадено истиот човек кој е сега директор на Заводот за статистика што ги дава и кај вас тие показатели. А сето ова господо во крајна линија мора сите овде да се согласиме дека ја доведува во прашање севкупната макро -економска стабилност и реформите во Република Македонија воопшто. И затоа наместо вашите декларативни заложби за реформи имаме ситуација во пракса каде е присутна од ден во ден, од чекор во чекор, од закон во закон волонтаризам и политичка импровизација и профилирано диригентство од одредени центри на политичка моќ. Еден, двајца луѓе ќе кажат: вака има да биде, и готово, не вреди Парламент, не вредат стручни екипи, не вредат никакви расправи, ќе се тера така како што неколку души рекле во државата, што не е добро. Затоа на крај сме ставени пред едно тешко искушение, требало или не требало, сакале или не сакале да ги изгласаме ова вака како што предлагате од проста причина што поинаку и не може да се изгласа, бидејќи е законска обврска да се изгласа вака како што е. А во принцип треба да сфатите и ова да е поука за сите вас дека државата господо е најлошиот менаџер за управување со парите најлошиот апсолутно досега покажан во сите економски системи, апсолутно во сите економски системи. Државата прави само амбиент за стопанисување, ама вие се претворате во бизнисмени и тоа во сите сфери. Ова е само една од фискалните сфери каде што зборуваме каде што менаџерски се однесувате. И наместо да создадете економска клима за да субјектите водени и мотивирани од

повисоките профити работат онака како што знаат, вие упорно се ставате на нивно место и ги критикувате на следниов начин. Еден од вашите соработници, а вие вчера тоа го потврдивте рече: како Македонија со ваква добра Влада, а со вакви лоши менаџери кои не знаат освен македонски, српски јазик може да се извлече од оваа ситуација. Јас сега ќе ви кажам дека сегашните менаџери и српски не знаат, знаат македонски и бугарски јазик во моментов и ќе ви го поткрепам со пример. Тие што знаеја јазици по два-три и беа менаџери, или се испозатворени неосновано, или се избркани највулгарно од фирмите, или се протерани од Македонија и прават и ден денеска многу добар и јак бизнис. Конкретен пример во ЕМО - Охрид, вие за помошник за финансии го носите помошникот на основачот на Радко, потпретседател на Радко. Тој човек сега треба да го води главниот бизнис во економијата на гигантот во Електро производството во Република Македонија. Ако иконографијата во канцеларијата негова му е Тодор Александров, Ванчо Михајлов и други ред такви војводи од Македонија и од Бугарија, јас не знам какви бизниси ќе води таа фирма и каде и е просперитетот на таа фирма. И сега ако се вратиме повторно на она што ги прозивате сегашните менаџери, јас мислам дека 70% од менаџерската структура во Република Македонија е точно променета со вашето доаѓање на власт. И сега опозицијата е крива зошто ова стопанство нема менаџерски екипи и тимови кои минимум знаат барем еден светски јазик, покрај мајчиниот јазик. Кои се излезни решенија од една ваква состојба, да не биде критизерство само на крај сфатено, сакам да ви понудам неколку решенија што мислам дека дел Гошев, дел Андов, дел Никола Поповски ги понудија. Можеби јас ќе бидам и малку поширок во тоа, ќе ве цитирам и вас, а со ова што ќе го цитирам мора да признаете дека вие си ја признавте вината вчера овде. По моја лична оценка во моментов во Македонија фали радикална фискална реформа што вие вчера точно ја признавте дека фали радикална фискална реформа и дека ова го имате направено минатата година, ги имате поднесено до Парламентот, ние го усвоивме како што го усвоивме и сега сме во една затекната ситуација повторно и ребалансот да ви го усвојуваме. Што рековте вие вчера на оваа парламентарна сесија? Рековте дека имате предвид на почетокот на 2001 година, да ги намалите даноците, дека имате намера да донесете пакет закони од даночната сфера, Закон за управа за јавни приходи, Закон за фискални машини кој што е готов, Закон за персонален данок, Закон за данок на добивка на корпорација, Закон за измени на законот на царинска тарифа, Закон за измени на законот за ДДВ и уште некои други закони. Ако не се лажам ова е 90% од фискалното законодавство во Република Македонија, што значи дека се враќате на мојата теза. Инаку одговорот ми е спремен уште пред два - три дена пред да говорите вчера. Ова го користам како реплика на вашето вчерашно излагање дека кога една држава ќе дојде во ситуација на ваков неочекуван супер суфицит, или обратно и супер дефицит, на таа држава потребни и се радикални мерки. Сега да не ми земате за зло, меѓутоа да ми биде чиста душата, морам да ве потсетам. Неколку души тоа го рекоа. Кога опозицијата предлагаше, после тоа и ДА ми се чини дека го внесе во парламентарна процедура нивниот закон, мислам дека го внесе, беше едно по друго, барем на акцизните стоки да се намали стапката на акцизата во висина од 19% колку што е оданочувањето од ДДВ, тогаш ние ќе имавме порелаксирана фискална ситуација сега во моментов. И вас немаше толку да ве боли глава што ќе правите со тие пари, бидејќи убеден сум до крај дека непродуктивно ќе се испотрошат сите онака како што се собраа. Само што овие битни тековни економски негативности што ги спомнав ќе си останат како трајна лузна кај македонското население, затоа што сепак мора еднаш засекогаш да сфатиме дека парите во Буџетот се од народот, парите во Буџетот од никаде не доаѓаат, се се од народот, дали ги плаќа директно, преку телефонските сметки плус 19%, или преку бензинот плус 19%, или пак се преку купување на една чаша која ја произведува незнам која фабрика во Македонија и преку плаќање пак 19% на таа чаша. Значи тие се парите што одат во Буџетот.

И на крај да не биде се критизерство, ако не ги повлечете овие потези во 2001 година, ова што го спомнавте вчера, со се се согласувам комплетно, значи не е преземена благовремена мерка, факторот време како економска категорија го имате комплетно во превид во тековнава 2000 година. Ние, ви гарантирам во 2001 година нема да

дискутираме веќе за Буџет. Ќе имаме од една страна пари во Буџетот и од друга страна ќе имаме една армија, социјална армија која може да експлодира во еден момент и да не станува збор за никакви реформи, напротив да станува збор за некои улични правења на буџети, или улични демонстрации за повраќање на украдените пари од џебот на граѓаните. Во спротивно навистина се плашам дека ќе влеземе во една многу непријатна фаза за Република Македонија во 2001 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Илоски.

За реплика се јави г. пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас мислам дека можам да се јавам за реплика, затоа што бев спомнат по презиме. Во спротивно доколку Илија Илоски не ме спомнеше, сигурно дека немаше да се јавам согласно собранискиот деловник за реплика.

Мене ме радува што е опозицијата активна, кога зборуваме за вака значајни прашања во врска со нашата држава, добро е кога се дискутира, меѓутоа, морам да кажам дека слушајќи го говорот на г. Ило Илоски, човек ако е неупатен, и ако прв пат вклучил пренос на собраниска седница, ќе добие чувство дека во Македонија откако дојде новата власт, прв пат ни се случуваат самоубиства, прв пат разговараме за приватизација, феноменот на сиромаштија е нешто што го донесе ВМРО-ДПМНЕ и ДА, и дека претходно Македонија била земја во која што течело мед и млеко, па еве, незнам случајно дошло до промена на власта. Мислам дека треба да бидеме малку пообјективни, и да ги земеме во предвид бројките кои што и претходно ги имаме како феномени, можам да кажам дека нема да навлегувам повеќе во детали, затоа што и репликата не ми дозволува повеќе од пет минути да дискутирам, меѓутоа, ако зборуваме за самоубиства г. Илоски проверете само статистика во врска со бројот на самоубиства после случајот ТАТ.

Ако вие денеска сакате да тврдите дека и ТАТ е последица и продукт, односно производ на оваа гарнитура на власт, јас мислам дека нема да ви реплицирам, ќе го прифатам тоа, бидејќи во постојана кампања сме, за две години ќе имаме парламентарни избори.

Јас предлагам да ги погледнеме само кусо фактите, во врска со ова денешно прашање. Фактите се тука. Можете како опозиција да барате начин како да критизирате, односно како да извлечете некој поен повеќе, меѓутоа, дајте, народот чека да ја завршиме оваа расправа, затоа што од оваа расправа некој конкретни ефекти ќе има. Народот нешто ќе почувствува, во спротивно мислам доколку продолжиме да ја одолговлекуваме расправата, ми се чини дека правиме опструкција намерно. Работите се многу јасни и конкретни. Објавени се во весници. Да не ги повторувам бројките. Меѓутоа, станува збор за категории на луѓе кои што повторно уште еднаш дискутирајќи да не ги набројувам, станува збор за детски додаток, станува збор за спортисти хендикепирани, станува збор за порамнување на придонеси, за намалување на сиромаштија, за образование, за социјални случаи, за пензионерските 8%, што мислам едноставно не би било објективно во вашиот наод да тврдите дека доаѓаат од оваа власт. Системот можеби не е идеален, меѓутоа, сепак мислам дека оваа мерка не може да се оспори како мерка која што е против народот, затоа дајте предлагам побргу да завршиме, да одиме малку на реализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одговор на репликата сака да даде г. пратеник Илија Илоски, повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Добро, јас одговор мој на репликата на г. Петровски, ќе ја искористам за уште еден совет да му дадам на министерот, ако го послуша, се разбира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот се јави за репликата, ми се чини дека и г. Стојановски, бараше реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Прво, за сите оние девијантни појави во општеството што говориме, неколку пати спомнав дека тоа не се од вчера состојби. Меѓутоа, загрижувачки е факт што има нагорен тренд на движење. Дали сакаме тоа ние да го признаеме, или не сакаме, тоа е наш проблем. Инаку нигде не реков дека кога бил СДСМ на власт, или не знам кој бил друг на власт пред СДСМ 1990 година, немало ништо девијантно во општеството, а сега се се случило откако дошол

министерот Груевски. Напротив, реков дека загрижувачки се појавите на позитивни трендови во тие девијантни појави.

Второ, г. Петровски, незнам зошто ви се брза да ја завршиме седницава, тука е советот кон министерот.

Јас сум убеден, а мислам дека и министерот ако е искрен ќе каже пред сите, еве сега во овој момент да ја завршиме седницава, овие средства нема да бидат дисполибилни утре за употреби и за трошење. Знаете зошто? Затоа што ќе предизвикаат инфлација. Јас сум сигурен дека овие средства по икс причини ќе се влечат, и ќе се реализираат во другата фискална година, ќе се пренесат во Буџетот. Во никој случај не може сега да се упумпаат од Буџетот негде внатре во реалните токови 200 милиони марки. Тогаш ќе му пропадне аранжманот со ММФ. Тоа сум сигурен, и мислам дека има некоја стратегија во тој поглед и треба да ја искористат.

А второ, дали ќе почувствува или нема да почувствува народот, додека расправаме, почувствувал народот. До завчера 60% почувствува на телефонскине сметки. Токму заради ова сега што расправавме, и незнам што треба да почувствува народот, и бензинот го почувствува пред некој ден за 3,5%, така да ако продолжиме да расправаме кој знае уште што ќе почувствуваме во тој сегмент.

А ова е советот до министерот, на крај памет да не им паѓа сите пари да ги пуштат пред Нова Година, за да зачуваат некои други текови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Петровски, повторно реплика, повелете.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине Илоски, мене не ми останува ништо друго освен да ви заблагодарам, конечно се изјаснивте дека намерно правите опструкција. Ако добро ве пратев, она што сега го кажавте да не брзаме со седницава, парите ако бидат во оптек дека ќе предизвикаат инфлација, дека сигурно нема да се реализира веднаш, и дека народот нема да ги осети, па затоа да не брзаме и ние, да ја одолговлекуваме расправата, со што мислам дека јасно покажавте како е вашата стратегија. Мислам дека понатака нема потреба да се дискутира. Оставам на македонската јавност да процени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави г. пратеник Стојан Андов, повелете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, г. претседателе.

Јас мојата реплика сега ја давам по барање на г. Чифлиганец. Тој вчера бараше јас да му реплицирам, а еве сега бидејќи го почитувам, и не е добро да го оставам така залудно да бара, реков да му ја исполнам желбата.

Јас и тој се разликуваме по некои мали работи. Јас секогаш овде во Собранието, откако сум станал пратеник во оваа повеќе партиско Собрание и кога го водев исто така инсистирав секогаш да зборуваме за она што е подготвено во некој материјал и што е на дневен ред, а тоа не значи дека не можеме да кажеме како да се подготви нешто друго што е во допирна точка со ова. Сакам секогаш пред мене да биде материјалот и за тоа тогаш се подготвувам и зборувам.

Тој на мене секогаш ми приговара зошто јас сум го пофалил министерот кога 400 милиони марки се извлечени од стопанството. Прво, сакам да го исправам дека 400 милиони марки не се извлечени од стопанството, туку суфицитот во Буџетот по основа на ДДВ е неполни 200 милиони марки. Другите делови од суфицитот се од продаден од државен капитал т.е. од приватизацијата на Стопанска банка, ЗОИЛ, ф-ка за заварени цевки од Куманово и.т.н. Другиот поголем дел е од донатори, од држави кои му дале поклони. Еве, г-динот Чифлиганец да е министер за финансии, јас верувам дека и овие пари од продадените претпријатија, државниот капитал и од донациите ќе ги прими, иако после му велат дека нема доктрина за буџетската рамнотежа, па ја нарушил заради тоа што се јавил суфицит. Ќе ги прими, бидејќи ако ги одбие нема да дојдат во државата, или пак ќе го закочи процесот на продажба на државниот капитал, а донаторите ќе се свртат кон друга земја да и помогнат. Според тоа тие пари и тој суфицит за кој зборуваме, до 27% не е така. Тие се, како што реков вчера 15% се една работа, 12% се само од ДДВ. Јас и сега велам, можеби е многу 12%, меѓутоа, јас сакам само да ви кажам дека ние спроведовме ДДВ сега со 19% основната стапка и 5% повластената стапка. Последниот материјал од претходниот состав што го имавме беше 21% основната стапка и 7% минималната стапка. Така да немаш однапред процена. Сите се плашиме од ДДВ и сегашната

позиција и опозицијата и ММФ и целата јавност. Сите бевме уплашени затоа што кога се спроведува ДДВ дава голем удар и дали е се пресметано не се знае. Јас во тој контекст реков дека најјасен поглед и процена за ова како ќе се случи, сепак имаше министерот и рекол дека една извонредна ризична ситуација, тој многу добро ја реши и ја изведе таа операција.

Ако одиме вака како што господинот Чифлиганец зборува, а не како што јас сугерирам, се да се подготви па да дојде на ред, еве што ќе направиме. Сега он вели, како тоа ние, светските камати се четири до 6% нашите банки надвор даваат 8 до 11%, а девизните заштеди што ги имаат ги орочуваат по видување 1%. Јас сакам да му кажам дека јас тоа и го предложив. Кога инструментите на економската политика идната година ќе се подготват, и ќе ја имаме проекцијата на девизната политика каде што ракувањето со парите е надвор, да седнеме и тоа да го расправиме. Може 10 пати господинот Чифлиганец и јас овде да зборуваме по овие прашања што ги спомнува, никаков ефект на решението на проблемот немаме. Тоа може само ако Владата подготви решенија, а ние ги даваме алтернативните предлози како тоа и колку да се поправи. Знам дека орочувањето на девизните наши пари овде надвор со 1% по видување, отежнува на внатрешниот биланс на банките и каматата тука, заради резервите, мора да се зголеми. Меѓутоа тогаш да го дискутираме, тогаш да ни подготват. Инаку, јас гледам големи говори се држат, но меѓусебе ќе се изнапаѓаме, ќе испретресеме што било 1971, 1972, 1973, 1974 итн., па што било сега, кој колку бил добар и како бил добар. На крајот ние ќе го донесеме овој ребаланс. Еве сега г-динот Иловски сам кажа дека и оние ќе гласаат. Дајте да кажеме нешто и што е објективно, да не мораме баш секогаш и да се караме.

Инаку, околу теориите околу доктрините сакам да ви кажам дека секој Буџет е урамнотежен Буџет. Остварувањето може да биде неурамнотежено. Ако се предвидува дефицит мора а се предвиди и извор на покривање на дефицитот, мора да се емитуваат обврзници итн. Така да тие теории се учат во школо. Овде не треба за нив ни да расправаме. Го спомнувате Џон Мајнер Кејнс, Џон Мајер Кејс, кој умре 1945 година. Тој убаво вели, секоја влада без оглед дали е свесна кога нешто постапува и кога ја води економската политика она се однесува во согласност со некоја доктрина. Значи имаме толку доктрини што секоја доктрина се покрива со Кејн и секоја доктрина утре може да се покрива со неа. Нема врска таа работа. Затоа тоа го кажувам да се концентрираме на ова што е сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојан Андов на репликата.

За реплика се јавува г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Колега Андов со целиот респект кон вас, спрема вашето искуство, животно, политичко итн. Во една работа најмногу се согласуваме. Ние навистина се разликуваме. Не во годините. Јас работам, творам 23 години во стопанството, во континуитет. Со успех или неуспех, делата остануваат и зборуваат повеќе од нашите зборови овде. Во тоа се согласуваме и разликуваме.

Се залагам секогаш за она што е опипливо, она што е реално, објективно. Јас не би замерил што вие го поддржувате суфицитот, го фалевте министерот. Можеби и јас во друга прилика и во себе имам можеби поголем респект спрема министерот, од мое гледни точки. Но не можам да сфатам вие како, мислам дека сте економист, се занимававте пред 20 години со економски прашања во владата на РМ, и во претходната Сојузна Влада, да не кажете дека ова што се случува паричната маса за година дена е помала во стопанството, безпарицата, а паричната маса во фондовите, резервите и Буџетот е зголемен, мислам дека тоа се коси со основните принципи на било која економија. Во тоа ви забележив. Ви забележив, еве и сега го потврдувате тоа, во тоа се битно разликуваме. Зборувате дека тие 200 односно 400 милиони марки јас погрешно сум ги сфатил, дека тие не се од стопанството. Зарем вие мислите дека тие се директно земени од стопанскиот фонд? Зарем јас незнам кои претпријатија во таа транзиција се продадени, колку чинат, зарем вие мислите дека јас незнам дека тие средства се и од разни донации, благодарение на политиката која ја води во континуитет оваа држава и оваа Влада? Но вие г-дине Андов треба да се залагате, кога веќе имаме донации еден денар, една марка, еден долар, или еден милион, и сто или двеста, треба веднаш само по себе да си повлече одредени давачки по основ на акцизи, ДДВ итн., да се намалат во стопанството. Јас од вас тоа го барав и за тоа не се согласувам со вас. Инаку, во друг поглед се согласувам, па на крајот и краиштата и со буџетот и со ребалансот.

Зарем вие не се согласувате г-дине Андов, сте родени во Кавадарци, ова е умот политички на Република Македонија кој треба менаџментот на Македонија да го води, ние да имаме 200 односно 400 милиони марки вишок, а од друга страна една компанија, нека биде од бога благословена, ја продаваме за 4 милиони марки, а тоа е ФЕНИ. Значи ние имаме средства, значи ние можеме со сопствени средства, со менаџмент од Македонија па и со консултанти итн., тоа да биде. Во тоа е мојата забелешка, во тоа ние се разликуваме. Јас зборував многу аргументирано, еве го имам вашиот говор од стенографските белешки, знаев дека не реплицирате и треба да реплицирате, во тоа нема ништо лошо. Можеби е тоа добро. Еве седиме шест години во овие парламентарни клупи и треба нешто да разговараме. Јас во мојата дискусија реков, можете да ги видите стенографските белешки од каде се зголемени буџетските средства од каде, го имаме тој суфицит. Бев многу конкретен. Зборував за примерот во земјоделието. Зарем вие г-дине Андов се согласувате на берзата да се откупува бостанот за три денари од килограм. Зарем се согласувате пченицата да биде од 10 денари, зарем се согласувате доматите да бидат шест денари итн., во тоа беше моето залагање да ги ублажиме тие дубиози кај голем број на граѓани кои живеат од тоа. Зарем вие се согласувате овие 200 милиони марки, во ред, за социјала да не ги насочиме за развој, за нови технологии, за нови производи, за нови 50 илјади вработувања. Јас бев конкретен, земете извадок од мојата дискусија од стенографските белешки и ќе видите. Зарем вие не се согласувате со пратеникот, ваш колега, Ванчо Чифлиганец, ние да имаме девизен одлив по основ на камата. Тоа се опипливи бројки не е тоа политика и политиканство. Господа мислам дека тоа што го зборувам сме го осетиле, провериле и во најголем дел потврдиле во индустриската пракса, во економијата од која живее овој народ. И во тој домен на прашања можеме да зборуваме што значи Буџет, што значи дефицит, што значи суфицит и како ќе се распоредат тие средства. Затоа мислам дека немате потреба да се споредувате со мене, ниту пак јас имам потреба, секој има свој сопствен квалитет, но моите гледања се конкретни, опипливи. Јас сакам вие да ми одговорите на овие прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Ванчо Чифлиганец.

Министерот за финансии г-динот Никола Груевски сака да реплицира на некои од дискусиите.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дами и господо.

Мојата реплика ќе биде на г-динот Иљовски и тоа не на се, на делови од неговата дискусија. Но, само претходно да спомнам, беше сега во претходната дискусија спомнато дека кога се зголемиле донациите и средствата од приватизација треба да се намалат даноците. Ниедна држава кога ќе се зголемат донации во една година, или приватизација, не применува намалување на даноци, бидејќи тоа е еднократна мерка. Може оваа година да имаме донации, следните пет да немаме донации. Што треба потоа, да ги покачуваме ли даноците повторно? Така да тоа не би го сугерирал на никој.

Сега би сакал да се навратам на неколку моменти кои го предизвикаа моето внимание од дискусијата на г-динот Илоски, кој што делумно беше економска, делумно, политичка, тиранин, бугарски, македонски војводи, српски јазик итн. Меѓутоа јас ќе се осврнам на неколку моменти што ценам дека се повеќе од економска природа.

Прво беше спомнато, а тоа и го очекував, после мојата вчерашна дискусија кога, откако ги дадов примерите за земјите во транзиција дека имало суфицит во годините што изминаа во транзиција, четири пати во Словенија три пати Литванија, Хрватска ја спомнав, спомнав и други држави како Полска итн. Спомнав дека и во САД има суфицит и очекував дека ќе има некоја реплика дека САД е многу богата и не треба да ни биде пример. Меѓутоа, пред мене имам една табела со селектирани макро економски податоци на САД од 1929 година до 1989 година и како извор се земени американското, би рекол министерство за трговија, итн., што ќе ви кажам дека САД и во годините кога беше во сиромаштија и неразвиена држава, во некои години остваруваше суфицит, што не е никаква трагедија. Така да кажам САД била во суфицит во 1929 година, 1950, во 1955, 1960, 1969 итн. Значи таа теза не би ја прифатил, што вие ја споменавте дека САД кога се развил дошол во ситуација да има суфицит. Спомнав и земји во транзиција од денешнината со кои на некој начин се споредуваме, исто така во изминатите години остваруваа суфицит.

Второ, спомнавте дека, најверојатно според вашата проценка, суфицитот е направен во првите два ипол месеци, кога

во управата за јавни приходи имаше друг директор кој подоцна си замина од таа функција. А да ви кажам дека во текот на целата оваа година, 0,2% се средствата кои во Буџетот се остварени од присилната наплата. Значи, дури сите 0,2% да биле во тие два ипол месеци тие се сеуште само 0,2%.

Понатаму спомнавте некои компании што сите знаеме кои се, кон кои државата, само кон една компанија има долг од речиси 20 милиони марки. Да ве потсетам, денес зборуваме за т.н., централен Буџет, не зборуваме за генерал Буџет каде што влегуваат и фондовите. Така што овој Буџет, централен Буџет не должи 20 милиони долари, односно марки, како што спомнавте на ниедна компанија. Денес парламентот дискутира за ребаланс на централен Буџет.

Понатаму, беше спомнато доцнењето на надоместоците, барем јас така разбрав, дека од досегашното работеше на Владата дошло до едномесечно доцнење на овие надоместоци и надоместоците за невработени. За ваше потсетување, пред два години овие надоместоци за невработени доцнеа околу три месеци, а надоместоците за детски додаток доцнеа 8 до 9 месеци. Сега во моментот доцнат еден месец а сега со оваа исплата од еден надоместок, што всушност за овие категории ќе биде 13 надоместок во оваа година, ќе значи израмнување и се намалува долгот на државата кон нив. Ние г-дине Иловски враќаме долгови во оваа година со овој суфицит што го оствaривме. Не трошиме. Враќаме долгови, а следната година намеpаваме да ги намалиме даноците и со тоа да го олесниме целото стопанство, на ниво помалку од било кога досега.

Понатаму, зборувавте за невработеност која настанува од загубари кои се затвараат итн. Јас незнам зошто досега не беа решени загубарите. Имаше доволно време еве да речеме во осамостоена Македонија од 8 години загубарите да бидат решени, при што секој пат се разбира тука има и жртва на некои да мора да се затворат и на некои да мора да се продадат. Тие што ќе се затворат обично луѓето остануваат без работа, а дури и тие што ќе се продадат купувачот бара некогаш дел од вработените да останат да излезат од работното место затоа што незамисливо е со толкав број на вработени да продолжи да работи и да егзистира компанијата. Така што онаа Влада која што ќе ги решава загубарите ќе се соочи на краток рок со зголемен број на невработени. Тоа е по дефиниција така.

Тоа многу тешко може да се избегне. Колку и да се обидувате да ги продадете сите компании кои што прават загуби, секогаш ќе се најде некоја од нив која што едноставно не може да се купец за неа.

Спомената беше вчера, еве, заборавив да реплицирам на една бројка од 360 марки или некој ги спомна 400 што се земаа од граѓаните да се создаде овој суфицит. Тоа е апсолутна неточност. Овој суфицит кој што е 13, 14 милијарди, има структура во која што влегуваат главно три категории. Едната категорија е поголем прилив од даноци пред се од ДДВ, за таа ќе дискутираме подоцна, втората категорија е средства вишок на средства од донации 5,4 милијарди денари, и вишок на средства од приватизација околу 2,9 милијарди денари.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Неможам да разберам како сме земале од луѓето, кога половина од овој суфицит доаѓа од донации и од приватизација, а вие ги сметате тие 364 германски марки од целокупната сума.

Второ, за оној дел што го прескокнав, данокот ДДВ, незнам, како сме можеле да земеме од некои невработени, или некои што си работат, си земаат плата, како сме им зеле по 400 марки оваа година. Јас не сум сретнал таков човек на кој што некој му отишол и му земал 400 марки и му рекол ова е за да се направи оваа година суфицит. Ново е од оние што сме земале од претходниот данок, што значи намалување. Претходниот беше 25% за најголемиот дел од производи, за некои производи беше 13, за некои беше 5. Сега за најголемиот дел е 19%. Значи, за минимум 150 производи имаме намалување од 6%.

Исто така беше спомнато, макар барем ако не ова, средствата кои што доаѓаат како суфицит, како вишок на приливи од планираните во овој Буџет, дека претставуваат она што сме го земале од акцизите. Тоа вчера го спомнав, денеска очигледно треба да го повторам. 21,2% од вкупниот приход од ДДВ е приходот од акцизните стоки.

Спомнавте дека сме направиле голема грешка, дека не сме интервенирале прво со другите даночни реформи, а сме го вовеле ДДВ. Во годината кога се воведува ДДВ, сите светски економисти ќе ви препорачаат дека не треба да се менуваат другите даночни закони. Ние сите овие промени ги правевме во консултација со експерти, со експерти на ММФ и со експерти на Американското министерство за финансии.

Во Министерството за финансии на Република Македонија, во постојан претстој се повеќе од една година претставник на Фондот, меѓународен експерт, кој го плаќа ММФ, експерт за даноци, особено за ДДВ. Тие имаат канцеларија кај нас, и тука се година дена, живеат тука. Претставник на американскиот ресор, има уште еден специјалист за присилна наплата, исто така, кој што доаѓа од американскиот ресор. Сите едногласно и сите други што сме ги сретнале, познати економисти со кои што сме разговарале, како во земјата, така и надвор ценат дека во годината кога се воведува ДДВ, таа година обично се смета дека ќе се создаде поголем или помал потрес во економијата. Не е препорачливо да се менува било кој друг данок. Ова што сега ние ќе го смениме до крајот на годината, ќе важи и за следната година.

Инаку за менување на другите даноци, особено, персоналниот или било кој, пред менување на данокот за ДДВ, тоа е многу голема опасност, бидејќи никогаш не може со сигурност да се знае како ќе биде имплементиран ДДВ. Дали ќе создаде голем суфицит, дали ќе создаде мал суфицит, или ќе биде фијаско како што беше во некои држави, па се отиде дури до дефицит. Има држави кај кои што паднале влади, паднале министри за финансии, заради лошо воведување на ДДВ. Едноставно настанал вистински хаос во годината. Така што прво се воведува ДДВ, се чека одреден период на месеци за да се види какви ефекти ќе даде тој данок и откако ќе се уверите најмалку 7-8 месеци, како се водел тој данок, се оди на прилагодување на другите даноци. Инаку, другите даноци, не само што ќе ги прилагодуваме по стапки, туку ќе ги прилагодуваме и структурно, согласно истите закони во Европската Унија. Така што тоа е веќе подготвено. Во овој момент целокупната работа на законите што вие пред два дена сте ги ставиле во вашиот електорат, е целосно завршена пред 10 дена. Значи, ќе повторам нов Закон за акцизи, нов Закон за персонален данок, нов Закон за персонален данок на доход, нов Закон за данок на корпорации, нов Закон за фискални машини, кој што досега не постоеше, измени на Законот за царинска тарифа. Доколку не верувате, повелете уште денеска во Министерството за финансии, лично да ве увериме дека законите се готови, меѓутоа, го чекаме доаѓањето на Фондот, односно на претставниците на Фондот, со кои треба да се усогласи Буџетот и заедно со Буџетот ќе одат измените на овие закони.

Уште една работа која беше спомната, не би сакал да оди како шпекулација дека откако ќе се пуштат овие средства од ребалансот во економијата дека е можно да настане инфлација. Такво нешто не е можно, бидејќи имаме точни пресметки што и кога да се пушти и една работа: буџетската политика, фискалната политика, секогаш мора да се гледа во корелација со монетарната политика. Така што кога буџетската политика ќе биде потесна, монетарната политика ќе биде полиберална. И обратно. Ако ние почувствуваме опасност од фискалната политика, веднаш се прилагодува монетарната политика.

Ве уверувам дека не постои можност за зголемување на инфлацијата откако ќе се пуштат овие средства. Добро е пресметано во, кој период кои средства да се пуштат и тоа е верифицирано и од ММФ.

Се надевам дека добронамерно ќе ја сфатите мојата реплика, а не како некаква критика сама од себе, колку да се каже дека критикувам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот Груевски за овие дополнителни објаснувања.

За реплика се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, навистина сум постар, но да ја отстраниме и таа пречка да не му зборувам од местото на господинот Чифлиганец.

Ние овде можеме да кажеме, прво јас сакам да кажам дека не оспорувам тој што работел и како работел. Тоа не е овде предмет на дискусија. Има тој свој развоен пат, нека си го тера, ниту сум му ставил некоја забелешка во врска со тоа. Патем речено, ни јас не се срамам од тоа што сум го работел, секому во очи можам да му погледнам и еве дојдов овде. Така што, во тој поглед да сме на чисто.

Што се однесува до тоа дали сакаме да небидат пиперките поскапи, да небидат 6 денари, грозјето да не биде 7 денари, верувајте јас подолго време сакам да бидат многу поскапи и пиперките и грозјето, отколку господинот Чифлиганец. Повеќе го сакам тоа, бидејќи подолго живеам.

Инаку, нешто да сакаш, па да нешто се случи, има огромна разлика. Државата и политиката треба да ги уредиме така да не доведе до тоа.

Јас сакам да ви кажам дека од многу сакање, еден наш политичар, ветуваше дека

тутунот ќе го купува по 8 марки, грозјето по една марка итн. Но грозјето не се купува повеќе од 7 денари, пиперките уште останаа на 6 денари итн.

Според тоа, една работа е што сакаме, а ако нешто сакаме да поправиме во однос на тоа што е сега, за тоа мора добро да се подготват работите, да се средат материјалите, да видиме што од тоа е доктрина и доктринарно, а што од тоа е непосредна практика, знаење, решителност итн. На тој начин, кога ќе расправаме, да речеме, за ребалансот на Буџетот ќе ги донесеме квалификувано одлуките, кога ќе расправаме за проекцијата за девизната политика, тогаш тоа ќе го решиме најпаметно. Кога ќе расправаме за монетарната политика, тогаш тоа ќе го расправаме и ќе видиме зошто паднала паричната маса, како тоа не смеело да се случи, па што ќе правиме итн. Мојата сугестија беше тоа, а не некој да навредам, ниту сакам некому мислењето да му го омаловажам. Мојата сугестија е во државата, а ние сме државен орган, ако не се држиме до некој ред, како прашањата едно по едно се ставаат на место и како треба да му се пријде, нема да успееме, без оглед колку сакаме и што сакаме. Еве јас со ова завршив, мислам дека немам што повеќе да му реплицирам на господинот Чифлиганец.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Стојан Андов.

За реплика се јави господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас по кој знае пат ќе потврдам дека добро е за такви теми да имаме спротивставени мислења, а верувам дека на крајот ќе се усогласиме.

Еве уште еднаш се потврди самиот министер со речникот, терминологијата на економијата да реплицира, а сакале или не сакале тука сме аргументирани во тоа, меѓутоа прифаќаме.

Јас се согласувам дека со колегата Андов, со целосен респект без тронка на девалвирање на неговата личност дека се залага за подобрување на земјоделските производи. Но и тоа подолго време. Но мора да истакнеме дека подолго време седиме во овие клупи, дали директно или индиректно ние кумуваме на таа состојба. Тоа треба да се сфати. Не само за колегата Андов, не само за мене како пратеник тоа е за сите тука. Ако седиме подолго време, ние кумуваме на таквата состојба, на таквата економска политика.

Тоа е мојата забелешка и разликата во гледањата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Чифлиганец Ванчо.

За збор се јави господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

На крајот ако вака полемизираме со господинот министер, сигурно ќе се разбереме за сите прашања. Се согласувам со тоа што го кажавте дека имате преглед од 1929 до 1990 година за буџетските состојби на САД, дали завршиле со суфицит или дефицит.

Меѓутоа, мора сите да се согласиме дека поголемата светска економска криза 1929 - 1930 година дека тие се држат ортодоксно за Ракинзовата теорија на полна вработеност и преферираат буџетски дефицити.

Меѓутоа, што ми беше мене тезата. Тезата ми беше да не се лепиме на споредби со такви стопанства, кои не се споредливи со нашето. И ден денеска врвните светски економисти укажуваат на избалансираност на буџетските приходи и расходи во економии слични на нашата. Тоа мора да биде вашата стратегија за наредната година и тоа е моја сугестија. Инаку, можеме да анализираме по периоди и се согласувам дека во период од 70 години седум пати на Америка и се случи суфицит. Со тоа што сум убеден, тие имаат доктрина на водење на фискална политика. Кога сакаат да остварат суфицит, тие го остваруваат намерно. Тоа е разликата кај нас. Неколку пати повторив, но незнам дали добро ме разбравте. Ние на почетокот на фискалната 2000 година, тоа беше декември 1999 година кога имавме буџетска иницијатива, потоа кога тие реални бројки ги преточивме во закон и го имаме ова денеска што го ребалансираме. Вие тврдевте дека ќе имаме помалку средства, од она што е предвидено за 4,033 милијарди денари, реализираме пет пати повеќе од тоа, што е факт. Затоа немојте секогаш да се држите за доктрините дека буџетскиот суфицит секогаш е добар, а буџетскиот дефицит е лош. Јас кажав како економист, ако ме прашувате мене, јас не сум ортодоксен пристапник на оние доктрини да има или само суфицит, или дефицит. Тоа сепак, зависи од моменталната економска моќ на земјата која го носи тој економски акт, односно Буџетот. Повторувам, тоа нека ви биде препорака за следниот Буџет дека

нам нема да ни штети само избалансиран Буџет, избалансирано буџетско проектирање за наредната фискална година.

Второ, господине министер и на Комисијата за финансирање и буџет ја спомнавте оваа бројка 0,2%, да речеме валкани пари што се вметнати во оваа позиција на Буџетот. Меѓутоа, се валкани бидејќи се полнети под притисок на некој буџетски обврзник на кој не требало да му бидат земени. Вие можете да кажете дека се 0,1, 0,2, може 2%, итн., јас чисто се сомневам во оваа бројка, бидејќи во јавноста бевме сведоци, за жал не располагаме со податоци како што ги имате вие, од тие бази што ги имате сега, како власт, меѓутоа бевме сведоци во јавноста, каде што по пат на силеџиство одредени суми се зеде за два милиони марки. По интервенирање на истата таа фирма, со судска пресуда се доби спорот од Управата за јавни приходи, која не сакаше да ги враќа, па ги врати по интервенција на Министерството за финансии. Ги врати тие пари во 13,00 часот, кога се затвора Службата за платен промет, за да во 16 часот имаме повторно извршно решение по некој друг основ. Значи, тоа силеџиство немаше крај во одредени периоди и се сомневам само дека 0,2% се тие неосновано оттргнати пари од буџетските корисници.

Сакам да ви појаснам една мала работа, кога велите и се зачудувате од каде ние сме земале од сите граѓани пари, со воведување на ДДВ, дури и од невработените. Ја ќе ви кажам како на индиректен начин и на невработените им земате пари.

Бидејќи сум пратеник од селска изборна единица, често сум таму и со народот разговарам. Тие кажуваат дека земјоделците, поготово индивидуалните земјоделци во Република Македонија има една народна поговорка дека работат само "како волот за сламата". Чисто само со слама да се прехранат, бидејќи цела година само ја орам нивата. Ова го говорам, бидејќи вештачкото ѓубре за есенската сеидба оваа година е поскапено за цели 60 до 70%. Само ако се земе како инпут годинашна цена на чинење на еден произведен килограм пченица на нива од втора категорија, ама вие немате апсолутно никаков ќар само да земете за два кутла, три кутла нива на обични некои луѓе од селските мали парцели да посеете, затоа што немате пари да извадите преку тие килограми произведени пченица за вештачкото ѓубре што треба да се стави консесија и пченицата. Орањето со тракторите, поради зголемените инпути на цената на чинеше на дериватите е зголемено за цели 50-60%. Еве како вие на невработените, преку два моменти ви кажав, преку оданочување најосновните земјоделски потреби ги оданочувате и оние невработените кои не се невработени по сопствена волја. Напротив немаат што да прават и се враќаат од градските средини и живеат на село колку да ја прехранат својата фамилија.

Значи на тој начин, на индиректен начин и прв еден начин им се зема преку ДДВ и затоа оние наши заложби во јуни месец беше после воведувањето на ДДВ на одредени клучни производи, поготово кај акцизите, како што беа дериватите, не тежиме на луксузните производи, ако се сеќавате во тој Предлог на закон, ние предлагаме да настане една релаксирана даночна политика, од овие причини што сега ви ги зборувам.

Ако ова сега го свртам на политички тези, ќе ви кажам се што ветивте во предизборните кампањи, во договорот со народот, навистина, ќе излезе чиста политика, која е долга и широка и не би сакал да расправам.

Околу првото прашање, сакам да дадам уште едно мало дополнување и мора вие тоа да го сфатите, вие како фискална и монетарна власт. Монетарната сега ја одвојуваме од вас, како фискална. Вие морате на Парламентот да му кажете дека за 2001 година сакаме да ги намалиме тие и тие даноци што ги спомнавте, со кои се согласувам и дека по тој основ ќе го намалиме приходот во Буџетот за толку и толку пари и ќе направиме толку суфицит и толку дефицит. Ние кога до година ќе расправаме за ваков ребаланс, ќе дојдеме во ситуација, тој ребаланс да го елабориframе овде на 5% плус и 5% минус. Инаку, вакви отстапувања не се добри и за вас. Бидејќи ние немаме стратегија и немаме како економска политика, не ви беше во планот, да остварите супер суфицит, ниту имате стратегија на циклична рамнотежа која оваа година е суфицит, другата година е дефицит и избалансирање на тие, како што рекле американците до 2030 година. Белгија во своето законодавство е позната по тоа што има воведено стратегија рацизклични буџети, каде пред Парламентот велат, ве молам Владата да се задолжи до 5 милијарди белгиски франци, доколку дојде до такви и такви суфицити и во добри фискални години, тие суфицити да ги "пегла" со она што значи задолжување, или издавање на државни обврзници. Мислам

дека ако зборуваме на ваков економски јазик се разбираме во бројката 0,2%, на тие пари што се во вкупната сума на овогодишниот суфицит.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

За реплика се јавија уште двајца пратеници, меѓутоа, да му дадеме збор на министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Можеби во претходните дискусии испуштив да ви кажам. Нашата стратегија е во последните две до три години избалансиран буџет, со суфицит или дефицит, кој што е минимален и во рамките на нешто што се смета за ново. Тоа е стратегија, која што можете да ја видите и во Меморандумот со ММФ, кој што мислам дека господинот Бузлевски го има. Оваа година е година кога се воведува ДДВ. Во година кога се воведува ДДВ можете да прашате било кој експерт, што е за таа проблематика, никогаш не може со точност да се предвиди како ќе заврши буџетската година. Значи, пред самото воведување на ДДВ, да речеме господинот Питер Бруџис од ММФ, кој што воведе ДДВ во најмалку пет-шест држави, не можеше да прогнозира точно како ќе се одвиваат работите и едноставно таква е природата на таа работа. Тоа е прво.

Второ, оваа година излезе суфицит заради воведувањето на ДДВ. Јас имам една студија, која што ја експлоатирав многу во периодот кога го подготвувавме воведувањето на ДДВ, во кое што има најмалку десетина држави, што се се случило во тие држави, кога се вовел ДДВ. Ако случајно оваа дискусија трае и утре, јас ќе ја донесам таа студија и ќе ви прочитам некои детали, каде што пишува за Белгија, Норвешка, и држави кои се и од Западна Европа и држави кои се надвор од развиениот свет. Да видите какви процеси имало во сите тие држави, за да се уверите уште еднаш дека во таа година кога се воведува ДДВ неможе со прецизност да се каже колку би бил суфицитот, или дефицитот. Ова што се сомневате за 0,2%, тоа е тоа, можеме да полемизираме за тоа и да ви покажеме некои документи. Ова што зборувавте за "волот за сламата", колку што разбрав сакате да кажете дека сме ги зеле парите на земјоделците и слично, ја спомнавте цената на нафтата. Немојте за тоа да полемизирате, кога знаете дека цената на нафтата, кога оваа Влада дојде, убаво се сеќавам дека јас бев иницијатор да се намали цената на нафтата во 1998 година, ноември - декември, беше 9 долари по барел. Беше меѓу 9 и 10 долари по барел. Јас бев тој кој му реков на премиерот, ваква е состојбата, да одиме со намалување. Ние имавме намалување. Нашиот прв потег, кога имаше услови за тоа, беше намалуваше на цената на нафтата. Меѓутоа, знаете дека од тогаш до сега скоро за четири пати се зголеми. Сега се движи околу 32 долари по барел. Овде има турбуленции, не ја знам точно девизната бројка, меѓутоа, пред неколку дена се движеше околу 32 долари по барел. Доларот од 54 или 56, сега е над 70.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Вие знаете дека тие два елементи ја фиксираат цената на нафтата. Сега, дали сме зеле од земјоделците или во државата се увезува нафта од светскиот пазар која е четири пати поскапа при увозот, а дали е четири пати поскапа цената на нафтата на домашниот пазар?

Конечно, субвенциите за земјоделците, кога се укинаа субвенциите за земјоделците? 2000 или 1996 година. Јас добро знам дека тоа беше под притисок на ММФ, ако тогаш не притиснеше ММФ, можеби сега ќе притиснеше. Никогаш не сум ви го префрлил тоа. Зошто субвенциите сте ги укинале, зошто во Европска Унија има субвенции, зошто во други држави има субвенции, во Македонија нема, а сепак Македонија во периодот, 1995 - 1996 ги укина субвенциите. Свесен сум дека тогаш под притисок на ММФ ако ги прашате во Европската Унија има субвенции за земјоделие, зошто нас не терате да ги укинеме, ќе ви одговорат дека Европската Унија е богата или, кога беше за ФЕНИ за цената на струјата им најдов статистика дека во фабриките за никел во Америка има повластена цена на струјата и кога ги прашав зошто кај вас може да има повластена, а кај нас не може, тие ни одговорија дека Америка е богата држава, а ние сме сиромашна држава. Тоа истото можат да ми го одговорат и сега за субвенциите. Меѓутоа, еве ако сакам да ја злоупотребам мојата позиција ќе кажам дека тогаш вие сте ги укинале субвенциите, што е факт дека сте ги укинале затоа што сте морале. Ве молам да користиме некои термини кои не се така лесно воочливи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот министер Никола Груевски.

Ве молам да одиме по ред како што се пријавени пратениците за реплика.

Прв е господинот пратеник Никола Поповски, потоа Рубенс Наумовски и така по ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине потпретседателе, имам впечаток дека ако расправата продолжи уште десетина дена, а имам впечаток дека е потребно заради тоа што се работи за големи пари од граѓаните и од обврзниците кои ние треба да ги распределуваме пред се да ги одземеме на крајот до целосно изместување на основните постулати кои премиерот, во името на Владата, ги образложи оној ден кога го образложи ребалансот на Буџетот. Во таа насока би сакал да потенцирам следното:

Прво, мислам дека апсолутно немаме потреба во Македонскиот Парламент, зборувам општо за расправата, не за поединечни дискусии, да се однесуваме толку инфантилно, единствениот аргумент во одбрана на нешто што сакаме да направиме или да не направиме биде повикување на некакво странско искуство и некакви странски имиња. Фала богу, Македонскиот Парламент не е толку неписмен да не може да ги сфати работите без повикување на некакви странски авторитети.

Второ, тука премиерот ни соопшти дека ова е најсоцијалистички Буџет и политика која ја води Владата иако не сум сигурен дека премиерот разликуваше што значи социјалистички, што комунистички Буџет и политика, меѓутоа, еве да го сфатиме така како што кажа. Имам впечаток, дека можеби е погрешен, меѓутоа, со секое излегување на министерот за финансии и со секое негово образпагање, попатно ќе напомене и некои мерки што сака да ги преземе или ги презема Владата за наредните години и тој упорно, еве кога веќе разговараме теоретски, најавува мерки кои се типични мерки на неокласичната економија, т.е. десничарската економија во светот. На крај од онаа најава на премиерот ќе остане дека само по игра на случајот премиерот оваа година воведува таканаречени социјалистички мерки не со намера затоа што сите најави во врска со монетарната, фискалната, политиката на јавна потрошувачка кои ги најавува министерот сега типични мерки од оној калибар кој го кажав или од оној корпус во светот вклучувајќи го и ММФ се предоминантни.

Она што сакам да го кажам во врска со говорот на министерот и во врска со обраќање на некои делови од моето излагање е следново дека во Македонија треба да почнеме Буџетот да го планираме според политиката која сакаме да ја водиме, а не политиката која ја водиме да ја прилагодуваме на случајните и хаотичните движења во буџетската потрошувачка кои ни се случуваат без ние да ги контролираме. Така трчаме позади настаните. Трчање позади настаните е случајот со буџетскиот суфицит. Само да потсетам без разлика која школа во светот и која политичка опција каков Буџет преферира, суфицитен, дефицитен, циклично стабилен итн., да кажам дека, иако ставам една ограда, меѓутоа, колку ме држи сеќавањето претпоставувам дека претставниците и повереницте на Владата подобро ќе знаат и може ќе ме поправат, меѓутоа, ние имаме Закон за Буџет со кој нашите економски намери сме ги канализирале. Во тој закон не стои дека ние ќе имаме буџети, кои ќе бидат дефицитни или суфицитни, туку дека во нив стои дека Собранието со тој закон ја приморува Владата да води политика на урамнотежен Буџет во текот на секоја буџетска година, која кај нас се поклопува со календарската. Зошто ние го носиме тој закон ако Владата не убедува дека суфицитното финансирање во Буџетот е сега добро. Мислам дека е доблесно да се соопшти дека заради погрешни калкулации на Владата ние Н9 сме избрале ни еден претставник на ММФ во нашето Собрание, ние сме избрале Влада на Македонија. Владата е одговорна пред ова Собрание. Нејзините односи со ММФ можат да бидат еден од факторите, меѓутоа, не можат да бидат клучен аргумент во образлагањето овде. Во тој случај да избереме претставник на ММФ со кој би разговарале во ова Собрание. Само да потсетам дека јас тоа сум го кажал и кога сум бил член на овој Парламент што ја поддржува Владата.

Сакам да укажам на фактот дека е невозможно она што ни се случува без наша намера сега го претвораме во политика на намера и уште го оправдуваме. Факт е дека ние огромен дел на средства испумпавме од стопанството и граѓаните во Буџетот кои сега некој вели дека имаме "слатка мака", јас сум уверен дека имаме противзаконска ситуација, во која Владата е должна да ни достави урамнотежен Буџет и ако тој бега од

рамнотежата кон дефицит или суфицит да презема мерки на економска политика да го доведе во рамнотежна ситуација. Некои од тие мерки на економската политика ги предлагавме во текот на годината предупредувајќи на ова. Тоа беше намалување на акцизите на пример. Меѓутоа, тоа не се прифати и сега Владата не убедува во она што е должна по Законот за Буџет да го прави, да предлага урамнотежени буџети со мали суфицити и дефицити во ред, меѓутоа, со огромни суфицити не е во ред.

Второ, сакам да кажам иако цената на нафтата во светот ја диктира нашата малопродажна цена би било фер господинот министер исто така да каже дека дури 19% од цената на нафтата малопродажна во Македонија и нафтените деривати не се продукт на светската цена на нафтата, туку се продукт на воведените нови даноци на тој производ во Македонија. Тој денеска е оптоварен со 19% повеќе отколку претходно. Министерот е должен да ни каже дека и покрај тоа што се движи цената на нафтата во светот, ние воведовме 19% нов данок на нафта и на нафтените деривати кој сега го плаќаме и вработен и невработен. Мислам дека еден објективен пристап од страна на Владата тоа мора да го прифати инаку сме доведени во заблуда и ние сега иако министерот тоа не ни го соопштува, ние сите го знаеме фала богу.

На крајот само да кажам како е дојдено, дозволете една минутка да излезам од времето по Деловникот, како е дојдено до математика за оптоварување по основ на ДДВ од 400 ДМ по семејство, доколку е четири члено. Приходите во Буџетот на Македонија од 1996 до 1998 година по основ на тој данок или данок на промет, биле на ниво од 8,8 милијарди годишно. 1999 година повторно без ДДВ биле 9,9 милијарди по завршната сметка. Заокружено 10 милијарди. Оваа година со ребалансот кој се нуди приходите по тој основ на оданочување до 1 април како промет од 1 април како ДДВ вкупно ќе бидат 17 милијарди денари. Разликата помеѓу оваа година и претходната само заради ефектот на воведување на ДДВ е 7 милијарди денари плус наплатени даноци на приходната страна на Буџетот. 7 милијарди денари груба пресметка, тоа се над 200 до 220 милиони ДЕМ. 200 милиони ДЕМ на 2 милиони население, а тој товар од ДДВ 95% од случаите паѓа на товар на крајниот потрошувач - граѓаните. 200 милиони повеќе оданочување по тој основ на 2 милиони население значи, зборуваме во германски марки, 100 марки по човек повеќе даноци се прибрани во Македонија по тој основ. Ако тие даноци се пумпаат од џебовите на граѓаните, најмногу заради карактерот на данокот кој се прелева во нив, тогаш станува јасно дека 100-те марки за четири члено семејство се 400 ДЕМ. Се разбира дека тоа е просечно, кај некој може да е 50 ДЕМ, кај некој 1.000 ДЕМ преку механизмите на стопанството. Меѓутоа, тоа се агрегатни показатели со кои оперира Буџетот. Ние не сме фирма, ние оперираме со агрегатни показатели толку просечно сме го оптовариле или ако сакате грубо тогаш е уште потешко од Македонија во Буџетот се испумпа 220 милиони ДЕМ повеќе, отколку претходната година кој сега е суфицит. Ние се залагаме тоа да можеше да не се повлече. Министерот најавува дека ја оправдува таа мерка, а едновремено најавува дека во идната година ќе го балансира Буџетот да не се испумпува толку, што создава една конфузија. Мислам дека е најфер да се соопшти дека не беше добро да се вовлекуваме во ваков суфицит кој е на наш товар. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да ги слушнеме и другите пратеници, имаме уште тројца пратеници за реплика.

Повелете, министерот Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ме прозва неколку пати, јас кратко одговарам, а гледам другите дискутанти многу повеќе од тоа што им е дадено како реплика.

Сега се впуштивме во една повеќе политичка отколку економска дискусија и можам да кажам следно дека премиерот она што го рече за распределбата на суфицитот дека е од природа како што би направила некоја лева Влада, лево ориентирана политички, тоа го кажа. Овој суфицит го распределуваме на тој начин, а не дека правиме такви буџети за во иднина. Да ве поправам, бидејќи спомнавте нешто што имплицира дека премиерот заговара таква политика за секогаш.

Оваа година остваривме суфицит и тој суфицит го употребуваме за враќање на долгови создадени, пред се од минатото, и долгови кон сиромашните слоеви на населението. Заради тоа се карактеризира како лево ориентирана политика во смисла на распределба на

вишокот на средства остварени во оваа година.

Тоа дека ние можевме во текот на годината за многу други работи да ги трошиме средствата пред се политички избори, тоа говори дека домаќински сме го штеделе она што дошло во Буџетот како вишок за сега да можеме да ги враќаме долговите и за сега да можеме да помогнеме со тоа на најсиромашните слоеви на кои им недостасуваат средства.

Конечно еве да одговорам за ова што спомна господинот Поповски за странски економисти дека сум спомнал, јас не гледам срам ако спомнам некои економисти кои не се по потекло од Република Македонија, нити сакам да кажам дека, или тој или некој друг од парламентарците не ги знаат тие работи, едноставно со тие луѓе работам секој ден и за мене е доблест ако соработувам и со странски економисти, а не слабост па да го потенцирам тоа. Така што тоа го ценам дури и како предност за разлика да речеме од претходната Влада, која што никогаш не ангажираше странски советници, ценеја веројатно дека тие знаат се. За разлика од нив ние не цениме дека знаеме се, цениме дека има и други што знаат нешто што можат да помогнат, а наше е да го извлечеме најдоброто од сите, од нас и од другите и да го спроведиме во економијата за идната благосостојба во државата. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш му благодарам на министерот за финансии Груевски.

Има збор пратеникот, реплика исто така.

Да одиме по ред, а вие имате право да кажете после.

Повелете, пратеникот Наумовски Рубенс.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, јас само една кратка реплика на делот од излагањето на господинот Илија Илоски, кој што во обид да прикаже дека новите менаџерски тимови за време на оваа власт се полоши или лоши од претходната, зеде еден пример од Охрид, го зеде за пример "ЕМО" и тоа точно сакајќи да даде политичка конотација на случајот, укажувајќи дека финансискиот директор таму во "ЕМО" е човек кој е член на "здружението Радко". Е сега незнам дали е поважно политичкото убедување на луѓето или нивната способност професионална. Но, ќе одговорам и на едното и на другото при што ќе кажам дека тој човек кој е за мене, односно финансиски директор во "ЕМО" е од порано финансиски директор, а "здружението Радко" е формирано мислам сега скоро. Јас и незнам дали е член на "здружението Радко". Но, вие ништо не кажавте за неговите за неговите професионални способности, а сакавте да кажете, да го земете за пример како една фабрика која лошо работи. Сега јас би го кажал следново: прво, да расчистиме во врска со "здружението Радко" и бидејќи директно сакавте да ги поврзите со ВМРО-ДПМНЕ и со оваа власт. Јас ќе кажам, за овој човек незнам дали е член на "здружението Радко", меѓутоа и во овој случај и не е важно. Би сакал да кажам дека тие луѓе кои се основачи на "здружението Радко" беа членови на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, во 1993 година кога прв пат експонираа такви ставови по прашањето на Македонија и Македонската нација, дојдоа лично во судир со мене и со Општинскиот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ при што изјаснувајќи се дека не постои Македонска нација, ние и јас лично им кажавме дека не им е возможно натамошно членување во партијата, после тоа самите си излегоа од партијата и им ја ускративме можноста да бидат членови на оваа партија.

Но, сега да зборуваме за економските параметри. Овој нов менаџерски тим во каква состојба ја најде фабриката ЕМО? Ја најде во состојба од 7 милиони марки долг и 22 милиони долари неподмирени побарувања од Агенцијата за санација на банки. Значи, 7 милиони марки и 22 милиони долари, со долгогодишно никакво инвестирање и обновување на технологијата, со трошоци на име репрезентации, бензин, патувања, телефони, за 1998 година 2 милиони марки трошоци. За да денеска имаме една ваква состојба никакви обврски веќе и долгови нема фабриката ЕМО. Значи 7 милиони германски марки се подмирени, исплатени. 22 милиони долари спрема Агенцијата за санација на банки се подмирени и никакви долгови спрема никого во овој момент ЕМО нема. А затоа има состојба 7 милиони марки долг и 22 милиони долари спрема Агенцијата за санација на банки. Понатаму во овие две години ЕМО има инвестирано нови инвестиции 4 милиони марки од кои само 2,5 милиони се за нова технологија, има

реконструирано 7 хали во ЕМО. Значи 4 милиони марки нови инвестиции. Притоа трошоците какви што беа овие два милиони во 1998 година за репрезентации, за гориво, за патување и телефони се 4 пати намалени. Значи, станува збор за домаќинско работење, притоа важен е фактот дека сево ова остварено со намалена цена на производи од 15-20%. Сега дали го зедовте стриктно примерот за ЕМО, бидејќи овие параметри јасно зборуваат дека со новиот менаџментски тим ЕМО ги подмирил сите долгови, влегол во нови инвестиции, нема ниеден долг, со намалена цена на производи од 15-20%. Значи, ако зборуваме за ЕМО, станува збор за една многу успешна фабрика особено откога дојде новиот менаџерски тим да работи во ЕМО на чело со г. Драго Шајноски, за разлика од оној кој беше ваш менаџерски тим.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Рубенс Наумовски.

За реплика се јави пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Потпретседателот Томислав Стојановски ми честита имենден, а јас им честитам на сите Митковци и Димитровци кои што денеска слават имenden. Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, бев спомнат во дискусијата на министерот и тоа во негов исказ кој што најмалку мене ми личеше на несмасно изјаснување. Министерот кажа дека Бузлевски вчера читаше нешто од меморандумот. Читав, меѓутоа не е тоа нешто. Ако таквото нешто вие го нарекувате нешто, тогаш зошто преговарате со ММФ толку долго, зошто сте се согласиле за таквото нешто да биде вградено во меморандумот. Јас можам пак да го прочитам и да оцени македонската јавност, бидејќи пратениците од позиција не се заинтересирани да го слушаат тоа, што е тоа нешто и дали е тоа нешто. Точка 12 од меморандумот кој што е земен од Министерството за финансии за наше запознавање кажува: големиот фискален вишок во првата половина на 2000 година беше исклучителен и не може да се одржи со непроменета политика. Тоа е со црни букви подвлечено во меморандумот. Има во тоа нешто и следна констатација: вишокот буџетски средства би требало да биде помал. И понатаму во тоа нешто ги прикажува кои се обврските ако сака Република Македонија да склучи аранжман со ММФ и со Светска банка кои обврски треба да ги исполни во тековнава година и во наредните години, бидејќи станува збор за аранжман од 3 години. Еве го тоа нешто, јас ќе го дадам после на новинарите да видат како изгледа тоа нешто.

Господине министер, искажавте овде, како е можно со воведување на данокот за додадена вредност се оптоваруваат невработените, или вие искажавте сомнеж дека тие се оптоваруваат дополнително. Па невработените се жители, невработените се граѓани во оваа држава, невработените трошат производи чии што цени се зголемија по основ на цената од ДДВ. Дали им забранувате на невработените да возат автомобили, дали не се согласувате да јадат леб, дали не се согласувате да бидат лекувани, дали не се согласувате невработените да живеат во домаќинства, кои што се електрично осветлени и крајно дали не се согласувате, невработените да можат да телефонираат? Бидејќи претпоставувам дека се согласувате дека сето ова претходново можат да го прават, тоа значи дека тие го прават од свој џеб и со дополнителни трошоци. Цената на течните горива и мазива споредена јули 2000 со јули 1999 година е 250,7%. Еве ви податок. Не верувате во ова? Не верувајте. Цената е толкава. Сега ќе ви укажам кои грешки и понатаму ги правите. Вие допуштате во последните две поскапувања да има поинтензивен пораст на цената на мазутот на товар на трошоците од македонската економија. Немојте тоа да го правите. Тоа е негативен однос на Владата, бидејќи директно влијае на продуктивноста и рентабилноста на претпријатијата. Сакам да го напоменам и следниот факт. Вие одите кон политика на зголемување на цената на импулсите во домашниот сообраќај. Се плаќа ДДВ, бидејќи ја зголемувате основицата за пресметување на ДДВ. По тој основ остварување и вишоци, а на сметка на намалување на цената на меѓународниот сообраќај. Тоа се мерки кои што директно се на штета на македонската економија и на граѓаните на Македонија.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Многу кратко г. Бузлевски, значи бидејќи немате учествувано во преговорите со ММФ, да ви кажам дека

овој документ што вие го имате, е најмалку 10 пати оттогаш до сега сменет. Тој документ, што вие го имате се менува многу често и некои делови таму се останати, некои се променети. Некои моменти што вчера ги зборувавте се останати, некои се променети. Ова што споменавте не може да се одржи со непроменета политика. Па тоа е тоа што ние го кажавме на ММФ и ММФ го прифати и тоа е тоа што го зборувам дека на крајот на годината ќе влеземе со пакет на даночни реформи, некои од нив ќе ги извадиме и порано, меѓутоа некои што се директно поврзани што директно влијаат иако фискалните машини можат да влијаат доста, меѓутоа можеме да ги извадиме порано. Другите ќе ги извадиме во пакет со Буџетот. Таа реченица што постојано ја читате, ние им ја понудивме на ММФ. Тој меморандум ние им го понудивме на ММФ, ММФ не ни го понуди на нас, меѓутоа го прифатија и тоа е останато до ден денеска. А, има други моменти кои што ги имате вие, а јас можам да претпоставам која верзија ја имате, бидејќи знам која верзија била циркулирана до поголем број на луѓе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Оваа верзија е од пред недела дена.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Од пред 3 дена има нова верзија. Тоа е тоа. Ние постојано имаме контакти за одредени детали. Се додека не помине кај менаџментот, се додека не помине ова писмо кај менаџментот ние имаме промени, ситни, но имаме промени. И да ви кажам, вчера, еве да ве известам дека вчера менаџментот на ММФ го одобри аранжманот за Република Македонија и г. потпретседател на ММФ лично ми телефонираше и ми честиташе за тоа. Но, до пред тој момент постојано бевме во телефонски контакти за одредени ситници, за кои што шефот на мисијата беше прашуван од секторите и од менаџментот и постојано имаше по некоја ситна промена. Така што дел од тоа што го имате вие е точно, дел не е точно. А пред недела дена немате верзија, затоа што таа верзија не е дистрибуирана пошироко. Не може да ја имате. Треба да сте влегле преку прозор во мојот кабинет за да ја имате.

И уште нешто. Бидејќи зборувате за сиромаштијата, сакам да ви укажам дека прв пат Владата на Република Македонија, има програма за сиромаштија. Никогаш досега немала програма за сиромаштија и не само што има, оваа година програма за сиромаштија од 817 милиони денари, туку планот е да има и во наредните две години со уште поголем износ.

И конечно барелот на нафтата, да ви укажам бидејќи ги знам на памет тие податоци, барелот на нафтата во периодот ноември - декември 1998 година беше помеѓу 9 - 1 0 долари по барел. Денеска е 32 и тој е едниот елемент кој што вие го спомнувате. Заборавате дека колку што влијае цената на нафтата на светските пазари, на пазарната цена во Македонија, на малопродажната цена, толку влијае и цената на доларот. Проверете колку беше цената на доларот во тој период. Ние не купуваме нафта со денари, ниту со марки. Знаете дека на светскиот пазар нафтата се купува со долари. Проверите и ќе видите. Ако добро се сеќавам цената на доларот беше 54, а можеби и помалку, а сега е над 70.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

По втор пат за реплика се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине министер, и онака влеговме во фаза на некоја микро економија, а и последново ваше говорење беше во тој контекст. Сакам да ви укажам на неколку битни моменти. Сега додека вие говоревте го погледнав Службениот весник каде што се објавени цените на дериватите висината на акцизата, Одлуката за висина на акцизата и на малопродажните цени од 31.10.2000, значи најновите и од 13.04.2000, значи, непосредно после воведување на ДДВ. Значи, последниот Службен весник каде што се објавени последното покачување на цената на дериватите. Што стои тука? Тука стои дека акцизата за моторниот бензин 86 е 22,742 денари, акцизата, и малопродажната цена е 56,50 денари. На 13 април истава оваа година малопродажната цена на истиот тој моторен бензин била 22,54. Значи малопродажната цена на 13 април оваа година била пониска од висината на акцизата што е затекната сега со ова најново покачување на цената на 31.10, што зборува за драстично покачување на цената на дериватите. И, ако се земат во предвид оние фактори кои што се екстерни, кои што влијаат врз оваа цена на бензинот т.е. покачувањето на цената на суровата нафта на светските берзи и порастот на доларот како водечка светска валута, мора да имате во предвид еден гол факт, дека на вас ви се врзани како

Влада рацете поради оној несреќен договор со Окта што го имате потпишано, што не ја продадовте, што ја поклонивте Окта под оние услови по кои ја имате поклонето Окта. На вас ви се врзани рацете, бидејќи не смеете ниеден денар да чепнете во преработувачката цена на нафтата, во рафинериската цена. И затоа грчевито се борите за да ги задржите овие структури со покачување на молапродажните цени. Меѓутоа, ве прашувам, ако тука ви се врзани рацете со меѓународен договор, зошто тогаш не ги смалувате акцизите. Затоа што акцизата на 13.04. по истиов бензин го земаме како пример, ги имам за сите овде, ако сакате да ви ги прочитам, била 15,5, а сега е 22,5. Значи, 7,5 денари е поголема акцизата. Ако се земело предвид дека на ова оди околу 9 денари и данок на ДДВ, ќе видите како на еден перфиден и директен начин ги осакатувате сите граѓани на Република Македонија и вработените и невработените итн.

Второ, кога сум веќе тука во овие 2 минути реплика на вас, би сакал да искористам ова што Бузлевски пред малку го спомна. Цената на мазутот има фрапантни достигнувања. Во истиот период анализиран, значи 13.04 малопродажната цена била 0,101 денар. Сега мазутот е 15,031 денар. Значи, имаме 15 пати покачување на цената на мазутот од 0,101, на 15,031, период 13.04. до 31.10. Менаџерскиот тим во 4 градежни фирми кој работи на автопатот Тетово - Скопје, или кон Гевгелија е истиот што знае и српски и македонски и бугарски и англиски. Тие се истите менаџери. Знаете ли во колкава загуба се влезени поради овие драстични пореметувања што се настанати на цените кај деривати, бидејќи основни инпути им се нафтата и мазутот на тие 4 градежни фирми скоро 70 милиони марки се во загуба.

Сега ја користам репликата на г. Рубенс Наумовски, бидејќи тој мене лично ме повика. Господинот Рубенс Наумовски, јас во мојот говор немав ниту намера, ниту пак го повикав да ми реплицира. Меѓутоа, кога некој си ја има мувата на капата, си ја ишка пред камерите, пред целата јавност. Ниту му кажав дека тој е формирач на Радко, ниту дека тие членови биле членови на ВМРО итн. Јас спомнав дека еден член од менаџерскиот тим на ЕМО беше и го видовме и на камерите и во весниците дека беше присутен на формирањето на Радко. И јасно и гласно дека и по охридската чаршија тој член кого лично го познавам се кажува дека е бугарин, така се кажува. И не знам што толку тешко му паѓа на Рубенс, што тој така се кажува дека е бугарин. Друго, би му препорачал на г. Рубенс Наумовски кој не е економист, кога му читаат цифри по мобилен телефон треба се до крај да му кажат. Точни се овие факти, ако не е точно, тогаш вие сте некој член на менаџерскиот тим на ЕМО, значи сте во тек со тековната економска состојба на ЕМО. Точен е фактот г. Рубенс Наумовски дека со смената на раководството во ЕМО, ЕМО се затекна во ситуација на 7 милиони марки обврски комерцијални и 22 милиони обврски спрема Агенцијата за санација на банки. Меѓутоа, точно е и тоа дека тие обврски беа сервисирани, што значи не беа доспеани во тој рок да се платат, а ќе ви кажам како се платија после. Се платија, бидејќи бившата Влада го донесе Законот за обештетување на фирмите кои работеа во Ирак. По тој основ истата таа фирма за која денеска говориме побаруваше 40 милиони УСА долари од Буџетот на Република Македонија. Намера беше на таа Влада со овие затекнати обврски во Агенцијата за санација на банки да се изврши компензација, или пребивање и раководството на ЕМО треба да одговори спрема работниците, зошто го даде тој дисконт и си ги осакати побарувањата што ги имаше од државата, го даде најголемиот дисконт 70% и ги искомпензира обврските што ги имаше спрема Агенцијата за санација на банки со побарувањата што ги имаше од Буџетот по основ на обештетување од ирачките побарувања. И така ги покри целокупните обврски затекнати во фирмата. Да не тоа го направија господата бизнисмени во ЕМО што отворија фронт на сите континенти да работат таму. Се знае колку е производството пред да оди менаџерскиот тим што го сменивте и овие откога дојдоа. Дури да ви кажам на првиот ден од одење на поранешниот директор и доаѓање на сегашното раководство со милион долари на жиро сметка беше затекната фирмата. Тоа се господине Рубенс вие не знаете, две бруто плати, а сега исто знаеме како живее. Менаџерскиот тим зема 10 пати поголеми плати од просечниот, што работникот ги зема и е сведен на 4.500 илјади денари плата. И таа е состојбата во ЕМО, а кога ќе ви кажуваат по мобилен телефон се да ви кажат, а не само она што треба пред јавноста да го соопштите. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

МУ благодарам на пратеникот Илија Илоски.

За реплика на реплика се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, мислам дека расправата што се водеше два -три дена почнува да губи од тежина. На пример, деловнички е концепт на имање право на реплика, подразбира во превод, под зборот реплика, - одговор. Реплика е одговор. Ако ми е во вид на реплика даваме одговор и министерот во вид на реплика дава одговор на нашите реплики, а тој не одговара на тоа што ние го покренуваме, тогаш губи од смисла целата филозофија на репликата односно на одговорите.

(Џагор во салата).

Ги молам пратениците Филип Петровски и Александар Пандов да бидат потивки и тие можат да употребат право на говор.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Суштината на репликите се губи. Мислам дека ние можеме до бесвест сега да поставуваме прашања на министер кој не ги одговара, туку ни кажува друго. Мислам дека нема потреба да се оди во таа насока.

Само ќе констатирам нешто што е многу битно. Собранието е политички дом и одлучува за политички работи, вклучувајќи го и Буџетот. Ако премиерот, сега ќе цитирам, со оглед дека господинот министер се обиде со изместување на тезите поинаку тоа да го претстави, кажа "со тоа", прво рече дека овој бил по социјалистички модел на ребаланс од било кога во државава. И сега, цитирам "со тоа, уште еднаш се докажува" внимавајте "се докажува правилото" значи правило а не исклучок "дека левите сили многу зборуваат за социјална правда, ама централно десните се тие кои покажуваат резултати и конкретно ги завршуваат". Значи, се докажува правило, она што јас го потенцирав е, дека овој Буџет не докажува правило, докажува исклучок кој не е создаден по пат на планирање од централно десничарската Влада, туку по пат на неснаоѓање во времето на воведувањето на ДДВ. И, ако беше ова правило, тогаш и министерот ќе потврдеше дека идната година ќе биде истиот Буџет. А, тој ни тврди она што е сега вистината и дозволете да не се сфати како некоја друга изјава, туку како политичка моја изјава, дека јас сум склон да верувам на она што го кажува министерот, иако е тој министер во Владата на премиерот. И, мислам дека министерот е на правата трага, со што потврдува дека овој исклучок, а не правило, идната година нема да важи, со што ќе потврди дека ова е исклучок и дека била недобро планирана буџетска година, со лоша даночна политика.

И второ, мислам дека министерот денеска децидно кажа и ни покажа уште една многу битна работа за РМ, за што ќе си дозволам повторно да кажам дека попрво би го поддржал него отколку неговиот премиер, и мојот премиер, во смисла на државјанин на оваа држава. Меѓутоа, не и во својство на политички подржавател негов. Дека, тој не убедува нас колку се значајни контактите со ММФ, колку секојдневните промени се битни за Македонија и уште се обиде да ни каже дека, за разлика од нас тој има намера со ММФ да контактира, да не не изолирале нас, мислам дека тоа не му требаше затоа што и тој самиот знае дека сите влади во Македонија, без исклучок како се нарекувале, со ММФ морале да соработуваат. Наспроти изјавата, сега да не ја цитирам од стенограмот на премиерот, дека од година ние ќе престанеме со ММФ да имаме потреба да комуницираме, што мислам дека е мошне сериозна политичка изјава од еден премиер.

Овие изјави на министерот за финансии сега не внесуваат во порелаксирани води, мислејќи на Република Македонија, во кои Македонија нема да се откаже, напротив, тој инсистира на односи на оваа држава, на оваа Влада и на ова Собрание со ММФ и Светска банка. Мислам и сум склон повеќе да се приклонам и да верувам во тоа што тој го кажа. Меѓутоа и понатаму остануваме на тврдењето дека целата расправа ако се одвива во нормални услови, како што личи за една полумилијардерска тежина на ребалансот, изразена во марки ќе си го добие правото место, повеќе во насока на ова што го говори министерот за клучните работи, дека Македонија треба понатаму да размислува. Инаку, за жал, остануваме со различни економски и политички процени со министерот и тоа е легитимно право секој да си има и ќе одлучува некој друг за тоа кој бил во право, за тоа што всушност се случува со нашиот Буџет. Дали е тоа последица на реално планирање или е последица на случајност. Дали е товар или е олеснување за Република Македонија? Дали тој значи ново оданочување или не значи? Тука, очигледно имаме големи разлики.

Меѓутоа, овие два факти мислам дека се смирувачки за иднината на Македонија, барем на среден рок. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски Никола.

Реплика бара пратеникот Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, јас бев пријавен малку порано, меѓутоа не ми дадовте збор.

Инаку, мојата реплика се однесува само на одредени контра тези дадени околу она што јас го дадов во моето излагање.

Би сакал пак да повторам, а и кога говорев овде, на почетокот мислам дека беше, и пред воведувањето на ДДВ, јасно кажав и после воведувањето на ДДВ граѓаните плаќаа данок.

Е сега, би сакал да кажам пак со конкретен пример, навидум апсурдна ситуација, а всушност беше пракса, работејќи по претходниот даночен систем. Имаме редица на производи оданочувани со 25% што после воведувањето на ДДВ со даночна стапка од 19% беа поскапени. Значи, навидум апсурдна ситуација, имаме намалување за 6%, а поскапување на производот. Би сакал јас, некни тоа го елаборирав, дел од градежните материјали, пак да повторам, што всушност се работеше и што е тоа што велиме дека е намалена сивата економија.

Доколку со претходниот систем тоа се дозволуваше, се земаше роба со можност да не се плати данок, апсурдно е да очекуваме дека граѓанинот нема да го плати тој данок. Тогаш, зошто некој би правел одредени манипулации за да не плати данок, за да граѓанинот има поволности. Тоа не држи место, така што до 25% можеби сме имале данок од 15-16-17% што граѓанинот го плаќал, меѓутоа парите не завршувале во Буџетот, туку во приватни џебови. Така само можеме да го објасниме енормното збогатување на одредени поединци.

Мислам дека околу тоа еднаш засекогаш треба да расчистиме. ДДВ самиот по себе ја елиминира сивата економија. Најголемите приходи од ДДВ не се на товарот на граѓаните, туку на товарот на оние кои ги правеле малверзациите, парите место да одат во Буџет, оделе во приватни џебови. Тоа треба еднаш засекогаш да ни биде јасно, дека ДДВ е добар закон и дека со ДДВ не добива ВМРО-ДПМНЕ или Демократска или ДПА. Добиваат граѓаните на РМ, бидејќи нивните пари дадени за данок одат на право место. Сега гледаме, преку суфицит им се враќаат повратно назад. Парите што тие претходно ги даваа на име на данок одеа во приватни џебови или во странски банки, не е важно каде. Мислам дека треба да ни биде јасно и дека тоа не е во интерес ниту на нас, ниту на опозицијата, во интерес е на Република Македонија. Тоа околу ДДВ.

Само куса реплика од господинот Бузлевски околу забраната за возење автомобили, само сакам да кажам една мерка што ја има спроведено јапонската влада, таму се огромни казни доколку се фати човек да се вози сам во автомобил. Јас не би ја коментирал колку е демократска или не е демократска оставам сами вие да процените и јавноста. Значи во Јапонија е најстрого забрането да се возите сам во автомобил. Тоа е правата работа.

Околу електричната енергија. Беше напомнато, можеби сме единствена земја во светот каде е најевтино да се греете на електрична енергија. Тоа го нема никаде. Само ќе го посочам примерот со Грција, верувам дека сите таму сте биле, на секоја куќа има соларна енергија.

Јас сум од Виница, за таму можам најодговорно да тврдам, нема на 10 куќи соларна енергија, а имаме над 270 сончеви денови и страшно топла клима. Сето тоа говори за нешто што не е добро. Толку.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Трајчов Горанчо за учество во расправата.

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, расправаме денеска навистина за една битна точка, измени и дополнувања на Буџетот на РМ, каде сите граѓани на РМ сериозно ја следат седницата, бидејќи се работи за нивните интереси во целина воопшто. Меѓутоа, тука падна и нивото. Веќе почнаа пратениците да се занимаваат со ситни работи, па и министерот почна да одговара на ситни прашања, па дури и реплика. Од министерот се бара само одговор, а не може министер да реплицира на пратениците. Како прво.

Како второ, се зборува за разни работи, бугарски, српски. Па да видиме во Буџетот каде има став бугари, каде има став срби, па да видиме каде е ставот албанци, фактички ставка.

Едно треба да бидеме свесни, сите тука сите граѓани на оваа Република, па и ние како пратеници во ова Собрание, дека целта на држава кога предлага Буџет на РМ,

на пример да го земеме Буџетот за 2000 година, не е за тоа да има суфицит на крајот на годината. Меѓутоа, приликите беа такви што ете, во средината или поточно од 1 април 2000 година се донесе Законот за ДДВ и непланирано на крајот на годината или пред крајот на годината се појавува суфицит, вишок на средства во Буџетот на РМ. Затоа, денеска се предлага од страна на Владата на Република Македонија, Предлог за измена и дополнување на Буџетот.

Има многу причини и тоа се направи во текот на овие денови да се критикува суфицитот или да се брани суфицитот. Секој пратеник, зависи од која гледна точка ги гледа работите има право и да го брани и да го критикува. Меѓутоа, едно што е најбитно во целата оваа работа, дека секој суфицит во транзиционите држави, па и во развиените држави, што го надминуваат процентот од 3 до 5% е штетен за граѓаните на таа држава. Затоа, ние тука треба да разговараме каде овие пари да ги насочиме за да се вратат пак кај граѓаните на РМ или поточно кај граѓаните и стопанството. Дека, ние сме сведоци дека стопанството во РМ е неликвидно, нема пари во оптег, нема пари во обрт.

Од друга страна сите сме свесни во РМ дека од ден на ден се полошо и полошо оди семејниот Буџет откако стапи на сила ДДВ. Сите знаеме дека на телефонските сметки има 19%. Цената на дериватите отиде. Светската цена навистина отиде нагоре, но со автоматизам се плаќа и акцизата итн., ДДВ итн. Затоа и имаше предлози порано од одредени пратенички групи во Собранието на РМ да се намалат акцизите за толку колку производите имаат ДДВ. Меѓутоа, тогаш тие предлози не поминаа во ова Собрание.

Затоа тогаш и претставниците на Владата требаа да бидат поупорни во разговори со ММФ за да можат на одредени артикли да се намалат кај акцизните стоки, да се намали акцизата, да има една рамно тежа, да не оди на товар на граѓаните.

Од друга страна, пред да се воведе ДДВ се знаеше дека по автомобилите, такво јуриш имаше од страна на граѓаните и од тоа се пополни Буџетот. Од друга страна се пополни и со сите други производи што до тогаш беа со повластена даночна стапка, а сега се со данок од 19%.

Тука се поставува едно прашање. По кој основ е наполнет Буџетот? Од страна на многу пратеници се кажа кои се основите: ДДВ, продажба на државниот капитал итн., да не ги набројувам сите. Меѓутоа, во иднина треба да внимаваме, а требаше и до сега, да се наполни Буџетот од акцизните стоки. Тука имаме намалување. Денеска се предлага намалување на тој приод од страна на акцизните стоки. Тука е најбитното што ние сакаме и што треба во иднина да ги отвориме очите.

Другата работа, дали предлагаме, дали бевме за сиромаштијата? Господо пратеници, од моментот кога се оданочуваат и основните прехранбени продукти, тука губи долниот слој, сиромаштијата, кои имаат проблем со нивната егзистенција од 1 до 1. Пред ДДВ за лебот, елементарните прехранбени продукти како лебот и други, млекото и други што се елементарни беа без данок на промет. Меѓутоа, со стапување на сила на ДДВ се плаќа и за тие со повластена стапка од 5%. Затоа, тука не внимаваме многу на тој нискиот слој. Но, во оваа насока се фаворизира повисокиот слој. Инаку, со еден слој незнам дали може да постои Република Македонија. Затоа, тука треба да се направат напори за барем елементарните прехранбени продукти во иднина да не се оданочуваат. Во тој правец треба да се води грижа.

Мислам дека овој суфицит, ако веќе се појавува во Буџетот на РМ да се најдат механизми и инструменти да се врати пак во стопанството. Кои се тие механизми, ќе треба Владата да ги најде за враќање на тој суфицит пак во економијата. За основање или основање на мали и средни претпријатија, каде долгорочно ќе го решиме социјалниот проблем. Ќе го решиме невработувањето во Република Македонија. Нема да се реши долгорочно ако сега од страна на Буџетот се дава социјална помош на луѓе кои се социјално загрозени. Тоа е краткотрајно. Подолготрајно треба да се најдат инструменти или механизми каде ќе можат парите од суфицитот од Буџетот, од вишокот пари да се врати во стопанството. Меѓутоа, да се најдат механизми, не тие пари да се врата во вид на кредити со камата, туку да се враќаат во вид на кредити без камата. Тоа по автоматизам ја оптоварува неликвидноста на фирмите.

Тука би сакал да спомнам кој е стандардот во општествените дејности во РМ. Господо пратеници, сите заедно треба да размислиме каков стандард имаат луѓето кои работат во здравството. Каков стандард имаат луѓето кои работат во образованието. Тоа е нешто наше најсвето. Таму учат нашите деца. Само би спомнал дека од тука поголемите средства од овој вишок на пари треба да се дели токму во образованието и во здравството. Знаете дека јас ќе го земам како пример моето Тетово.

Таму има средни училишта. Има примено толку и толку ученици. Меѓутоа, нема каде да учат немаат сопствени објекти тие средни училишта. Учат во други основни училишта каде се учи во три-четири смени. Знаете дека во една училница има 47 ученици, каде е невозможно да се води настава. Луѓето, учениците немаат клупи каде да седат. А, дали не треба тука да размислуваме за вработените кои работат во образованието, почнувајќи во основното образование, средното и универзитетското образование.

Па, господо пратеници само еден пример, една паралела тука ќе направам. Еден пратеник кој доаѓа од Битола или Струмица, неговата дневница денеска е 5.000 денари. А, еден просветен работник, еден наставник или професор денес има само 8.000 денари.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Дали не треба да се разговара на оваа тема. Дали и Владата и ние како Парламент не треба тука да размислуваме за овие работи.

Јас пред извесно време тука поставив прашање до министерот за образование, прашање околу изградбата на регионалното средно училиште во Тетово, т.е. Медицинското училиште во Тетово. И ако 1997 година беа изнајдени средства за да почне изградбата на тоа средно медицинско училиште иако беше одредена локацијата, до ден денес тоа училиште не е почнато, а плус имам и одговор од страна на министерот за образование дека нема веќе од каде да се најдат средства да почне со изградбата на тоа медицинско училиште. Друг пример имаме во средното училиште во Скопје, тоа е Зеф Љуш Марку.

Се враќам пак кај средното медицинско училиште. Сега господа пратеници имаме вишок на средства во Буџетот. Ајде еден дел од парите да ги одвоиме, да отпочне градбата на средното медицинско училиште во Тетово. Затоа и кон министерот за образование кога ми испрати еден таков одговор, иако јас не сум задоволен од тој одговор, ниту тоа до ден денес не сме имале прилика да имаме седница каде ќе има и пратенички прашања за да го изразиме за да ја изразиме нашата несогласност со ставот на Министерството за образование. Затоа ве молам, ако немало средства, еве сега има средства, да ги одвоиме тие средства. Да не зборувам за ред други училишта во Тетово, па и пошироко како што го спомнав средното училиште односно гимназијата Зеф Љуш Марку во Скопје.

Секој Буџет се носи во ова Собрание. Дајте господа пратеници еднаш за секогаш да најдеме консензус, дајте од тие средства да одвоиме и за Високото образование на албански јазик во Република Македонија, т.е. за Тетовскмот универзитет. Ние за тоа имаме предложено и амандман, од страна на пратеничката група и мислам дека тука треба да се најде еден заеднички јазик меѓу нас, за да можеме да го финансираме и тој универзитет, како што се финансираат и другите два во Република Македонија. Затоа јас мислам дека треба да се разговара за оваа работа. Да не зборувам за земјоделците кои под итно треба да се ослободат од ДДВ, при купување на репроматеријали. Тука се спомна, по која цена годинава се откупуваа градинарските производи. Дали господа пратеници ние не треба тука да се секираме за нив. Ние сме тие кои треба да бидеме погласни околу нивните права да кажеме дека овие пари доаѓаат од граѓаните и ќе треба да се најдат механизми да им се вратат на граѓаните, да имаме една економска стабилност, па на крајот на краиштата и егзистенционална, бидејќи тие од тоа егзистираат. Тука се општите работници. Еве јас ги зедов само во образованието, кои неможат од први до први да излезат на крај. Затоа мислам и предлагам да се одвојат средства за да им ги покачиме платите во образованието, во здравството и секаде таму каде што имаат луѓето проблеми со својата егзистенција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

За збор се јави пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, почитувани економисти во Собранието на Република Македонија.

Ќе ми дозволите, иако не сум економист, се осмелив да зборувам на оваа тема, а поготово што еден пратеник истакна дека политичкиот дел најмногу ни припаѓа во Собранието на РМ и се надевам дека токму и за тој политички дел ќе се осврнам во тој мој говор.

Најпрви сакам да кажам дека ние прво на политички план, како политички

партии во РМ, почнувајќи од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ не се согласуваме со одредени реформски зафати што се носат во оваа држава.

Најклучното прашање за кое денес, вчера и претходните денови разговаравме овде е прашањето околу ДДВ, неговите ефекти, прибирањето на средствата и политичкиот дел, дали навистина со овој закон, со овој данок на додадена вредност, навистина во РМ се смалува сивата економија. Вие дами и господа од левата страна се сеќавате дека кога го носевме ова реформско сознание во ова Собрание, дека ДДВ навистина треба да се воведе, многу од вас застанаа на страната дека Македонија како држава сеуште не е спреман, ниту институционално, ниту кадровски, ниту економски да го однесе овој данок и според тоа вие бевте гласноговорници дека не треба да се воведе тој данок. И ако ја земеме повторно листата на гласањето при донесувањето на овој закон за воведување на ДДВ, ќе видиме дека најголемиот дел од левата страна беа против воведувањето на данокот на ДДВ. Тоа е еден голем политички аргумент за тоа кои реформски се однесуваше во оваа држава, како политичка структура.

Исто така, лидерот на СДСМ отпочна една голема кампања во РМ, по сите градови да укаже на тоа каква ќе биде штетноста од воведувањето на ДДВ и се воведе една голема кампања во одредени гласила на опозицијата за тоа каква штета ќе направи ДДВ во стопанството на РМ. Јас се сеќавам, во мојот град Битола, господинот Бранко Црвенковски на големо во салата на Домот на културата зборуваше какви ќе бидат катастрофални последиците од воведувањето на Законот за ДДВ. Јас немав прилика да седам во салата внатре, имаше монитор надвор и го следев целиот говор на господинот Црвенковски, за денес неговите пулени да кажат м ние бевме за законот за ДДВ и ние имаме некоја стратегија, меѓутоа фактички дијаметрално спротивно се разликуваме со опозицијата. Ние класично реформски курс во оваа држава и покажавме и докажавме дека ќе опстоиме на било кој начин и на било каков ризик со ДДВ. Ќе го воведеме се со цел да можеме наредната година да ја одредиме целокупната стратегија, не само со Буџетот и со монетарната политика и со другите параметри што одговараат на оваа држава. Значи, тука дијаметрално се разликуваме.

Исто така, сакав да укажам дека со ова се покажа дека ДДВ има позитивни ефекти во РМ, но дека не се доволни. И, го почитувам господинот Стојан Андов кога кажа дека сеуште до крај не се спроведува односно не се собира максимално данокот на ДДВ. Тоа е факт. Меѓутоа, почитувани пратеници, можете да се потсетите дека во РМ ако се вратите назад, не со оваа Влада, со претходната Влада имаше голем број на фирми, повластени фирми кои неплаќаат данок, повластени фирми токму од власта во РМ. Но, за жал, со воведувањето на ДДВ, еве ни се покажуваат првите резултати и тоа е дел од таа сива економија која денес ја имаме како суфицит во Буџетот на РМ. Значи, тие привилегирани фирми од поранешната власт сега во голем број случаи мора да го плаќаат ДДВ и заради тоа имаме одредени ефекти и тоа е дел од рушењето на сивата економија. Сигурен сум, тука да бидам многу оптимист дека сивата економија во РМ е уништена. Таа може да се уништува и на царинските пунктови и на други места и со другите даноци во РМ. Но, сепак мислам направени се крупни чекори за рушење на сивата економија и за ставање на еден ред во РМ.

Исто така, сакам да укажам на тоа дека наследените состојби во оваа држава ние како рефромска Влада сакаме битно да ги измениме, но точно е дека во оваа држава проблемите не можат да се надминат преку ноќ за 1 или 2 години. Создадената јавна администрација не е создавана во текот на претходната и оваа година. Таа е создавана повеќе години сукцесивно и ние сега имаме големи маки, големи тешкотии како да ја сведеме во рамките на економската состојба во државата. Нормално, тука имаме и одредени сугестии од ММФ. Токму заради тоа, не треба некои луѓе тука да леат крвави солзи и да кажуваат дека ние треба да ги зголемиме платите на службениците, кои 10 години не се покачени, ние треба да ги зголемиме платите на просветните работници, на здравствените работници. Ве молам почитувани пратеници, тоа најлесно се прави доколку имаме право и ние би го добиле ловоровиот венец ако ова го направиме во овој миг или со овој ребаланс на Буџетот да ги зголемиме 10 или 15% платите на овие работници во РМ.

Но, не е тоа тоа. Ние треба да имаме база, ние треба да имаме основа, треба да имаме здраво стопанство, добра економска политика, добар Буџет, за да можеме тие работи да ги направиме. За да го направиме тоа, ние мораме тие буџетски корисници да ги смалиме во најдобар ред, во најмал број, за да можат само по таа основа преку Буџетот да добијат, да речеме 10% зголемување, ако се само намалени и доведени во нормалниот број во државата. Плус тоа може и со економскиот раст во РМ да се добие уште нешто плус, но тоа се зафати кои навистина оваа Влада и овој ресорен министер има доста заслуги. Јас лично како човек, како пратеник ја следам оваа состојба овие 2 години на оваа Влада и лично сум многу задоволен и од знаењето и од умешноста на овој министер и јас му давам не само морална поддршка, туку и секаква друга политичка поддршка да истрае во реформските зафати. Дури би му дал и еден аманет, да не се однесуваме строго партиски во менгемињата што ни се ставаат или не ставаат. Доколку имаше од левата страна позитивни работи што ги кажаа во врска со ребалансот на буџетот и во врска со макроекономската политика и незнам што, ве молам господине министер да ги прифатите, но ние ќе ги користиме како наша позитива и нема да бидеме скептици дека одредени прашања и проблеми што се покренуваат од опозицијата се наш хендикеп. Не. Нивните прави сознанија треба да бидат наша предност, не наш хендикеп. Затоа велам како еден аманет, да го прифатиме како конструктивност во целава работа, за да можеме во РМ не само да пумпаме пари од стопанството, да ги испумпаме најквалитетните луѓе, најквалитетните сознанија за да можеме да одиме напред. Инаку со препукување дека некој посебно во левиот џеб украдените ги ставил во десниот џеб, тоа е само декларативност и тоа неводи кон ништо. Јас можам сега од оваа говорница сто пати да му поставам и на Иљовски и на Бузлевски, или на некои други. Нека ми кажат колку ќе беше Буџетот пополн ако работеше една "Битолатекс" во Битола со 3.000 вработени. Ако работеше едно со фрижидери со 2.000 вработени. Колку ќе имаше плус во Буџетот на РМ под полна пареа ако работеше ФЕНИ од Кавадарци, ако работеше под полна пареа Југохром - Јегуновце, ако со полна пареа работеше Хемпекс, ако работеше свиларата од Битола, ако работеше кожарата, ако работеше Пресматекст на господинот Бузлевски. Само една фирма во Ресен работи и сега ќе ми кажуваат: ние правиме ребаланс на Буџетот, не е тоа добро. Се знае дека можеби не е многу добро. Но, таа е една одредена сондажа што на почетокот од воведувањето на ДДВ имаше едни колебања и кај самиот министер да не пребрза во некои работи и да ги види ефектите од ДДВ, за да може нешто да се прави. Инаку, состојбата ејасна. Јас нема да спорам во бројките, колку насто е суфицитот од ДДВ, колку е од другите приходи, колку е од донации. Но, тоа мораше така да се направи како една сондажа па ќе послужи како добра база за наредната година и за наредното буџетско планирање. Јас мислам дека на нашиот министер сега ќе му биде многу полесно за одредени параметри и за одредени даноци со сето она што го кажав, со сите нови закони што треба да се донесат, ние ќе имаме прекрасна стратегија за наредните 2 години додека ние мандатот. Но, исто така, сакам нешто друго да кажам.

Почитувани пратеници, зарем овој министер ресорен му посегна во џебовите на девизните штедачи од Битола кои се најголем број во Република Македонија и таму функционира здружението на девизните штедачи, бидејќи тие се најголеми печалбари. Нивните девизни влогови се заробени како и моите. Тој министер ниту ги создаде, ги наследи, во еден континуитет, каква Влада доаѓа, сите обврските на државата се прифаќаат.

Но, сега во претходните разговори со Здружението на старите девизни заштеди, министерот вети и издржа една работа. Но, сега со ребалансот на Буџетот вели: за дел од девизните стари девизни заштеди повторно се интервенира. Тоа е уште еден плус дека министерот не лаже и кажа: доколку состојбата во Буџетот или економската состојба во државата се подобри, ние ќе интервенираме. Тоа е факт дека министерот долгорочно размислувал и не се служи со никакви лаги, туку се служи со реални параметри и јас сум многу задоволен како битолчанец, бидејќи битолчани дел гласале за мене. Ја поздравувам оваа позитива од страна на министерот за интервенција за старите девизни влогови.

Исто така, почитувани пратеници, несмееме туку така да замислуваме дека одредени работи настанаа во државата и

никој не треба да ги решава. Осумтте посто на пензионерите не ги создаде ниту оваа Влада, ниту овој министер. Но, тоа мора еднаш да се надмине. Мора да се надмине. Јас мислам доколку се надмине за наредниот Буџет тоа ќе биде далеку, далеку полесно.

Исто така, има многу други нешта кои беа тука споменати. Несакам да ги повторувам, од областа на социјалата каде се доцни повеќе месеци. Тоа е една добра основа за да можеме порелаксирано да дишеме при наредната распределба во Буџетот и да може една реална политика да се

оствари во Република Македонија.

Нешто што сакам посебно да кажам од политичкиот дел. Овде често се зборува, донации имаше и кај претходната Влада, државата рабоотеше и постојано со Меѓународниот монетарен фонд итн. итн.

Почитувани пратеници, доброволното дарување на пари секогаш се прави од сентиментални или од политички побуди. Друго нема, ако има, станете кажете. Политички факт е кај оваа Влада, со својата принципиелна политика, особено со настаните во Косово, со бегалската криза, со ставот кон НАТО, со приближувањето кон Европската унија, наредното потпишување на договорот итн. Покажа и докажа дека има кредибилитет во странство и кај другите држави од Европската заедница и светот што токму за оваа Влада и подариле и дале пари за надминување на одредени проблеми што се јавуваат во државата и тоа е политички дел. Вие можете да го третирате и да го елаборирате како сакате, но тоа е факт дека на оваа Влада и дале повеќе пари заради политичката поддршка, заради реформскиот курс на оваа Влада која опстојува и оттука нема бегање. Тоа мора да се цени. Зошто на господинот Милошевиќ му направија целосно ембарго од сите страни. Затоа што беше политички неподобен. Ние во РМ создадовме една поволна клима. Нашите меѓуетнички односи се на едно големо ниво, на едно големо рамниште. Нашиот однос кон НАТО за разлика од опозицијата во косовската криза и по косовската криза и со нападите на Американската амбасада беа сосема поинакви. Тука сме дијаметрално спротивни политички, тука нема што да се натпреваруваме. Ние секогаш одиме за чекор напред предвреме пред опозицијата, пред СДСМ. Токму е тој наш реформски дух сега награден од тие пријатели од светот што навистина домаќински работиме, домаќински се однесуваме. Не се срамиме да кажеме дека ние како Влада докрај не го срушивме, не го уништивме криминалот.

До крај не го уништивме перењето на пари. Но сите овие зафати и она што го кажа министерот, со новите закони, воведување на картици со посебни чипови итн., за евидентирање на прометот, ќе се направат механизми со цел државата како апарат да може докрај и најмаксимално да ги собере даноците од сите во државата.

Впрочем, почитувани пратеници вие од "Теоријата за државата и правото", ако сакате и од други учебници, можете да увидите дека една од основните карактеристики на секоја држава е прибирањето на даноци. На Запад, можете се да направите, но ако затаите данок и ако ве фатат, тешко вам. А кај нас? Токму заради тоа, ние ги правиме овие целисходни реформски зафати и јас мислам дека нема никаква штета и никаква паника не треба да се крева во државата, заради тоа што има

суфицит во Буџетот на РМ. Тој го има, ќе се распредели и јас мислам дека е добро што на еден ваков начин се распределува. Јас знам дека ќе има и глад за други работи, но толку се парите, толку е можноста на оваа државичка и да се надеваме дека наредната година, со подобри мерки, со донесувањето на сите закони и за наше поефикасно работење овде е присутно на седници, за да ги донесеме тие реформски закони, се надевам дека Македонија ќе направи уште еден крупен исчекор напред кон Европската интеграција и кон сите други структури, за да не висиме и да не питачиме пред ММФ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

За реплика се јави г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дине Котевски, обично важите за добро информиран човек и мене ме изненадува, што во овој случај не сте тоа. Ако сте веќе загрижени за Ресенското стопанство, со оглед на тоа што кажавте дека таму работи само едно претпријатие, претпоставувам дека мислевте на "Алгрета". Јас ќе ве информирам, а со тоа, се надевам дека ќе ве задоволам во таа информација, дека во Ресен работат сите претпријатија. Буквално сите. Така да, таа грижа ви е одвишна и на тој план толку да не се секирате.

Во делот на вашиот исказ за етикетирање на "Преспа текс" и кажаното дека е моја "Преспа текс", би ве замолил добро да се информирате дека "Преспа текс" е претпријатие кое има тековни проблеми, "Преспа текс" е претпријатие кое перманентно работи, но ве информирам вас и јавноста, заради вашиот исказ, дека "Преспа текс", е пред се, претпријатие на вработените во "Преспа текс" и на државата во делот на претворениот долг на "Преспа текс" кон државата, во траен влог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Котевски како одговор на репликата.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван г-дине Бузлевски, погрешно ме интерпретирате.

Прво, можеби и во Битола и во Ресен да работат повеќе фабрики и капацитети, но многу е битно како работат. Јас зборувам за рентабилитетот. Зборувам за еден „Агроплод", кој беше гигант во поранешна Југославија, а како работи денеска. Еден "Преспа текс", па да не ги набројувам и другите. Многу е битно, ние овде во Собранието на РМ дека работиме, но колку е нашиот учинок и присуство овде и што сработивме. Тоа е многу битно.

Исто така, г-дине Бузлевски, јас несакам ништо да спорам без аргументите и фактите се сосема тука во државата, во Агенцијата за приватизација, ќе притиснеме на компјутерот и ќе ги провериме и во Агенцијата за санација на банките. И нема бегање од тие извори и од информации. А за Битола, ако сакате, можам за рака да ве земам да ве прошетам, да видите колку од нашите фабрики работат. Можам да ве фатам за рака, да видите колку работат во Битола и каква пакос е направено во вашето владеење, посебно на Битола. Упад со девизните штедни влогови, пљачка со ТАД, затворање на сите можни капацитети во Битола, што работеа, што претставуваа столб на Битола. А Битола е граничен град, слепо црево, и во поранешна Југославија и сега. Тоа многу јасно зборува, какви се нештата во оваа држава. Не можеме да замислуваме и да кажуваме, дека ние, додека бевме на власт, сите фабрики процветаа, сите загубари останаа, ние останавме да ги вадиме "жешките костени". И со "Фени" и со "Југохром" и со "Хемтекс" и со "Битола текс" и со "Фрижидери" и со "Ливница" и да не зборувам со колку други фабрики во Македонија.

За жал, само на крајот сакам да констатирам, почитуваниот министер и Владата, само ги охрабрувам до крај да истраат на овој курс, па макар и би ги загубиле последниве избори. Но јас прогнозирам дека со ваква работа од наредната година, ние ќе ги добиеме и наредните избори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот пратеник Бузлевски се јавува повторно за реплика.

Има право да реплицира до три пати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Нема да реплицирам до три пати, ќе реплицирам само уште овој пат.

Г-дине Котевски, "Агроплод" што беше гигант претходната година, затоа што до претходната година "Агроплод" покажуваше позитивен финансиски резултат, или онаков финансиски резултат, кој што можеше да обезбеди проширена репродукција на "Агроплод". Но за жал, последниве шест месеци, "Агроплод" западна во таква ситуација, која што доведе „Агроплод" да има 5,5 милиони марки, со шест месеци, за прв пат во неговата историја загуба. Така да, јас не зборувам што е настанато, во кое време, но само за ваша информација, па вие, направете си термински план и кажете или заклучете си што е случено и во кое време е случено. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот кој не е, ве молам деловнички морам да дозволам тоа, до три пати можат да реплицираат.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Добро сега јас мислам дека треба да имате малку трпение човекот ме прозива морам да му одговорам.

Нема да ги спориме показателите. Но г-дине Бузлевски ова лето ако поминевте во вашата прекрасна Преспа, сега преспива во длабок зимски сон. Сите капацитети туристички, се е уништено. Ништо не функционира. Најголем придонес за таквата состојба, не само во туристичките и стопанските објекти и во другите, го направи вашата Влада, а вие за жал бевте потпретседател во Владата. Вие ако бевте толку добри економисти, што мислам дека сте, зошто уште тогаш не му кажавте на г-динот премиер дека ДДВ е добра работа, треба да го воведиме, треба да ја завршите приватизацијата со големите загубари итн. Да ја завршевте таа работа, сега ние ќе имавме чисти сметки и ќе можевме многу порелаксирано да работиме, а не да вадиме

"жешки костени", кои за жал ни ги оставивте.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова лето туристичкиот промет во Преспа, беше поголем во однос на претходните две години.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас ќе му реплицирам на г-динот Котевски.

Прво, да му кажам дека законот за ДДВ во двете фази го донесе Владата на СДСМ, а оваа Влада, неговата примена на два пати ја одлагаше, за тоа може да провери во гласањето дека СДСМ беа против одлагањето. Тоа е прво.

Второ, во поглед на реформскиот курс односно реформите на оваа Влада, сакам да му кажам дека верификатор на реформите е ММФ и Светската банка. Ако досега оваа Влада не успеа да направи аранжман со ММФ, за овие две години и со Светската банка, тоа значи дека во нашата држава немало реформи.

Законите кои се донесени во текот на ова лето се донесени и тоа дава за право да може да се заклучи нов аранжман, но како ќе се применува тој аранжман, ќе видиме потоа, откако ќе се склучи тој договор. Тоа е втората работа што сакав да реплицирам со г-динот Котевски.

И трето, тие солзи што ги кажува во врска со платите на администрацијата, СДСМ не ги најавуваше, туку во изборната кампања ги кажуваше актуелната власт.

Четврто, бидејќи гледам дека остава аманет, сакам да му кажам дека кај нашиот народ аманети се оставаат кога некој си оди.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека повеќе реплики нема, цело време додека го слушам ова, си спомнувам, колку дами имаме овде, кои не го исполнуваат времето во репликите, а сега излезе навистина, дека џентлмените не се ослободени од тоа чувство, до крај да го користат правото на реплика. Ако може малку да се воздржиме од заемното реплицирање за да некако излеземе на крај денеска со оваа точка, бидејќи утре не очекува, навистина една многу значајна точка, а таа е Законот за одбрана.

Затоа ве молам, да оставиме да се искажеме и секој конечно да си остане на своето мислење и на тој начин, да поминеме на разгледување на амандманите.

Има збор г-динот пратеник Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, на дневен ред е ребалансот на Буџетот во 2000-та година како најважен инструмент на економската политика, но со огромен суфицит.

Јас не сум економист, но овие денови чув доста контраверзни мислења од стручњаците и од политичарите. Најголемите стручњаци и познавачи на економијата тврдат дека тој суфицит во Буџетот е лоша појава и лоша политика за македонската економија, но одредени политичари, помеѓу кои и премиерот на Владата на РМ и министерот за финансии ги прикажуваат како извонреден резултат, со кој што треба да се гордееме. Ако суфицитот е последица на зголемен развој на стопанството, може да се оцени сепак како добра појава. Меѓутоа, ако тој суфицит не се базира на реалниот пораст на стопанството, сепак, за мене е многу негативна појава и мислам дека треба да не загрижи.

Еве јас како лекар парите ги сметам како крв. На стопанството му е потребна таа крв, на стопанството му се потребни тие пари. Ако му ја земете таа крв и ако му ги земете тие средства, тогаш тоа станува анемично и неможе да функционира. Неможе да ја врши дејноста. Значи, тоа претставува лош потег. Јас знам дека и минатата година имаше суфицит, кој што беше во висина од 180 милиони германски марки, но министерот за финансии водеше жестока битка со ММФ, тој суфицит да не се искаже, бидејќи беше резултат на даноците околу Косовската криза и бегалците. Тој суфицит не беше прикажан од тогашниот министер за финансии г-динот Стојменов, бидејќи ако се прикажеше немаше да се добијат средства од даноците за бегалците. Тоа се покажа за позитивно, бидејќи во 2000-та година, тие средства стасаа. Од друга страна, суфицитот е добар, ако е планиран. Но во конкретниот случај тој не е планиран. Ова покажува дека Владата и министерот за финансии ја немаат усогласено тековната даночна политика со политиката условена при донесувањето на Буџетот. А бидејќи со таква политика, на стопанството му е земено повеќе крв, таа треба да му се врати. Во изборната програма од 1998 год, ние излеговме со еден пример, со следната препорака. Даночните обврзници, треба да се негуваат преку примерот. Ако една крава само ја молзете, а

не ја храните, таа ќе цркне. Се плашам дека со ваков суфицит и нашето стопанство би можело да помине лошо.

Централно прашање во ребалансот на Буџетот за 2000-та година, зазема ДДВ, бидејќи тој вид на данок оваа година го зазема првото место во даночните трикови, според висината на средствата, кои се собираат во Буџетот од овој извор. Зголемувањето на средствата во 2000 година од овој вид данок изнесува 6 милијарди и 98 илјади денари, или тој учествува со 86% од вкупниот планиран суфицит во Буџетот за 2000 година.

Токму заради тоа, голем дел од воведното излагање на премиерот му беше посветено посебно внимание на овој вид на данок, а на истото прашање свое видување дадоа и другите колеги пратеници. За овој данок веќе 4 години се врши огромна политичка пропаганда, а целата стручна јавност е согласна дека ДДВ, требаше да се воведе и кај нас. Меѓутоа, со таа тактика, при воведување на ДДВ покажува дека секогаш при неговото воведување се појавуваат одредени проблеми. Најтешки пропратни појави при воведувањето на ДДВ се или преполн Буџет зголемено оптоварување на стопанството и зголемување на цените, зголемување на инфлацијата и паѓање на животните стандарди на граѓаните, или празен Буџет, кој може да блокира некои функции на државата.

Затоа, при воведувањето на ДДВ треба да се извршат големи и детални подготовки, да се изврши едукација на кадрите, а е решавачко прашање е следење и контрола од Министерството за финансии, како и реагирање во право време со одредени корекции во законската регулатива. Но, истовремено интервенции во областа на даноците до доход и акцизи, доколку се појават негативни појави при неговата примена.

Практика во светот е при воведување на ДДВ, пред неговото воведување, или во текот на воведувањето да се извршат измени и во другите видови на даноци, за да може да се намали товарот кој што го создава врз граѓанинот врз воведувањето на ДДВ. Затоа и поранешниот министер за финансии, господинот Стојменов, при донесувањето на овој Закон во Парламентот, укажа на горките проблеми што можат да се појават при воведувањето на ДДВ и посебно беше потенцирано дека со воведувањето на ДДВ може да се предизвика преполн Буџет, зголемување на цените и пораст на инфлацијата. До пред воведувањето, или во текот на воведувањето, ќе се извршат измени кај персоналниот данок од доход и другите даноци и придонеси, данокот на имот и акцизите.

Затоа и во 1990 година се преземени иницијативи и правени се проекти за измени на овие видови даноци, а истовремено постојано беа водени разговори со ММФ за овие намери на Министерството. Притоа, постигната е согласност кај дел од даноците и придонесите тоа да се прави на почетокот на 2000 година, а за акцизите после воведувањето на ДДВ.

За жал, тоа од Министерството за финансии во 2000 година не е направено. Во многу свои изјави министерот за финансии постојано потенцира дека нема никакви проблеми со имплементацијата на ДДВ, дека тој не е ново оптоварување на стопанството и граѓаните туку неговата издржаност е резултат само на сузбивање на сивата економија во Македонија. Таков приод имаше и премиерот во воведното излагање кој истакна дека огромниот прилив на средства во Буџетот од ДДВ не се ново оптоварување на стопанството, туку само последица на сузбивањето на сивата економија. Јас не верувам дека овие анализи на премиерот се негови и мислам дека овие информации се добиени од Министерството за финансии. Можеби во консултацијата на премиерот дека зголемените средства од ДДВ се резултат на сузбивање на сивата економија има некоја вистина, но таа е занемарлива. Ако се земе за вистина оваа констатација, тогаш, според износот на собраниот данок на додадена вредност стапките за сузбиеноста на сивата економија би изнесувале ни повеќе ни помалку, туку повеќе од 1 милијарда и 400 јшлиони ДМ, односно дека овие пари се внесени во тековите на легална економија. Неверојатно и апсурдно. Значи, сепак, ДДВ значи ново оптоварување во стопанство во оваа фаза, бидејќи преку него се земаат дополнителни пари од стопанството и граѓаните преку купувањето на производите, стоките и услугите во кои е содржан овој закон.

Системот на ДДВ како замена на данокот на промет на производи и услуги создава нови оптоварувања за стопанството и граѓаните заради следните негови решенија.

ДДВ се плаќа при набавка, инвестиции, а со данокот на промет не се плаќаше.

Данокот се плаќа при набавка на материјали за репродукција, а на тие набавки до сега не се плаќаше данок на промет.

ДДВ се плаќа при давање на аванси, а до сега не се плаќаше данок на тие аванси.

Голем број на репроматеријали наменети за земјоделието за кои до сега не се плаќаше данок, сега се плаќа ДДВ.

На становите до сега не се плаќаше данок на промет, а сега се плаќа ДДВ.

На голем број производи на кои до сега се плаќаше данок на промет од 5%, сега се плаќа ДДВ од 19%.

На услугите до сега се плаќаше данок на услуги 13%, а сега се плаќа ДДВ од 19%.

Данокот на промет се плаќаше на наплатените производи, стоки и услуги, додека ДДВ се плаќа на фактурираните производи, стоки и услуги.

Малите даночни обврзници имаа ослободување од данок на промет. а сега плаќаат ДДВ.

Затоа господин премиере и господин министер, тоа се само дел од аргументите и фактите дека ДДВ создаде ново даночно оптоварување на стопанството и граѓаните. Дека е тоа така, земете ги анализите и пресметките во Министерството за финансии правени во 1999 година после донесувањето на Законот ќе видите дека со тие пресметки е утврдено дека со ДДВ новиот даночен товар ќе изнесува 5.670 милијарди денари. Затоа господа зголемениот прилив од ДДВ во износ од 6.060 милијарди денари ќе мора да го вратите во стопанството и граѓаните преку намалуваше на акцизите и другите даноци и придонеси и тоа до крајот на оваа година.

Почитуван господин министер, ДДВ почива на два постулати и тоа даночен кредит, автоматско плаќање при набавката и автоматско враќање при продажбата. Вие првиот постулат го почитувавте и контролирате и тоа е сосема добро. Меѓутоа, вториот постулат врз кој почива ДДВ автоматското враќање не се почитува, туку се кочи на два начини и тоа со вашата контрола пред враќањето и со големиот страв на даночните обврзници од вас, па најчесто се одлучуваат да не го враќаат данокот, а да ви го оставаат како аконтација за некои идни плаќања.

Јас мислам дека сепак ДДВ треба да се врати, бидејќи сепак станува збор за огромни средства. Која е намената на Буџетот?

Намената на Буџетот, по мое мислење, е во решавањето на национални и државни интереси. Зголемувањето на стопанскиот и економскиот развој е од државен интерес. Дали овој Буџет може тоа да го направи и ако е така, тогаш тој Буџет е од национален и државен интерес. Но, ако не е така, тој може да биде само од партиски, но не и од национален и државен интерес.

Централно прашање е невработеноста како и решавањето на невработеноста. И тоа е исто така од национален интерес. Буџетот мора да биде во функција на зголемување на вработувањето. Ако тоа го прави Буџетот тоа е од национален интерес и спротивно ако не се обезбедува развој на стопанството и нови вработувања, тоа е негативна работа.

Се издвојуваат доста средства за социјалата, што е во ред. Но, и овде има политика и социјалата треба да се реши, таа навистина претставува национален интерес. Но, сепак кога тие луѓе би се вработиле јас мислам дека би се намалил бројот на луѓето кои не се вработени и би се зголемил надоместокот на оние кои би го користеле и со него би можеле да остварат една нормална егзистенција. Во овој Буџет тоа не го правиме, но само ја зголемуваме ажурноста, но не и зголемувањето на висината на надоместокот.

Платите во администрацијата е многу мали. Тој проблем мора да се реши. Постојат повеќе начини.

На пример со приватизација на дел од државниот капитал и со тоа давање на вработените да управуваат со тие средства. Или со издвојување на комерцијалните чисто државните, а со тоа ќе се намали бројот на вработените во администрацијата. Тоа ќе значи намалување на бројот ва вработените. Со тоа ќе се создадат услови за зголемување на платите во администрацијата. Тоа е и наша програмска определба и за таа цел вашиот претседател при планирање на Буџетот за 2000 година, во согласност со ММФ издвои 40 милиони ДМ. Тие пари треба да се употребат за горните цели. Не само за отпуштање на работници со што ќе се намалува бројот на вработените во администрацијата за 5.000 луѓе, а на овој начин како што пред малку предложив, тие ќе останат вработени во дејностите кои ќе бидат приватизирани и комерцијални. За жал, тие сега се наменуваат за сосема друга цел и овој

горлив национален и државен интерес останува нерешен.

Република Македонија има проблеми со повеќе претпријатија - загубари и за таа цел во Буџетот за преструктуирање на претпријатијата за да се создадат профитабилни претпријатија и да се обезбедат нови вработувања, редовна исплата на платите на вработените беа планирани во Буџетот 55 милиони ДМ за таа намена. Сега Владата тие средства ги укинува и ги дава за зголемување на платата во администрацијата, за плаќање на долгови кои сеуште не се стасани за наплата. Тие пари ги издвојува во Народна, банка и ги става вон функција. Од друга страна истата таа Влада прави големи напори да склучи договор со ММФ и Светската банка за овие реформи, а со тоа бара средства во вид на кредит, а ние веќе готови средства не ги користиме за таа намена. Сакам министерот за финансии да ми ги објасни овие појави.

Реформите се национален и државен интерес и ние од нив како да бегаме. Ако за овие реформи кои се од национален интерес, а за ни има дел од потребните средства обезбедени и пренамената на тие средства би значело отстапување од националниот интерес. Уште едно принципиелно прашање.

Парите односно приходите остварени во Буџетот од продажба на капиталот и парите од средствата од донациите треба да се наменат според законот, а и според програмата на ВМРО-ДПМНЕ или владината програма за нови вработувања или за капитални инвестиции.

Што се случува со ребалансот на Буџетот. Тие средства се даваат наместо за нови вработувања, за потрошувачка и тоа антиципатнвна, однапред планирана. За потрошувачка која е планирана за 2001 и 2002 година.

Господине министер и по однос на ова мислам дека отстапувате од програмата на ВМРО-ДПМНЕ и затоа добивате аплаузи од вашите сопартијци и тоа сепак покажува дека вие не правите државен Буџет, веројатно само пратениците од ВМРО-ДПМНЕ можат да го запазат успехот и вашиот суфицит. Ова е уште еден доказ дека сум бил во право јас и мојата политичка партија ВМРО, која вели дека многу често партиите многу често партиските интереси ги издигнуваат над националните и над државните интереси.

Се издвојуваат огромни средства за бегалците. Јас знам дека во РМ нема бегалци. Знам дека РМ е единствена земја која од својот Буџет, подмири дел од трошоците за бегалците по косовската криза.

За таа намена во Буџетот за 1999 година се планирани средства и тоа во износ поголем од 2.900.000 денари. Тие средства се оставени како резерва и се пренесени како средства во Буџетот за 2000 година, односно како суфицит. Тие средства треба да се употребат во 2000 година за развој и капитални трошоци, нови вработувања. Сега вие предвидувате нови 30 милиони ДМ средства за бегалци. Тој износ мене не ми е јасен и јас барам поголемо објаснување од страна на министерот за финансии евентуално ако не се планира некој нов бран на бегалци да ја затресе нашата земја.

Буџетот е инструмент на граѓаните и државата и мора да почива на принципите на праведливост и на еднаквост на собирање на даноци и на други средства во Буџетот од една страна, а во тој Буџет учествуваат повеќе од 800.000 граѓани на РМ. Се поставува прашање дали го почитувате тој принцип на праведливост и на еднаквост на граѓаните.

Една ваша изјава во печатот ме иритира во врска со наплатата на ДДВ во која се кажува дека сте ги победиле националните херои, во наводници, кои затајуваат данок. Ако е така, господине министер вие заслужувате аплауз не само од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, туку од сите пратеници во Парламентот. За жал, господине министер тие таканаречеш национални херои се многу блиски и до минатата власт и беа доста мудри да станат блиски и на оваа власт. Тие и понатаму стануваат уште поголеми национални херои за што сивата економија зема значителни димензии. Доказ за тоа се неплатените приходи при увоз кои стагнираат, а тука може доста да се заработи шлепери, камиони, со милионски суми на акцизи и други даноци кои не се плаќаат. Внатре во РМ во стопанството се остварува производство. Оној кој произведува во РМ е осуден, априори, да биде сиромав. Националните херои господине министер се во областа на трговијата, разните незаконски и нечесни дејанија, во шверцот со нафта, берзанските трансакции и други сомнителни дејанија. Кој ги контролира нив? Јас мислам дека дел од тој бизнис не е контролиран, а дека национални

херои има, но не во негативна конотација, тоа е факт.

Стопанството на РМ е национален херој што редовно си ги плаќа даноците, земјоделците во РМ и другите граѓани се исто така национални херои. Тие се извор на суфицитот кој е предмет на ребалансот на овој Буџет, но вие на нив не мислите, ние мислевме на нив 1998 година, кога во предизборната кампања зборувавме дека ако ја молзите кравата и ви дава млеко вие ја нарекувате херој, вие ако не ја храните што е случај кај нас, таа ќе цркне.

Зошто господине министер, сите оние кои чесно си ги плаќаат обврските спрема државата, јас мислам дека ги очекува судбина слична како на кравата, која беше пример на таа предизборна кампања во таа 1998 година. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Звонко Мирчевски, за учество во расправата.

(Пратеникот Ванчо Чифлиганец бара пауза од место).

Знаете што, господа пратеници ќе работиме до 17,00 часот, затоа што денеска рековте е Митровден, многу има што ќе одат на слава затоа да не правиме пауза, инаку ако правиме пауза не ќе можеме да се собереме.

Да ја привршиме барем расправата во начело, ако е можно.

Збор има господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние расправаме тука за точката ребаланс на Буџетот за 2000 година. Според некој дискусии почнувајќи од премиерот, па министерот итн., јас се убедував дека може би ќе беше подобро точката да се вика фалбите во магла на премиерот, министерот за финансии и комплетно Владата. Реков во магла од причина што овој суфицит за кого сега расправаме како ќе се подели изгледа најмалку е продукт на домаќинско работење на Владата, како што беше кажано тука од оваа говорница од страна на премиерот.

Имено, да се фалите за нешто огромна бројка од 400 милиони ДМ, зграбени или во најмала рака земени од страна на сиромашните граѓани, односно на сиромашните граѓани и на сиромашното стопанство мислам дека не може да се квалификува поинаку од само нон сенс.

Имено, овие средства се земени, кажувам дека се земени од страна на сиромашните граѓани, и на осиромашеното стопанство од причина што фактички веќе беше кажано од повеќемина дискутанти тоа се пари кои непосредно се земени од стандардот на граѓаните и од циклусот на стопанскиот развој на економските субјекти од следниве аргументи.

Фактички веќе беше кажано тука од повеќемина дискутанти, тие се пари кои непосредно се земени од стандардот на граѓаните и од циклусот на стопанскиот развој на економските субјекти од следниве аргументи.

Прво, ние сме сведоци на цената на нафтата и нафтените деривати кои ги плаќаме сега со цена двапати поголема во споредба од пред 2 години и тоа со единствена аргументација дека сепак сега освен акцизата на овие продукти и на овие деривати плус се плаќа ДДВ што не беше состојба, не беше практика, што значи дека фактички имаме вишок според проценките на тие што ги познаваат подобро состојби некаде 100 милиони германски марки.

Второ, ние веќе имаме нова состојба во однос на воведување на ДДВ во однос на телефонијата, струјата итн., и тука изгледа според проценките е некаде 120 милиони германски марки.

Трето, воглавном ние со неселективни стапки на ДДВ практично ги осиромашуваме граѓаните и го уништуваме стопанството, или дел од стопанството и најмалку ова може да се квалификува како домаќинско работење на Владата. Ова покажува дека најмалку ние можеме да се пофалиме дека имаме паметна финансиска политика, односно реална фискална политика од причина што оваа фискална политика најмалку одговара на состојбите, која државата односно Република Македонија ги има и во економијата и во сферата на социјалата. Дури и критиките кои беа дадени од страна на меѓународните финансиски организации, па непосредно од ММФ беа кажани дека државата води нереална фискална политика. Во најмала рака може да се нарече колективна кражба. Тука беше ми се чини беше кажано од страна на г-динот Гошев, според мене многу оправдано дека ако ние имаме толкав вишок на пари, толкав суфицит во Буџетот, тогаш се поставува прашање, зошто воопшто ние праќаме делегации, или примаме странски финансиски делегации тука па ги молиме за да склучиме аранжмани со нив кога фактички тие пари не ни се потребни од причина што имаме вишок, односно суфицит

во Буџетот на државата. Значи преговорите, договорите, молбите, повиците на тие институции изгледа се беспредметни. Јас мислам дека секој логичен заклучок води кон тоа дека воопшто не ни се потребни такви аранжмани. Кажувам дека имаме лоша, или погрешна во најмала рака фискална политика од причина што како резултат од таквата фискална политика ние веќе имаме десетици илјади субјекти, економски субјекти со блокирани сметки, со неликвидна можност и состојба, па имаме и неколку илјади субјекти кои веќе ставиле клуч на врата.

Второ, што е најважно беше кажано дека ова што е суфицит на Буџетот е меѓу другото и резултат на сузбивањата, односно елиминирањето на сивата, односно таканаречена сива економија и тоа со стапка како што наведе г-динот премиер 51%. Наспроти сите други индикации па и укажувања на релевантни структури меѓународни, дека таквата економија, сива економија е дури во пораст со партиска боја.

Трето, што сакам да кажам, од каде толкава прецизна оценка од страна на премиерот дека сивата економија е сузбиена 51%. Значи каде се аргументите дека постои ли и функционира сивата економија некаде 49%. Значи некој има реална слика, наводно има реална слика за севкупната состојба на сивата економија. Мислам сивата економија како таква и објективно е невозможно да се контролира, да се проценува во колкава мера ние ја контролираме и ја сузбиваме, или не ја сузбиваме. Единствено се согласувам со констатацијата на г-динот премиер дека ние имаме сега или предлагаме најсоцијалистички ребаланс на Буџетот и тука фактички парите ги ориентираме како што се наведува за инвестиции, за социјалата, за заробените девизи, каматите на овие девизи, за обврските од ДДВ на државата спрема субјектите, за 8% во однос на пензионерите итн. Повеќемина од овие компоненти кои ги спомнав мислам дека не може да се каже дека овие пари ги даваме како вишок од причина што овие пари се обврска, преставуваат обврска на државата, која треба да ги даде овие пари, а не преставуваат вишок. Значи фиктивно ни се прикажува нешто друго. Парите што преставуваат обврска на државата да ги плаќа, се преставуваат како вишок која државата еве сега добродушно, или широкоградно сака да им ги подари ка граѓаните, субјектите итн. И пота за инвестициите кои се предвидуваат. Јас мислам дека не може и нема морално право државата да ги инвестира парите кои ги спечали друга структура, друг економски субјект. И од каде сега власта, таа држава е покомпетентна и професионално и законски тие пари што ги зема на некој начин може да се каже незаконски, или неморален начин од субјектите, да ги инвестира таму. Така што изгледа власта тука сака да се прикажува како мајка Тереза која спротивно со пазарната економија, пазарните законитости сака парите кои еден субјект, или една структура на субјекти ги заробила да им ги даде на другите субјекти кои не покажаа резултати во работењето.

На крајот да кажам дека не е во ред државата, или претставникот на Владата тука пред јавноста да се фали со вишокот, со суфицитот на парите во Буџетот на државата. Напротив сите тие кои подобро ги познаваат состојбите, кои се економисти се на мислење дека претставниците ва власта тука напротив треба да им се извинат на граѓаните за состојбите, дополнително заострените состојби во однос на нивниот стандард, за состојбите во однос на целокупната состојба на стопанството на државата. Значи не би требало премиерот да се пофали за вакви празни резултати. Имено тоа ќе беше сосема оправдано кога фактички вишок ќе беше резултат од доброто стопанисување од економските субјекти, па и тука сите тие држави кои се сметаат за попаметни дури не сугерираат суфицит, напротив сугерираат дефицит, затоа што тие пари би требало да останат на стопанството. Државата како структура би требало стопанството да зема толку колку што може е потребно да функционира соодветно севкупните стандарди во државата. Секое пречекорување на оваа состојба тоа значи е негативно за стопанството и неминовно завршува со негативни резултати. На крај сум на мислење дека и верувам дека моментот е власта да врши корекции во однос на правната регулатива која се однесува на стапката на ДДВ, дали тоа повеќе ќе оди селективно, дали некаде ќе се смали итн., тоа е проблем на анализите, неминовно да се оди во намалување на персоналниот данок и прашањето на акцизите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, денес е трет ден како расправаме за ребалансот на Буџетот

за 2000 година, законски проект од извонредно значење и тоа како за економскиот, така и за политичкиот и социјалниот живот во Република Македонија. Исто така ребалансот е показател од битно значење и за работењето на Владата на РМ. Според премиерот ребалансот е од битно значење за работата на Владата, па при воведниот збор тој истакна дека ваков суфицит не е забележан кај нас во последните 50 години, но и состојба што не се случува никаде во светот. Зошто се случи тоа? За мене постојат две причини и тоа прво, премиерот изгледа дека верува дека овој суфицит во Буџетот и овие фантастични резултати се постигнати и тоа според него може само тој единствено да ги соопшти. Ова од причини што само тој мора да биде добриот кој ќе ги презентира успесите на Владата, а сите други негови соработници се задолжени да ги соопштуваат неуспесите на оваа Влада, бидејќи нормално ги има и премногу.

Второ, премиерот не верува во своите соработници што очигледно од неговите многубројни изјави дека таа Влада постигнува добри резултати, но неговите соработници не знаат тоа да и го претстават на јавноста. Можеби премиерот за втора причина има право ако се земе во предвид содржината на текстот што ја презентираат пред Собранието. Ако навистина според воведното излагање на премиерот се постигнати фантастични резултати што не се случиле од 1945 година наваму, а образложениот, односно извештајот на Министерството за финансии за тие разултати е дадена само на три страници, мора да се сложиме сосема е конфузно нејасно, без никаква анализа за тие резултати и без никаква политика за ребалансот на Буџетот и распоредување на суфицитот и тоа укажува на следните факти. Прво, дека министерот за финансии, односно министерството за финансии е нестручно, не го познава Буџетот и не знае да управува со Буџетот, што е констатација на ММФ. Второ, министерот за финансии ја знае состојбата, но не сака да ја прикаже јавно. Јас претпоставувам дека вистината е некаде во средината. Но, сепак морам да истакнам дека непобитен е фактот што премиерот во образложението не ја соопштува вистината за Буџетот, односно за планираните и остварени приходи и расходи. Ниту пак суфицитот и тоа како негова вистина, така и за неговата распределба. Можеби она што го изнесов не загрижува толку многу, колку што загрижува тоа што премиерот на голема врата промовира систем во кој има само една вистина, а тоа е вистина што тој ќе ја каже. Значи вистината е само тој. Тоа се потврди пред овој дом кога со својата вистина ги релативизира, односно негира сите бројки дадени во овој документ. Еве зошто? Морам да потенцирам дека министерот за финансии воведе ембарго, односно го затвори Буџетот од очите на јавноста. Па доколку некој се дрзнеше да презентира податоци за Буџетот во јавноста, тој беше казнуван. Тоа можам да го потврдам со фактот дека и за оваа седница министерот за финансии не ги презентира следните податоци, за остварените приходи по видови и зошто е такво остварување со состојба до 31.10.2000 година, за остварените расходи по видови и зошто е такво остварувањето со состојба до 31.10.2000 година, за износот на суфицитот со состојба на 31.10.2000 година и од кои извори потекнува, за деталната политика за приходите до крајот на годината ако ја менува, зошто ја менува, за деталната политика за расходи до крајот на годината ако ја менува, зошто ја менува Министерот за финансии мора да презентира извештај за движењето на паричните средства на Буџетот, министерствата и другите корисници, како и на Телеком, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и стокови резерви. Јас сум убеден дека висината на паричните средства кај овие субјекти е поголема од висината на паричните средства во стопанството. Министерот за финансии мораше да даде извештај колкава е висината на ненамирените обврски спрема стопанството и другите субјекти. Ова од причини што работата на Владата, односно на нејзиниот успех, или неуспех не може да ја гледаме само преку планирањето на приходите и расходите во Буџетот, туку и преку управувањето со Буџетот, односно со приходите и расходите на Буџетот. Иако не се презентирани сите податоци за Буџетот за овој временски период одговорно тврдам дека Владата и Министерството за финансии немаат капацитет да го проектираат и да управуваат со Буџетот. Тоа ќе го аргументирам во продолжение. Буџетот е потрошувачка и како дел од општата потрошувачка по правило го кочи економскиот развој, ја зголемува сиромаштијата. Се разбира, ако е предимензионирана факт е дека кај нас буџетската потрошувачка е предимензионирана во споредба со земјите во транзиција, а да не зборуваме за развиените земји. Значи ако сакаме економски развој, намалување на

сиромаштијата, излез од економската криза мораме да го намалиме учеството на Буџетот во бруто домашниот производ, или преведено народно, реформи во Буџетот. Намалувањето на учеството е реформа, а зголемувањето е антиреформски курс. Во сите студии направени од ММФ, Светска банка и ЕУ за буџетската потрошувачка во Македонија следна е препораката, намалување на учеството на Буџетот во бруто домашниот производ, а со кои средства може да се оствари таа цел. Одговорот е, реформи во сите сектори, а посебно во јавната администрација. Според тоа стратешка цел на Македонија за да излезе од економската и социјална криза е намалување на учеството на Буџетот во бруто домашниот производ. Тоа е национален и државен интерес. И резултатите позитивни, или негативни на оваа Влада, а тоа значи и на оваа власт од оваа област можат да се огледаат преку показателите на самиот Буџет кој имавме можност да го добиеме во материјалите.

Во продолжение низ конкретни бројки на Буџетот и ребалансот ќе се обидам да дадам податоци преку кои може да се даде објективна оценка за резултатите позитивни, или негативни на оваа Влада. Според програмата на ВМРО-ДПМНЕ учеството на Буџетот во бруто домашниот производ во наредниот период во 2002 година ќе се намалува годишно за 17% со цел да се зголеми вработеноста, односно намали енормната невработеност. А на тој начин ќе се намали сиромаштијата во РМ. При проектирањето на Буџетот за 2000 година од страна на екс министерот за финансии Борис Стојменов, оваа стратешка цел и програмска определба на ВМРО-ДПМНЕ беше почитувана и учеството на Буџетот во бруто домашниот производ беше намалено од 25, 69% во 1999 година за 17%, или учеството на Буџетот беше определено ниво од 21,96%. Таквиот Буџет беше усогласен со ММФ и Светската банка, со одредени забелешки, односно резерви кои треба да се исправат со конкретни чекори што треба да ги преземе Владата, посебно министерот за финансии во текот на управувањето со Буџетот за 2000 година. На екс министерот за финансии ваков креатор на Буџетот не му беше дозволено да ги изнесува овие забелешки при донесувањето на Буџетот, бидејќи беше сменет. А сегашниот министер за финансии не го бранеше Буџетот пред овој дом, односно Парламентот на Република Македонија.

Во продолжение ќе изнесам некои факти врз основа на кои беше проектиран Буџетот за 2000 година. При планирањето на буџетските приходи беа применети следните начела и принципи. Пренесување на остварениот суфицит од 1999 година во 2000 година, рестриктивност во планирање на приходите, примена на начелото на претпазливост и создавање на латентен вишок на приходите преку одбегнување на одредени сигурни приходи да се искажат во Буџетот. Во продолжение ќе се задржам на планирањето на некои видови на приходи во Буџетот за 2000 година, дека во планирањето на приходите е применета рестриктивна метода, односно планирање со помали износи на приходи од износот на приходи што реално се остварат во 2001 година се потврдува со фактот што е планирано далеку помал процент на зголемување на приходите во однос на 1999 година од износот на зголемувањето на бруто домашниот производ инфлацијата. Бруто домашниот производ беше планиран да се зголеми за 6%, а инфлацијата за најмалку за 4%. Што значи приходите во Буџетот реално требаше да се зголемат за 10%. Но, во Буџетот за 2000 година приходите наместо за 10% се зголемени само за 2,6%, или помалку за 7,4%. Затоа барам премиерот да се извини на овој Парламент и на македонската јавност за невистината што ја кажа дека приходите се планирани со зголемување за 10%. Приходите од персоналниот данок се планирани со 2,9% помал износ.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:** (Продолжение)

Второ, приходите од данокот од добивка се планирани за помал износ од реално остварениот, за 250 милиони денари.

Трето, приходите од данокот на промет се планирани за помал износ 950 милиони денари.

Четврто, приходите од ДДВ, помалку беа планирани за 6,605 денари.

Приходите од акцизи, беа планирани од Министерството за на износ од 6.840 милијарди денари, или намалување за околу 40% од ММФ беа планирани на износ од 12.309 милијарди денари.

Со други зборови, бидејќи ММФ им поверува на проектите и пресметките за остварување на приходите од примена на ДДВ, правени од Заводот за статистика, ММФ ги оцрни пресметките на Министерството за финансии за ДДВ. Според тоа приходите од ДДВ од Буџетот

за 2000 година беа планирани за помал износ од 6,840 милијарди денари.

Во приходите од Буџетот за 2000 година, е пренесен суфицитот на Буџетот од 1999 година, во износ од 4.187 милијарди денари. Во приходите на Буџетот за 2000 година, не се планирани средства од продажбата на Стопанска банка, иако во моментот на планирањето на Буџетот меморандумот беше склучен, тие средства изнесуваа 1760 милијарди денари и дури сега се прикажуваат. Според тоа ова е успех на екс министерот за финансии, а не на овој состав на Владата, како што сака да го прикаже премиерот.

Во приходите на Буџетот за 2000 година, не се планирани средствата одобрени од САД, на донаторската конференција во Париз, во мај 1999 година, која ја организираше екс министерот за финансии Борис Стојменов, во износ од 27 милиони долари, а кои сега се прикажуваат во Буџетот. Според тоа при проекциите на Буџетот за 2000 година, во старт се создадени резерви, а не суфицит во износ од 15.192 милијарди денари. Таа резерва во планирањето на Буџетот требаше да се употреби за развој и тоа преку враќање назад во стопанството, преку намалување на акцизите, даноците и придонесите, како што веќе беше договорено со ММФ и зголемување на капиталните расходи во буџетот.

Бидејќи Владата не го направи тоа, таа во управувањето со Буџетот, место фантастичните резултати постигна извонредно негативни резултати, поткрепувајќи ја оваа оценка преку следните показатели.

Учеството на Буџетот за 2000 година, во бруто домашниот производ од 21,96% се зголеми на 26,76%, а тоа е зголемување за цели 21,85 %. Тој показател јасно покажува дека во оваа област на буџетската потрошувачка преку ребалансот на Буџетот, Владата заради недостиг на капацитет оваа година дефинитивно практикува антиреформски курс. Меѓутоа, премиерот овој курс го завитка во облант на суфицитот и тој антиреформски курс на Владата и уништувањето на стопанството ни го презентира како фантастичен резултат на оваа Влада.

Господине премиере, преку мерната буџетска и општа потрошувачка ги погреба социјалните економии. Македонија ја напушти таа економија. Вие како млад и перспективен политичар најмалку имате право да ја враќате назад, посебно како што вие милувате да се прикажете како антикомунист, вашата партија како десна партија.

И на крајот преку управувањето со Буџетот, суфицитот, како што вие сакате да го наречете повеќе остварените приходи од планираните, односно планираниот суфицит од 15.192 милијарди го намалувате за 7.070 милијарди или со домаќинско работење, го намалувате за цели 8.122 милијарди што е огромен неуспех. Оттука г. премиере, вашите констатации дека сега имате суфицит од 400 милиони марки, а до крајот на годината тој ќе биде над 500 милиони марки е апсолутно неточен, имајќи ги предвид бројките кои се презентирани во материјалот кој го добивме.

Суфицитот во Буџетот ќе биде 220 милиони германски марки, или за 280 милиони марки помалку, колку вие што ги презентиравте, а тоа е огромна разлика и навистина за тоа добивте еден аплауз овде во Парламентот, кој мислам не држеше. Меѓутоа, и бројката од 220 милиони марки, не е сигурна, бидејќи во неа се вклучени и донациите од странство во износ од 120 милиони марки.

Ако од остатокот на суфицитот се одземат средствата предвидени за реформите во износ од 120 милиони марки, во тој случај ќе немаше суфицит, туку напротив ќе имавме избалансиран Буџет, како што беше и планирано. Според тоа вистината е дека ќе немате суфицит од 400 односно од 500 милиони марки, иако овие средства беа обезбедени со пренос на суфицитот на Буџетот од минатата година, во износ од 130 милиони марки, со приватизација од минатата година, во износ од 90 милиони марки, и со зголемување на товарот на стопанството и граѓаните со над 200 милиони марки. Но, за жал, вашето недомаќинско работење и купување на гласови, тие пари ќе ги потрошите за намени кои немаат врска, ниту со развојот, ниту со реформите, ниту со зголемување на вработеноста. За жал, ги потрошите и парите наменети за реформи. Тоа се загрижувачки, а не фантастични резултати.

Сакам пред пратениците и граѓаните на РМ да го презентирам инцидентот, односно скандалот, кој го направи Владата, односно Министертсвото за финансии, објаснувајќи го текстот на ребалансот за 2000 годнна, во информативните пишани медиуми. Ценам

дека овој текст не содејствува со текстот кој ние пратениците го добивме како предмет на расправа за оваа седница на Собранието, односно 58-та седница, каде што како единствена точка го имаме предлогот на Владата односно Министерството за финансии, за изменување на Буџетот на Република Македонија.

Во овие два материјали имаме фрапантни разлики на презентираните податоци, во ребалансот што кај нас пратениците може да предизвика недоумица и забуна при изготвувањето на нашите дискусии по оваа точка. Забуната е уште поголема кога се зема предвид, и разликите во бројките што ги изнесе премиерот по однос на ребалансот од оваа говорница.

Читајќи ги овие три презентирани финансиски показатели од ребалансот, очигледна е можноста дека ние пратениците, секако и граѓаните кои го следат преносот од Собранието на РМ, сме изманипулирани и наведени во насока, без релевантни показатели, односно бројки да можеме и квалитетно да се произнесеме по однос на ребалансот.

Владата односно Министерството за финансии си зеде за право да го објавува ребалансот на Буџетот за 2000 година во дневниот печат пред да биде усвоен во Парламентот, со што е злоупотребена извршната власт, за да се наведат граѓаните во погрешна насока, презентирајќи им притоа погрешни бројки, кои не се вклопуваат со бројките кои ги имаат пратениците пред себе во материјалот за расправа по ребалансот на Буџетот и бројките кои ги презентира премиерот во своето излагање.

Се поставува прашањето како може Министерството за финансии со средства од граѓаните, неодговорно пред Парламентот да го усвои ребалансот, да го објавува во дневниот печат. Значи во оваа прилика евентуален е притисокот кој се врши врз пратениците по однос на нивното произнесување. Ова не е првпат, Министерството за финансии да троши средства од Буџетот, објавувајќи сега, а и во минатото во повеќе наврати, финансиски погледи кои не се ништо повеќе од политички памфлет.

Да заклучам. Предложениот ребаланс на Буџетот за 2000 година значи ново даночно оптоварување на стопанството, со што се напушта усвоената макро - економска политика, усвоена во овој дом за 2000 година. Се напушта буџетската политика усвоена со Буџетот, на почетокот од годината, бидејќи учеството на буџетската потрошувачка од планираните, 76% се зголемува на 26,76%, или зголемување за цели 21,85%, а тоа е анти реформски курс.

Планираниот суфицит во Буџетот не е 400 милиони марки, па дури и 500 милиони марки, туку само 230 милиони марки, и тоа само ако до крајот годината дојдат странските донации од над 130 милиони германски, и ако се наплатат планираните приходи до крајот на годината, суфицитот не е сигурен, туку напротив тешко остварлив. Се поставува прашањето што тогаш се дели со ребалансот на Буџетот. Се дури вишокот на остварените средства од ДДВ и суфицитот на Буџетот пренесен од минатата година, и предвидените средства за реформите во стопанството и јавната администрација. За која намена се делат средствата? Најголем дел од средствата се делат за намени, кои ниту се во функција на развојот, ниту во функција на борба против сиромаштијата, немање на идеја и политика тие во најголем дел се поделени за на обврски кои не се втасани за плаќање, обврски кои втасуваат за плаќање во 2001 и 2002 година. Ако се има предвид дека Македонија има недостиг на средства за развој ваквото предвремено плаќање на одредени обврски најмалку е економско или домаќинско работење. Ако се има предвид дека голем дел од средствата се издвојуваат како депозит во Народната банка за поддршка на курсот на денарот и тоа е потег со кој се стерилизираат средствата и тие не се во функција на развојот на РМ.

Во Буџетот се намалува учеството на капиталните расходи, а тоа значи се намалува развојната компонента на истиот.

Според учеството на капиталните расходи, односно развојната компонента во бруто домашниот производ, Македонија е апсолутно на последно место од земјите во транзиција, и во тој случај со ребалансот на Буџетот требаше да се издвојат средства за инвестици, капитални, развојни, кои толку многу и се потребни на Македонија.

На крајот изненадува еден податок изнесен во ребалансот. Се предвидени средства за бегалците од 30 милиони ГМ. Ако се има предвид такви средства беа планирани, а не и потрошени во Буџетот од 1999 во износ од 85 милиони г.м. се поставува

прашањето каде се тие средства, зошто се потрошени и ценам дека министерот за финансии должи одговор по однос на оваа констатација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ванчо Черкезов за учество во расправата.

За реплика се јави Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не бев директно спомнат, но, нели редно е да се одговори на некои обвинувања. Барем од она што досега говореа пратениците провејува, дека оваа Влада има антиреформски курс, а тоа г. Черкезов претходно го спомна.

За да нема недоумица во исправноста, барем по ова прашање на Владата, ќе се потрудам да го презентирам разговорот воден меѓу новинарката на Македонска телевизија, г-ѓица или г-ѓа Габриела Јовева со извршен директор на ММФ г. Винхолс. Еднаш засекогаш да се презентира дека она што опозицијата го пропагира не е така а во име на вистината ќе ги прочитам седумте прашања поставени од новинарката на МТВ и одговорите на извршниот директор на ММФ г. Винхолс.

Првото прашање е следното: Владата на Република Македонија се обврза на смели економски реформи, за оваа, како и за следните 4 години? Значи се однесува на 2000, 2001 и 2002 година. Колку ММФ е задоволен со организација на реформите досега?

Одговорот на г. Винхолс е следен: Мислам дека во последно време се случија многу работи. Порано работите во Македонија се одвиваа многу споро. Но, оваа година, очигледно. реформските активности се забрзаа и се случија некои важни работи како што се: решавањето на прашањето со загубарите и, нели, она што посебно се случи, продажбата на ФЕНИ, реформа на даночниот систем, ДДВ и голем број други работи, како и започнувањето на важни прашања, како што што се реформите во пензискиот и во здравствениот систем. Мислам дека постои напредок во вистинска насока и ММФ е доста задоволен од ваквиот развој на настаните, и на работите се разбира.

Второто прашање: на почетокот од 2000-та година, Република Македонија беше далеку од постигнување аранжман со ММФ. Десет месеци подоцна, која е вашата оценка за односите меѓу Македонија и ММФ?

Што вели г. Винхолс на ова прашање:

Со оглед на фактот што се забрза реформскиот процес, односот меѓу Македонија и ММФ, одеднаш многу се подобри. Во почетокот постоеше загриженост за реформите спроведени од страна на Владата, но навистина нема место за загриженост затоа што Владата се движи во позитивна насока, потенцирам позитивна насока, не цело време она што се пласира дека Владата води антиреформски курс. И би рекол (г. Винхолс вели) дека односите се прилично добри.

Третото прашање поставено од новинарот што претходно го спомнав е следното:

Која е разликата меѓу тогаш и сега? Одговорот е следен:

Планираните реформи сега всушност се реализираат. Владата ги исполнува нејзините ветувања, што е многу важно. (И ако направите една мала компарација, што е тоа што воведуваше претходната Влада, а ништо не спроведе), одговорот е многу јасен. Овој тим е посветен на својата работа, се однесува на Владата и се обидува да ја поведе земјата во вистинска насока, во насока на реформи, при што постигнува значителни успеси. Позитивно е што постои транспарентност, за која цело време не обвинуваат дека не транспарентно работи оваа Влада, кое што се однесува на процесот на донесување решенија. Ова се доста позитивни работи кои јасно помагаат за подобрување на односите.

Четвртото прашање: - Дали некој услов што Република Македонија не го исполнила за склучување на аранжманот?

Што рекол г. Винхолс, инаку извршен директор на ММФ, барем за оние кои досега не слушнаа дел од мојата презентација.

Тој вели вака: Засега остана уште една работа. Се на се, секоја мерка за која се |Оговоривме беше преземена и во писмото за намери. Ова е писмото што го напиша до ММФ.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (Продолжение)

Но, мора да бидам прецизен вели г-динот Вилхомс "во врска со ова постои уште една работа што треба да се направи, а се однесува на претходните активности. Тоа е завршувањето на продажбата на комбинатот ФЕНИ..." Тоа е услов, тоа веќе направено. Значи, сите услови што требаше да ги исполниме веќе се исполнети од оваа Влада.

Сега се чека на решавањето на случајот ФЕНИ, ова писмо е од 2.11.2000 година, тоа е веќе решено како прашање, "ако тоа се одложи ќе следи одложување на другите работи". Значи, не се одложи и не се одлагаат другите работи што стојат во писмото за намени.

Петтото прашање: "Кога очекувате договорот да се презентира пред бордот на директорите на ММФ".

Одговорот е следен: "Очекуваме дека продажбата на ФЕНИ ќе биде завршена. Доколку се случи тоа состанокот на бордот на директори се очекува кон крајот на овој месец", во што лично не се сомневам затоа што сите обврски што ги преземавме веќе се и завршени.

Како гледате на економските перспективи на Република Македонија на среднорочен план.

На среднорочен период Македонија се движи како што реков, значи, он како што рекол во вистинска насока и е многу важно да се задржи динамиката на овие напори за воспоставување на реформите. Во тоа е целата разлика и меѓу ММФ и многу ја охрабрува македонската влада и тоа не само да одржува стабилна ситуација, туку и да ги продолжи реформите. Се надевам дека по тој курс и ќе се продолжи. Ова е многу важно, за мала земја како што е Македонија, за да биде конкурентна на поширокиот европски пазар и пошироко, но се разбира ако Македонија е целосно усогласена со програмата на фондот. Може, всушност во иднина да стигне до тој степен да не и требаат повеќе пари од ММФ, по сето она што досега го презентира, нешто и премиерот говореше во тој правец и ние искажавме тука скептичност, партиите од опозицијата. Значи, потврда за говорот на самиот премиер е и она што го вели г-динот Вилхомс, во кое не треба да се сомневаме. Сепак таа е институција, а директорот што значи таму може и сами да претпоставите.

Значи, може всушност во иднина да стигне до тој степен да не требаат повеќе пари од ММВ ако зборуваме за среднорочен период.

И последното прашање, се надевам дека на ова никој нема да ни реплицира, затоа што ова што го презентирам е разговор меѓу претставникот на ММФ и новинарот Габриела Јовева, а на исказите на г-динот Вилхомс не треба да изразуваме сомнеж.

Значи последното прашање е следното: Кои ќе бидат главните предизвици и ризици за иднината на македонската економија?

Одговорот е следен: Одржувањето на напорите за реформи е главен предизвик. Секогаш има луѓе кои ќе се сомневаат во напредокот и содржината на реформите и тоа многу важно. Мислам дека главниот предизвик е македонската економија да ги следи работите на домашен план. И мислам дека во тој правец добро се движиме.

Надворешното пружување не е главен проблем иако се разбира светската економија секогаш може малку да разочара. Но, постои причина за оптимизам, бидејќи во регионот проблемите се намалуваат со демократизација на СРЈ или Југославија и со нормализирањето на политичката ситуација на Балканот. Постои добра можност за Македонија да продолжи да чекори по веќе трасираниот пат и можете да бидете сигурни дека ММФ ќе ја поддржи Македонија финансиски. Со добри совети и со техничка помош се навеваме и со пари нели.

Тука сме да и помогнеме на Македонија за да ја подобрите ситуацијата во вашата земја. Ова како реплика може да се сфати на она што цело време провејува . . .

(Дофрлување на некои пратеници од место).

Г-дине, ова е многу битно. Мислам дека немавте шанса да го слушнете на македонската телевизија затоа што МТВ не гледате, гледате нешто сосема друго. Ова е колку да ве потсетам Македонија во кој правец се движи и која е поддршката од ММФ за да не постои и скепса и страв дека преговорите одат во сосема друг правец, како што цело време се пласира по опозиционите медиуми. Можеби па некои од еминентните, како што некој рече, економисти ќе се јави, ќе реплицира на она што јас го презентирав. Подобро би било да седнат и да го видат самиот текст и да ја видат тежината на она што досега е презентирано. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Александар Флоровски.

(Коментар на г-динот Илија Иловски од место).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не е напишано, ова е г-дине Иловски презентација на разговорот меѓу новинарот на МТВ и извршниот директор на ММФ г-динот Вилкомс јас едноставно само го прочитав она што беше презентирано на

Македонската телевизија. Значи, никој не ми го напишал. Впрочем, и не ми пишува.

(Реакција на некои пратеници од место - бараат реплика).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо пратеници. Би сакал да го потсетам г-динот Флоровски дека ние денеска расправаме за ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2000 годона, а не за г-динот Винколс и новинарката од Македонската телевизија.

Македонија веќе две години нема потпишано договор со ММФ.

Би било добро оваа влада тоа да го направи, тоа ќе биде успех.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Миланчо Черкезов.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Немав намера да реплицирам, јас станав од едноставна причини, затоа што на три пати спомнавте дека оваа Влада води антиреформски курс. Во тој контекст, ова ми стои 5-6 дена во џеп, едноставно станав да го презентирам дека она што го говорите не е токму така.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Има збор, пратеникот Милан Ставрев.

(Во меѓувреме г-динот Флоровски се врати на говорница - извинете, јас сакам да му се извинам на г-динот Илоски, очигледно не беше тој што дофрли така да прифатете го извинувањето).

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Веднаш на почетокот сакам да истакнам дека се наоѓам во едно големо двоумење условено од се досега кажано. Имено, дали да се ставам во улога на дискутант или пак да ја сведам мојата дискусија на едноставни апликации на поедини бисери од дискутантите кои овде продефилираат. Имено веќе продефилираа разно разни и дури вообичаено безобразни дискутанти, кои овде испуштија такви небулози без страм да се надевам дека и во иднина ќе мора да се срамат пред самите себе.

Немаше да ме изненади таа расправа на бившите функционери и акционери на претходните системи, но неможам да ги сфатам новиве ново печени само повикани стручњаци по макро економија односно по макро финансиска анализа и политика. Значи, професионалните критизери ме ставаат веќе двапати во една вистинска дилема, па ако сакате и сомневање во самиот себе. Дилемата е следна.

Лошо е кога има дефицит во Буџетот. Значи, се работело недомаќински. А сега испаѓа и дека е лошо кога и суфицит во Буџетот и се работело домаќински. Чувај боже уште што нема да чуеме овдека во овие простори. Можеби оваа Влада направи една неопростлива грешка имено, требаше да ги повика критизерите да го направат Буџетот, а и сега и ребалансот за да бидеме мирни и спокојни, бидејќи тие се од бога дадени и во континуитет прават буџети, а сега замислете случајов некој се дрзнал и им влегол во нивниот дел од крупна работа. Но, тоа е што е.

Јас разбирам дека опозицијата треба да критикува, затоа што е опозиција, да биде коректор на позицијата, а уште поарно е ако таа критика биде аргументирана, без стразиологија и тиради, но со конкретни аргументи.

Имено, дискусиите на опозицијата кои овде досега беа и поминаа и покрај сета нивна жестокост и фразиолошка аргументираност, сите ама баш сите не покажаа или не донесоа една апсолутна значајна информација, без која можеме да се впуштиме во вистинската материјална и аргументирана расправа. Значи, никој ама баш никој, не кажа дека во своето видување, односно во својата одбрана на тезата ја прифаќа, односно пристапува врз основа на монетаристичката теорија на пример на марксизмот, на кензијазмот и така натаму, а јас не сретнав темел, основа на пристапот, ќе рече дека тој дискутант, значи јас тој и тој, во мојот пристап и критика приоѓам врз основа на монетарниот теоретскиот модел, втемелен во марксовата теорија и да биде уште попрецизен да каже на некој друг модел. Незнам, или ќе признаам, т.е. врз основа на тоа ќе го прифатам ова или она, а тоа и ова ќе даде такви и такви резултати, бидејќи се знае како репери на овие и овие резултати се тие ендогени или егзогени сегменти итн., итн.

Нечесно е навистина е многу нечесно во дискусија со вакви вистински суштествени реално високи економски проблеми и дилеми особен во монетарната

сфера да имам пристапи и дискусии кои се повеќе од аматерски, од луѓе кои претендираат да бидат носители на врвни функции во државата.

Јас не би ги коментирал поединечно нивните дискусии или делови од нивните инцидентно нафрлени, сепаратни видувања, но ќе речам дека ќе се препознаат и ќе ги препознаат сите оние кои навистина суштествено ја знаат теоријата и практиката и ја работат оваа за мене најтешка материја во економијата. Воопшто не им е лесно во борбата за гласови и маркетиншки пристап, но во дискусијата да се во еден случај повикуваат на еден теоретичар, вториот пат на втор, третиот пат на трет теоретичар и четвртиот пат на некоја пракса и теорија на претходниот систем од нив, а од нив да направат после микс и сето тоа да им го пренесеш на луѓето преку јавните медии во форми ектизенски пристап не е е убаво.

Или пак овде од еден ист дискутант чувме дискусии кои како репери ги земаше се разбира, како му одговараше податоците од 1991, 1992, 1993, 1994, па се враќаше на 1992 па на 1996 година. Неоспорно дека со шанглирањето на постигнатите ефекти кои противставени на основната теза постигаат краткотрајни резултати но без реален завршеток или пример: Беше критикуван на пример зголемениот трговски дефицит, веројатно се мислеше на девизен ребаланс, ако се мислело воопшто, без да се прифати реалниот факт дека индустриското производство расте, а неговиот раст е условен поради неговата структура која зависи од репроматеријалите од увоз. И евети белја, сакаш пораст на индустриското производство, но во овој апсолутно кус временски период, мора да опаѓа и трговскиот дефицит. И сето тоа го пласираш со една негативна констатација кон граѓаните без да им кажеш дека, ако сакаш на пример да произведеш чевли повеќе од лани, ќе треба да увезеш повеќе кожа, бидејќи кожата ја нема на домашниот пазар. Увезувајќи кожа ќе мораш да ги трошиш резервите на девизните средства.

Но, сега да се вратиме на реалноста односно на Буџетот. Нашиот Буџет нашата монетарна пракса, потенцирам пракса, се базира на основните два сегмента. Апликацијата која ја пропишуваат меѓународните релевантни фактори од кои без поговорно зависиме и тоа како егзоген сегмент и второ, реалната стварност на една севкупна транзициона економија на еден географски простор кој го насилуваат и има цирка два милиони жители како ендоген сегмент. Тоа е вистината од која ниту смееме да бегаме, а и не треба да се страмиме. Значи, Македонската економија метафорично графички искажана е една отсечка на која на едната точка се наоѓаат релевантните светски финансиски фактори, а на другата страна се наоѓа нашата сурова реалност. Сите пресметки кои ги прави оваа Влада, но и релевантните меѓународни финансиски фактори поаѓаат од еден ист репер, реален репер, виден репер, проучен репер, докажан репер, а тоа се сите економски манифестации во сите свои сегменти од расходот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, значи од 1991 година до денес, а имаа задача во земјата да се воспостави таква економска состојба, која ќе овозможи еден можен поволен долгорочен амбиент за живеење.

Применувајќи го секогаш посаканото правило на долгата серија, која дава суштествено поточни резултати не треба да се наоѓа некој засегнат од репарирањето на постојните состојби со претходните како и на денешната актуелна власт која во своите постапки и резултати ќе биде репарирана во некоја утрешна власт, бидејќи тоа е реалност и од тоа е илузорно да бегаме. Значи, бруто домашниот производ на Република Македонија имаше континуиран пат од 1991 година се до 1996 година од 30%.

Индустриското производство во истиот период оствари кумулативен пад од цирка 50%. Извршните органи ставени во овие реални рамки беа принудени дувани да остваруваат континуиран дефицит во Буџетот и платниот биланс, а за нивното инволвирање мораше да се земе кредити, при што се зголемуваше долгот кон странство од 20% од бруто домашниот производ на некаде од 43% само во период 1995 - 98 година. Тоа се факти кои ниту треба, ниту смееме да ги избегнуваме или да ги заборавме. Ова значеше според официјалните светски финансиски фактори актуелни моментално во светот, дека буџетскиот дефицит се одржуваше на релативно пристојно ниво со најнеповолниот начин т.е. преку континуирано еродирање на капиталните расходи односно јавните инвестиции, не како депресија, не како дигресија туку во контекст на ова еве еден интермедијален податок.

Буџетот во 1998 година за јавните инвестиции покажуваше расход од 2,1 милијарда денари, а со ребалансот оваа година предвидено е да достигне до крајот на годината 4,2 милијарди што значи зголемување скоро за 2,5 пати. Или ниската наплата на приходите и депресивното ниво

на инвестициите имаше реална лекција врз бруто домашниот производ кој од 1996 до 1999 година се движеше 1,4 и 2,9% годишно кои според реалните и објективните процени беа една од најповолните години во овој изминат период. Во лошите години овие преформации беа значително полоши.

Сума - сумарум, резултат на тоа се највисоките давачки кои во Европа, а зголемувањето на државниот долг двоен дефицит на Буџетот и платниот биланс апсолутна рецесија. Овој пак од своја страна креираше екстремна висока невработеност, која за волја на вистината мораме да ја кажеме и мораме да ја потврдиме сеуште екстремно висока. Тука не смее да се потцени и на следената ценовна стабилност која оваа Влада со огромни напори ја наследи и се обидува и ја чува во континуитет, иако над неа се нафрла турбуленцијата на цената на нафтата на суровата нафта. На светскиот пазар која растеше од 12% денеска е 32% долари по барел и не се знае до кај ќе дотера. И пак во врска со буџетската политика и нејзината реална апликација. Ќе мораме да го кажеме и тоа дека девизните резерви во 1998 година кога оваа коалиција дојде на власт изнесува 334 милиони долари, денес тие се дуплирани кој претставува несомнен успех тоа мораме да го признаеме.

И повторно во контекст на ова економскиот раст на државата во текот на оваа година е посилен од било кога досега. Во обсервираниот период остварениот бруто домашен производ во текот на првото полугодие на оваа година покажува пораст од 10,4%, а до крајот на годината тој ќе се сведе на цирка 6%, што волја за вистината е еднаков на вкупниот кумулативен раст на бруто домашниот производ остварен од 1996 до 1999 година.

Но, да се вратине на реалните колоточини, да не се надмудруваме со бројки, кои за жал, се немилосрдни. Значи, овде беше истурен таков чемер за буџетскиот суфицит како толку несакан преседан, кој малтене кој Македонија ќе ја доведе до банкрот. И, тука вистината е немилосрдна.

Во последните 10 години на транзицијата во Европа, односно на Европскиот континент во Словенија срекаваме четири пати суфицитарен Буџет, во Естонија три пати, во Хрватска два пати. Истото тоа се случува во Литванија, а по еднаш во Чешка, Словачка, Бугарија и Унгарија. И, сега да бидеме реални. Каде се наоѓаа сите овие земји во својот транзиционен од по патот кон Европската Унија. Зарем оваа Влада не сака да го фати чекорот на патот кон Европа, при што мора одговорно да размислува за долгорочните последици, кои своите одлуки и постапки мора да ги усогласат со реалноста.

Економските проблеми во нашата земја се реалност, се длабоки, структурални и од долгорочен карактер. Оваа Влада, односно коалиција ќе мора да излезе пред народот и отворено да му каже дека во периодот од толку и толку години состојбата во севкупноста на животот и економијата во државата, ќе биде таква и таква. Тоа мора да го каже. Таа, како и секоја наредна Влада постојано ќе има недостаток од време, тоа ќе и биде главен непријател, но мора одлуките и размислувањата да и бидат долгорочни и стратешки цврсто определени.

Историјата ниту почнува, ниту завршува со нас. Јас не се сомневам дека и оваа, како и претходните влади, ја започнуваат долгорочната програма на економски реформи во Република Македонија, која треба на државата да и даде физиономија на брзо растечка економија, која ќе создава брзо растечка економија, која ќе создава нови работни места и севкупен развој. Не смееме да изумиме, а да не му кажеме на нашиот измачен човек дека и Европа и Америка го поминала овој трновит пат, но за разлика од нас, многу пред нас и во еден многу подолг и попријатен период. Ние мораме да ги направиме сите овие реформи, ако сакаме да влеземе во Европа, а без нив Европа не не сака. А, ние ја молиме Европа да не прифати, не како земја, ние сме во Европа, туку како економија. Оваа Влада ќе биде запаметена по тоа колку помалку и побезболно ги изведува реформите. Таа секогаш ќе биде во временски цајтнот, бидејќи постојано нејзе постојано ќе и недостасува време, но не само на оваа туку и на сите наредни влади.

Да не се лажеме, оваа Влада знаеше и те како, знае дека треба да го намали долгот на државата, треба долготрајно да го намали нивото на јавната потрошувачка. Треба да оствари услови за намалување на каматните стапки. Треба да оствари даноците во сите свои манифестации да бидат што е можно помали. Треба да воспостави, што е најважно од сето тоа нормална финансиска дисциплина. Да, оваа Влада веќе и го прави тоа. Во тој контекст во Буџетот за 2003 година беше планиран приход од 51 милијарда денари, а со ребалансот тие се зголемуваат на реални 64,8 милијарди.

Во рамките на вкупното зголемување изворните приходи, значи, даночните и неданочните се зголемуваат за 7,3 милијарди денари. Приходите од продажбата на државниот капитал се зголемуваат за 2,9 милијарди денари, а приходите од донациите за 5,4 милијарди денари. А приходите од задолжувањето во странство се намалуваат за 1,8 милијарди денари.

Во рамките на изворните приходи, неоспорно е дека најголемо зголемување бележи данокот за додадена вредност, заедно со данокот на промет, кој е остварен во првите три месеци од оваа година.

Да се задржиме малку на ова зголемување, бидејќи тоа предизвикува најголеми реакции, па и забуни, а еве ја и другата страна на медаљата, според мое гледање. Сакал некој да признае или не, оваа Влада односно ова Министерство за финансии влегува во чекорот на стандардните финансиски системи на развиените земји. Имено, веќе донесената законска регулатива става нормален ред во собирањето на своите приходи. Пополека, но сигурно ја намалува даночната евазија, а со тоа почнува да ја кастри и сивата економија. Му се бендисувало тоа некому или не, сепак тоа мора да се признае или не, зголемениот буџетски приход тоа го потврдува. Пред фактите и боговите молчат.

Намалувањето на финансирањето врз основа на користење на странски кредити за 1,8 милијарди денари, мора да се оцени како позитивен, бидејќи не расте кредитната задолженост на државата во странство.

А, сега, за ребалансот и неговата распределба. Факт е дека тој се распределува во социјални насоки, како што е и факт дека оваа држава мора да преземе активни чекори кон намалувањето на социјалните тензии, кои настанаа од порано и не по волја и желба на оваа Влада, која оваа Влада ги наследи. Мора да води сметка за таканаречените заробени девизи, сега веќе државни обврзници и на граѓаните кои станаа сиромашни како резултат на неразумните потези на еден модел на општествен систем на стопанисување, кој веќе се обидуваме да го заборавиме. Тука се пензионерските 8%, кои во една вистинска болна точка, односно тие се вистински една болна точка во државата кон своите граѓани, кои на еден или на друг начин го вградија својот труд и своето богатство во нејзе. Па, тука се и законските обврски кон невработените. Не е на одмет да се наведе и фактот дека со овој ребаланс, предвидено е дел од вишокот на буџетските приходи да биде префрлен преку Народната банка на Република Македонија во банкарскиот систем на државата, што ќе се овозможи зголемен обем на пласмани на банките насочен кон граѓаните и стопанството, како и за поддршка на макроекономската стабилност на платниот биланс на државата. Ова ќе овозможи полека но сигурно да почне битката со каматните стапки на банкарските пласмани. И, да не набројуваме, само треба да се каже дека во наредната година се пренесуваат 2,3 милиони германски марки како заштеди кои би се трошеле во наредниот период.

Сега, повторно се прашувам, а и прашувам, бидејќи сум збунет, дали е добро да имаш суфицит на Буџетот или да имаш дефицит во Буџетот? Дали е подобро да бидеш добар или лош домаќин, да трошиш над своите можности или за своите потреби и можности да ги усогласиш со своите реални состојби, па дури и да приштедиш. Дали со ова го почнуваме тешкиот и макотрпен пат кон излез од кризата. Сите големи чекори, почнуваат со мали. Јас сум убеден дека оваа Влада и ова Министерство во согласност со меѓународните релевантни фактори во доменот на монетарното финансиско работење, го најдоа патот на излез од кризата во која се наоѓаме веќе предолго. Можно е дека почна да се движи се она што го сакавме во поволни насоки.

Тесноградите партиски интереси да ги оставиме во други домени и во други места да се надмудруваме. Ние мораме да останеме цврсто определени, тоа е неоспорно, на избалансираната монетарна и фискална политика на среден рок, да создадеме реално оптимален даночен систем, кој ќе ни овозможи многу пријатен стопански развој, да се одберат најоптималните инвестициони приоритети. Да ја подигнеме на повисоко ниво социјалната политика, да го подигнеме квалитетот на јавните услуги, а со тоа да создадеме пријатен, пристоен живот на нашите граѓани. Времињата се тешки, мора да се работи, мора да се штеди, мора да се инвестира, а пред се, народот мора да биде задоволен. Мора да биде, тоа оваа Влада и ова Министерство за финансии во рамките на своите можности се обидуваат да го сторат најкоректно и најуспешно онака како што знаат и умеат. Дајте да си помогнеме на сите себе, на нашите идни генерации, бидејќи тоа мораме да го сториме, а тие идни генерации тоа го очекуваат од нас. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ставрев Милан.

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, изгледа станува обичај во ова Собрание за било која тема да се расправа по два, три дена и на некој начин да се обидуваме да седиме што повеќе во овие клупи, кои што на некој начин ни се, изгледа, добар начин некој да си ги исполни некои свои намери.

Затоа, би сакал во иднина, односно апелирам да бидеме пократки и да се обидеме да го кажеме тоа што имаме со помалку зборови и со помалку акробации. Во секој случај мислам дека треба да се констатира дека ребалансот е добар начин да се дојде до констатацијата дека е успешно воведен ДДВ, инаку немаше да расправаме за оваа работа. Тоа е прво.

Второ, дека оваа Влада и покрај сите, да кажеме, пропусти кои што ги има реално, сепак, ја ужива поддршката од Меѓународната заедница, имајќи ги предвид донациите кои што се стигнати на конто на Министерството за финансии, односно на Буџетот на Републиката. Ова е и можност, се разбира, бидејќи и покрај сите критики кои што провејуваа за политиката што се води, сепак, неоспорен е фактот дека се остваруваат обемни реформи во државата и како такви наидуваат на поддршка од меѓународните институции.

Што се однесува до самиот ребаланс на Буџетот на Републиката, сметам дека ова е добра прилика и покрај тоа што може, се разбира, цело време да се спориме од каде се земаат парите, каде одат, дали е најдобар начин тој на кој што се врши распределбата, но мора да се признае дека можеби на Македонија токму и требаше еден добар ваков енормен суфицит во Буџетот. Затоа што, веќе подолго време гледаме дека нарочно поедини позиции заслужуваат внимание на Владата и дека се одвиваат тешки преговори, кои што секогаш остануваат страните незадоволни. И, Владата поради тоа што неможе да ги исполни своите ветувања, а се разбира и граѓаните кои што неможат да ги остварат своите побарувања од страна на Владата. Пред се, мислам на ставката која што се предвидува, покривање на старото девизно штедење. Неможам да ги разберам тие дисонантни тонови што се пројавуваат во Собранието, кои што упатуваат на критики, заради намерата на Владата да навлезе малку подлабоко и да се обиде да врати поголем дел од заробените штедни влогови, мислам ова е добра прилика овој ребаланс на Буџетот, да им се вратат барем дел од средствата на тие кои што навистина без никаква вина, остануваат со кратки ракави, а парите им стојат којзнае каде, поради некои гафови кои што ги правела државата во минатото.

Мислам дека ова е добар начин и треба да се поддржи и се разбира доколку се укаже можноста до крајот на годината, дури и да се зголеми оваа ставка. Покрај ова, мислам дека е добар начин за пумпање на одредени ставки односно финансиски средства во економијата на индиректен начин преку инвестирањето во јавните работи и јавните инвестиции, затоа што на тој начин директно ќе се изврши финансирање на активностите на стопанството и се разбира зголемен економски раст. Мислам дека на Република Македонија точно тоа и треба да се поддржат ваквите напори.

Во целата оваа работа, се разбира, мислам дека како чисто политиканство, барем од моја гледна точка, можат да се сфатат обидите да се искористат некои порамнувања на некои тешки дубиози, кои што се наследени од минатото, како што се цените во телефонијата, односно енормните разлики кои што постојат помеѓу цените на домашното телефонирање и надворешното. Мислам дека долго време и Владата и Телеком се на размислување да го направат тој чекор, некои многу добро го знаат и од минатото, односно минатиот состав на Владата и на Парламентот, но секогаш се ценеше дека поради социјални оценки на социјалната состојба на населението дека не треба да се навлезе во една таква операција. Но, мислам дека крајно е време тоа да се направи, а се разбира, тоа е поврзано и со приватизацијата која што треба да уследи. Но, апсолутно, сметам дека еден таков чекор мораше некој да го направи. Јас и честитам на Владата и на Министерството за финансии, кои што имаат храброст овие непопуларни мерки да ги спроведат.

Што се однесува до цената на бензините, мислам дека е крајно време да се престане да се манипулира со народот со нешто што се случува на глобален план. Сметам, никогаш во светот не постоеле повисоки цени на бензините. Никогаш во светот не бил, односно имало случаи во последните 10 години, да кажеме, не бил доларот поценет, отколку што е сега и никогаш не сме имале потешка криза во блискиот исто, отколку што е сега. Сето тоа,

за сите добри познавачи на тоа како се одвиваат и како се градат овие цени, јасно е дека не може да се има ниски цени на бензинот. Впрочем, со овој проблем не е соочена само Република Македонија, само граѓаните на Република Македонија, туку претпоставувам целиот свет и како такви овие работи треба да се прифатат и да се обидеме да најдеме најдобар начин како да ги спречиме енормните пораст, се разбира, со влијание на Владата и на Министерството. Се разбира, ова е добар начин, можеби токму со намалување на акцизите да се придонесе да се имаат поизбалансирани цени на бензините.

На крајот би сакал да го спомнам односно би сакал да добијам повратен одговор од тие што ја критикуваат продажбата на ФЕНИ. Јасно треба да се каже дали некој е против стабилизирање на комбинатот ФЕНИ, против проработување на тој комбинат, или пак, за задржување на тој комбинат па и по цена да не работи. Мислам дека логиката на нештата би требало да биде спротивна, дури и по цена на некои неповолни аранжмани на државата. Лично сметам дека треба да се овозможи проработување на комбинатот и се разбира и на другите капацитети, кои што во догледно време може од губитници, да се претворат во компании кои што можат да носат дури и профит.

И, на крајот би сакал да ги поддржам размислувањата, кои одат, се разбира, во насока на намалување персоналниот данок, намалување на ДДВ, а се разбира, и акцизите кои што премиерот не ги спомна во своето обраќање, но мислам дека и на акцизите треба да се обрне внимание и истите да се намалат.

Притоа, би сакал на крајот да упатам сугестија, затоа што такво нешто досега не успеав да слушнам од страна на претставниците на Владата. Имено, да се испитаат можностите при проектирање на наредниот Буџет, се разбира, во соработка со ММФ, да се видат можностите после десетгодишен застој, можеби да се најде начин да се зголемат платите на буџетските корисници. Пред се, тука мислам на здравството, образованието и администрацијата, која што за разлика од стопанството, кое што на некој начин секоја година покажува некој пораст во личните доходи, сепак, тука состојбата е доста критична и при проекциите за наредниот Буџет и на ДДВ и на акцизите и на намалување ва персоналниот данок, сепак да се води сметка да се задржи еден дел на пораст, кој што ќе овозможи државата да влијае во оваа.

Јас ќе го поддржам овој ребаланс и уште само да додадам дека добро ќе биде доколку до крајот на годината имаме и натфрлување на ова што е проектирано со овој ребаланс, да се предвидат средства за некои други инвестиции, за некои други зафати во кои што е влезена Владата, пред се, мислам на некои капитални објекти, а се разбира, не треба Владата да бега од политички причини да се вклучи и во проектот на Универзитетот во Тетово, каде што по се изгледа дека има некој застој во преговорите со меѓународните институции и добро би било ваквиот ребаланс на Буџетот, односно ваквиот суфицит да се искористи и да се помогне во реализација на тој проект. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мевљан Таири за учество во расправата.

Дами и господа пратеници, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Во меѓувреме за збор се јави господинот Насер Зибери. Повелете.

(Реакции од пратениците).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Добро, ако нема трпение од владиното мнозинство, јас се откажувам. Нема проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се откажувате.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2000 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Пратениците Кирил Настевски, Михајло Георгиевски, Аце Сајковски, Валентина Божиновска, Томислав Петровски, Алириза Лога, Благој Стојковски, Александар Пандов поднесоа амандман на член 3 Раздел 2001, ставка 426 потставка 426130 и Раздел 9002 ставка 444, потставка 444325 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири и Фатмир Етеми поднесоа амандман на

член 3 Раздел 19001 за внесување нова категорија 46, нова ставка 467 и нова потставка 467197 и на Раздел 9002 ставка 444, потставка 444227 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 3 Раздел 9001 ставка 421, потставка 421014, ставка 422 потставка 422029, ставка 424, потставка 424013, ставка 426 потставка 426075, ставка 426 потставка 426105 и на Раздел 26001 ставка 421, потставка 421030, ставка 422 потставка 422045, ставка 426 потставка 426075 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Азис Положани и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 3 Раздел 9002 ставка 443 потставка 443140, и Раздел 6001 ставка 464, потставка 464015 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандмани на член 3 Раздел 16001 ставка 401, потставка 401021, Раздел 6001 ставка 464 потставка 464015, член 3, Раздел 18010 ставка 441, потставка 441163 и на раздел 6001 ставка 464 потставка 464015 и на член 3, Раздел 19001 ставка 441 потставка 441082 и на Раздел 6001 ставка 464 потставка 464015 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Нано Ружин поднесе амандман на член 3 Раздел 2001 ставка 427, потставка 427098 и на Раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Бузлевски поднесе амандман на член 3 Раздел 16030, ставка 441, потставка 441201, на Раздел 16040 ставка 441 потставка 441210 на Раздел 9002 ставка 444, потставка 444235 и на ставка 466 потставка 466093 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандман на член 3 Раздел 8001, ставка 420, потставка 420069, ставка 426, потставка 426105 и на Раздел 9002, ставка 444, потставка 444235 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шаќири и Назми Кадриу поднесоа амандман на член 3, Раздел 14001 ставка 441, потставка 441198, на Раздел 9002 ставка 444, потставка 444197, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандмани на член 3, Раздел 14001 ставка 421, потставка 421022 и на Раздел 9002 ставка 444, потставка 444235 и на член 3, и на Раздел 14001 ставка 421 за додавање нова потставка по потставката 421022 и на Раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Тодоров, Наќе Стојановски, Кирил Настески и Ристо Спанаков, поднесоа амандман на член 3, Раздел 12101 категорија 46, ставка 467 за додавање нова потставка по потставката 467197 и на Раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Оломан Сулејмани, Насер Зибери, Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 3, Раздел 16040 ставка 441 за додавање нова поставка по поставката 441210 и на Раздел 9002 ставка 441, потставка 441392, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 2001 ставка 426, потставка 426130 и Раздел 9002, ставка 444, потставка 444235 поднесен од пратениците Кирил Настески, Михајло Георгиевски, Аце Сајковски, Валентина Божиновска, Томислав Петровски, Алириза Лога, Благоја Стојковски и Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во име на пратеничката група да Ве информирам дека имаме во тек подготовка на повеќе амандмани. Сакам да го имате во предвид и тоа. Тие се во подготовка. Чекавме да заврши расправата па да се вклучиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се додека трае расправата, амандмани може да доаѓаат.

Има збор господинот пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе. колеги пратеници. Кога се усвојуваше Буџетот за 2000 година од страна на истите пратеници

што во суштина се и членови на Комисијата за одбележување значајни настани и датуми од нашата историја, поднесовме амандман со кој што сакавме да обезбедиме средства за работа на таа Комисија, односно за спроведување на Програмата што ја донесува ова Собрание. Тој амандман, тогаш беше образложен со тоа што, според одлука на ова Собрание Програмата се финансира од Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, тогаш, од страна на подготвувачите на Буџетот, односно од страна на Владата беше кажано дека Владата ќе обезбеди средства во текот на годината за спроведување на Програмата, а тој Буџет, наводно така требаше да се усвои.

Сега, кога правиме Ребаланс, сакам да ве информирам дека Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и значајни личности за 2000 година е скоро при крај. Во рамките на нејзиното спроведување направени се извесни финансиски трошоци што треба да се покријат.

Имено, сакам да нагласам дека во таа програма неколку, односно тоа се седум точки од Програмата, повеќе од половина за кои носител е Собранието на Република Македонија. За потсетување да напомнам дека во текот на оваа година се одбележа 2000 години од Христијанството, потоа почеток на Третиот милениум, 2000 години од постоењето на Скопје, 90 години од раѓањето на Мајка Тереза, 10 години од првите повеќепартиски избори и нормално, секоја година што се одбележуваат датите 2 Август, 8 Септември и 11 Октомври, за кои што постојано е носител Собранието на Република Македонија.

Направени се трошоци во висина на овој амандман и според тоа, со оглед на тоа што Буџетот на Собранието да не дојде во була, сметам дека вие, почитувани пратеници, без разлика што претставникот на Владата не го прифаќа и незнам од кои причини, бидејќи се работи за амандман на Собранието на Република Македонија односно наш и за нас, тога би ве замолил да го дадете својот глас. Сметам дека Владата ќе најде сили да ги обезбеди овие средства, впрочем како што кажа и премиерот од оваа говорница дека пари просто има и секој ден има се повеќе и повеќе.

Мислам дека овој амандман треба да се поддржи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настески за образложението.

Има збор министерот за финансии, Никола Груевски, можеби се премислил во меѓувреме.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може треба да се премислиме заради тоа што тоа ќе треба на наш терет да падне.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дозволете ми господине претседателе,

Прво, за оваа намена има доставено барање до Владата за обезбедување средства од резервите на Буџетот. Веројатно Владата ќе дозволи средства од резервите за Буџетот. Ве молам, оставете ја таа процедура што е во Владата да се заврши. Тоа е прво.

Второ, се спомна дека веќе парите се потрошени. Значи, некој преземал поголеми обврски отколку што има Буџет. Да не звучам дека со нешто се заканувам, меѓутоа, тоа е кривично дело, според законот.

Конечно, што се однесува до самото Собрание, во Буџетот на Собранието има 27 милиони денари повеќе за покривање на сите трошоци до крајот на годината. Така што од таа гледна точка Собранието е покриено и Ве молам да не барате нешто повеќе отколку што е добиено. Тоа е тоа.

Ги молам пратениците да ја сфатат оваа работа да не бараат ништо повеќе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нам ништо не ни останува, драга господо освен да гласаме.

Ќе ве молам, да не се расправаме повеќе. Очигледно дека немаме разбирање со Владата овде. Се работи за средства на Собранието, па ќе се определиме.

(Пратеникот Никола Поповски зборува од место без вклучен микрофон).

Го молам господинот Никола Поповски, нешто ми сугерира, но не можам да слушнам, повелете.

Дајте, да не отвораме сега расправа. Се работи за чиста ситуација.

Тоа е Програма за прослави, на Собранието.

Треба, јас мислам, да се поддржи.

Но, добро, да гласаме.

Ќе ве молам да гласаме за амандманот.

Ве молам, кој е за амандманот, односно да пристапиме кон гласање.

Констатирам дека 51 пратеник гласаа "за", 14 се "воздржани" а 31 се "против".

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, Раздел 2001 ...

(Реакции во салата. Пратеникот Александар Флоровски се упатува кон говорницата).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Процедурално, бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно да се гласа.

Имам поддршка од 10 пратеници.

(Повеќе пратеници креваат рака за поддршка на поединечното гласање).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добра има поддршка на повеќе од 10 пратеници.

Минуваме на поединечно гласање.

Мислам дека вечерва нема да завршиме по оваа материја, а ќе завршиме утре.

После гласањето по амандманот ќе ја завршиме расправата денеска.

Ве молам, да преминеме на поединечно гласање.

Ги молам пратениците да влезат внатре, затоа што врз на тоа ќе добиете дневници. Ова е и гласање дали сте присутни овде.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

Јонуз Абдулаи - за
Абдурахман Алити - за
Абдула Алиу - не е тука
Милојко Ангеловски - за
Стојан Андов - не е тука
Кирил Андоновски - не е тука
Љупчо Анушев - против
Амди Бајрам - не е тука
Фадиљ Бајрами - за
Димитар Батковски - против
Мерсел Билали - воздржан
Валентина Божиновска - не е тука
Јордан Бошков - не е тука
Димитар Бузлевски - за
Абдулади Вејсели - воздржан

(Гласни коментари во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, ќе ја прекинам седницата.

Ако сакате консултации ќе ја прекинам седницата па вршете консултации. Немојте вака воопшто не се слушаме.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

Слободан Гарчевски - против
Васил Гаџовски - против
Михајло Георгиевски - не е тука
Трајко Гешовски - за
Александар Гештаковски - за
Данило Глигоровски - воздржан
Петар Гошев - за
Слободан Даневски - воздржан
Замир Дика - не е тука

1. Ванчо Ѓоргиев - за
2. Илија Ѓорѓиев - не е тука
3. Фатмир Етеми - за
4. Васил Ефтимов - против
5. Насер Зибери - воздржан
6. Љубисав Иванов – Ѕинго - не е тука
7. Мирко Иванов - за
8. Илија Илоски - за
9. Делче Ицков - против
10. Никола Јованов - за
11. Весна Јовановска - против
12. Марика Јорданова - против
13. Назми Кадриу - против
14. Радомир Карангелески - воздржан
15. Жарко Караџоски - воздржан
16. Митко Киров - против
17. Лазар Китаноски - не е тука
18. Саво Климовски - воздржан
19. Стојан Ковачески - за
20. Ѓорѓи Котевски - против
21. Чедомир Краљевски - против
22. Илија Лазаров - против
23. Горанчо Лазов - против
24. Алириза Лога - за
25. Билал Љутфии - против
26. Васе Манчев - воздржан
27. Наталија Марковиќ Димова - воздржана
28. Ѓулистана Марковска - против
29. Диспина Марковска - против
30. Звонко Мирчески - за
31. Драган Митевски - за
32. Илинка Митрева - за

33. Кирил Настески - за
34. Рубенс Наумовски - воздржан
35. Горан Невеновски - не е тука
36. Латиф Пајкоски - за
37. Александар Пандов - воздржан
38. Ванчо Панчев - воздржан
39. Илија Пемов - против
40. Тито Петковски - за
41. Чедо Петров - не е тука
42. Томислав Петровски - за
43. Филип Петровски - не е тука
44. Азис Положани - за
45. Стојан Попов - воздржан
46. Љубомир Поповски - за
47. Никола Поповски - за
48. Илија Прангоски - за
49. Исмет Рамадани - не е тука
50. Љупче Ристески - против
51. Ненад Ристовски - за
52. Нано Ружин - не е тука
53. Илјаз Сабриу - не е тука
54. Аце Сајкоски - против
55.Аслан Селмани - воздржан
56. Борче Сибиновски - против
57. Вангел Симев - не е тука
58. Ристо Спанаков - воздржан
59. Крале Спанчевски - против
60. Ѓорѓи Спасов - за
61. Милан Ставрев - против
62. Наќе Стојановски - за
63. Томислав Стојановски - против
64. Воислав Стојаноски - против
65. Благој Стојковски - за
66. Златко Стојменов - за
67. Владо Сугаревски - воздржан
68. Оломан Сулејмани - за
69. Ризван Сулејмани - не е тука
70. Мухамед Таири - за
71. Александар Талевски - против
72. Мевљан Таири - воздржан
73. Митко Тилевски - не е тука
74. Ѓорѓи Тодоров - за
75. Ристо Тодоров - за
76 Павле Тодоровски - за
77. Панде Томов - воздржан
78. Коце Трајаноски - против
79. Горанчо Трајков - против
80. Танас Трајковски - не е тука
81. Александар Трпевски - против
82. Борислав Трповски - не е тука
83. Слободан Ќосев - не е тука
84. Илија Филиповски - за
85. Александар Флоровски - против
86. Илјаз Халими - воздржан
87. Благој Ханџиски - не е тука
88. Сејфедин Харуни - не е тука
89. Кастриот Хаџиреџа - воздржан
90. Бранко Црвенковски - не е тука
91. Миланчо Черкезов - за
92. Ванчо Чифлиганец - за
93. Арбен Џафери - не е тука
94. Хисни Шаќири - против
95. Шахиќ Алија - за
96. Радмила Шеќеринска - за

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници.

За гласале 42 пратеника, против гласале 32 пратеника, воздржано гласале 22 пратеника.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Седницата ја прекинувам.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,15 часот).